СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 април 1996 година

Скопје, април 1996 година

## II ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 42-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ,ОДРЖАНА НА 3.IV.1996 год.

Дискутанти:

1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД – 142
2. АБДИ ФАИК - 13, 20
3. БОЈКОВ ИВАН - 6, 10, 111, 157
4. БИЛАЛИ МЕРСЕЛ - 33, 35
5. ВИДИМЧЕ КИРЕ – 123
6. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 47, 76, 78, 80, 90.
7. ДИМОВ ЛАЗАР - 60, 61
8. КАРОВ ЗВОНКО – 143
9. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 3, 5, 11, 12, 150, 164
10. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 62, 71, 139, 158,1 64
11. МИХАЈЛОВСКИ БРАНИРОД - 134, 137
12. МИТРЕВА ИЛИНКА - 128, 129
13. МИНОВ ПАНЧО - 101, 103, 112, 113, 114.
14. НАСТОСКИ ДИМЧЕ - 71
15. ОСМАНИ РУФИ - 16,18,19,21,114,149.
16. ПЕТКОВСКИ ТИТО -1,2 ..(води седница)
17. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 92, 94
18. НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ - 8, 10, 144, 145, 161
19. ПАУНОВ ТОДОСИЈА - 23, 26, 131,1 33
20. РАМАДАНИ САЛИ - 67, 68, 70, 112
21. РАМАДАНИ ХИСЕН - 49, 51, 53, 147
22. РУЖИН НАНО - 46, 48, 67
23. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 82
24. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 2, 118, 119
25. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 122, 155
26. СПАСОВСКИ ВЛАДИМИР - 21
27. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 29, 74, 156
28. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦО - 32
29. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈА - 54-
30. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 85, 86, 109, 151, 154, 160
31. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 165
32. ХАСИПИ КЕНАН - 115
33. ФИЛИПОВСКИ БЛАГОЈА – 80, 91, 134
34. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ -113
35. ШАЌИРИ ХИСНИ - 36
36. ШАПУРИЌ ЗОРАН – 39, 44, 48.

Дневен ред:стр.1

-т.15.Предлог на Одлука за распуштање на Собранието на РМ,со Предл.на заклучоци. (гласање на 137с.)

-т.16. Предлог на Одлука за основање Анкетна ком.за истрагата на атентатот на Претсед. К.Г с.138-се повлекува одлуката

-т.17.-стр.165

-т.18.-стр.166

-т19.- стр166

-т.20-стр- 167

-ПРОДОЛЖУВА-

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 3 април 1996 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Марјан Начевски, Илинка Митрева, Стојан Андов, Љупчо Мешков и Николина Трајановска не известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Преминуваме на **15-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за распуштање на Собранието на Република Македонија, со предлог на заклучок.

Предлогот на одлуката и предлогот на заклучокот ви се доставени.

Согласно член 63 став 6 од Уставот на РМ, Собранието се распушта ако за тоа се изјасни мнозинството од вкупниот број пратеници.

Отворам општ претрес по одлуката и заклучокот.

Молам, кој бара збор.

Има збор г-динот Крстевски.

Се извинувам, г-дине Крстевски, г-динот Стојановски бара деловничка интервенција.

Има збор г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сигурно нема да барам одложување на седницата, бидејќи го немам тоа право, но ќе пренесам поздрави на граѓаните од Тетово и Гостивар и други места и длабокиот револт што од вчера преносите од овие седници одат по некоја нова шема од 13,30 часот. Поздравот е дека и онака проблемите со надокнадата за ТВ-преносите се минорни, ова ќе биде уште една шанса практично никој да не плаќа. телевизиски надоместок. Сметам дека во интерес на демократијата, во интерес на она што значи следење на овие седници и денешната седница и сите наредни седници задолжително да одат на прва или втора програма, никако на третата програма.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира, ова немаше многу заедничко со Деловникот, но ова е обврска на Македонската радио телевизија, патем да ја искористам оваа можност за овој проблем сум информиран и од дел од граѓаните и од Македонската телевизија дека денеска непречено ќе има пренос и се разбира од сега натаму.

Има збор г-динот Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, како што е познато при расправата за реконструкција и избор на новата Влада на РМ со кое, дефакто, престана да функционира Сојузот за Македонија, ЛП односно пратеничката група во Собранието ја најави иницијативата за распуштање на Собранието.

Потребата до распуштање на Собранието на РМ според нас се јави како потреба заради раскинување на изборната коалиција која беше составена од 3 партии од ЛП, СДСМ и Социјалистичката партија, на чија заедничка кандидациона листа беше кандидатот за претседател на РМ актуелниот Претседател г-дин Киро Глигоров. Според тоа, вкупно 88-те пратеници кои се изборија да станат парламентарци на изборите во декември 1994 година всушност ја добија легитимацијата затоа што беа на заедничка кандидациона листа.

Со овој предлог предлагаме всушност пратениците кои се избрани на заедничката листа да ја проверат односно повторно да се појават пред избирачите, бидејќи нивното кандидирање на тие избори беше потпишано и доставено до Републичката комисија со потписи на овластените партиски лидери на 3-те партии.

При гласан>ето, како што е познато, во декември 1994 година граѓаните не можеа да препознаат заради изборната коалиција кој пратеник од која партија е, бидејќи одевме под заедничкиот слоган под името "Сојуз за Македонија".

Да не зборувам за други аспекти на иницијативата кои можат да се врзат и за иницијативите за распишување референдум за предвремени избори, ние цениме дека оваа уставна одредба е најпогодна во овој момент да се искористи, тоа на одреден начин е рационален пристап,

бидејќи самиот референдум кој е очигледен по овие 200 илјади потписи би значел потврда на ставот да се оди на предвремени избори самиот, по себе чини и сметаме дека треба да ја поштедиме државата од еден дополнителен трошок.

За нови избори се залагаме и од една минимум политичка етика која би требало пратениците за одговорност во овој Парламент да ја имаат спрема своите избирачи со што би ги иницирале сите демократски механизми дека во РМ парламентаризмот опстојува само на база на јасно дефинирани изборни резултати и она што како критика на формирањето на новата Влада го акцептиравме, а тоа е дека Владата која се избра всушност не истапи ни со политичка платформа на новите коалициони партии ниту пак излезе со владина програма на база на која во наредниот период би требало да се владее во РМ. Затоа сметавме дека политички е одговорно од наша страна да ја понудиме оваа иницијатива да излеземе на нови избори и за да изборите не бидат оспорувани, како што велиме да бидат фер и чесни, предлагаме една динамика на активности кои ќе овозможат доволно време стручна и секаква активност на Собранието и на Владата во смисла на изготвување на поквалитетни изборни закони во кои посебно ги акцептираме потребата за донесување на законот за изборот на пратеници во Собранието на РМ, закон за избирачки списоци, закон за изборните единици и законот за граѓански иницијативи и референдумот.

Сметаме дека оваа материја е недоволно уредена и може да биде лош основ за постоечката регулатива за избори особено што веќе е време и не би постоело никакво политичко или било кое друго оправдување по донесениот закон за локалната самоуправа да не се исполни обврската на ова Собранието да ги распише и локалните избори.

Совпаѓањето на оваа наша иницијатива на одреден начин пак поаѓајќи од одредена економска логика на ЛП е тие да се одржат во време и на локалните избори што во многу би ги заштедило државните буџети за оваа намена и би било еден рационален пристап и демократски пристап во самиот чин на спроведуваше на истите.

Пратеничката група на ЛП во зависност од тоа каква ќе биде расправата овде на седницата и за што се определиле другите парламентарни групи ќе го одреди и односот за кои е веќе и при донесувањето на законот минатиот пат за референдумот го кажавме во однос на иницијативата која е во тек и која веќе доби некое право на граѓанство и во Собранието се спроведуваат активности. Мислам дека е ова најрационалниот пристап кој треба да биде како еден демократски чин и излез од целокупната состојба не обременувајќи ја оваа дискусија со елементи кои би биле одговор на пласираната теза дека не постои парламентарна криза и не постои владина криза, евидентно дека постои вкупна економска криза во Републиката која на одреден начин.... (дофрлување од место)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, немојте од место да дофрлувате, продолжете г-дине Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

За да биде билансот, бидејќи бевме заедно во Владата, бевме и претходно заедно, за да биде билансот многу чист и јасен, со кои премии и со кои состојби се презема власта и на база на кои изборни резултати

оваа работа всушност би била во прилог на сите политички субјекти во РМ и би ги отстранила хипотеките за негативниот тренд во вкупните економско - политички односи со сега се рефлектираат во РМ.

Да не образлагам за уставните основи и за деловничките одредби според кои ја поднесуваме иницијативата, мислам до сега од ни еден орган не е оспорено и би ги замолиле пратениците да гласаат за нашата иницијатива.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Бојков.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Господине претседателе, почитувани колеги и колешки, го анализирав образложението на иницијативата и навистина за мене е многу интересно. ЛП и пратениците на ЛП очигледно упорно и континуирано протежираат едно политикантско однесување, водење на дневна и краткорочна политика со краткорочни цели и со користеше на секој миг Парламентот да го искористам за свои маркетиншки цели.

Оваа иницијатива јас ја сфаќам дека е само користење на уште една таква прилика, бидејќи е очигледно дека и на давателите на иницијативата им е јасно дека нема никакви шанси да помине. Значи, свесно се оди на тоа, а мислам и убеден сум дека и подносителите на иницијативата очекуваат и посакуваат истата да не се прифати.

Ваква иницијатива е очекувана од било која опозициона партија, но најнелогично е тоа да дојде од ЛП, бидејќи до пред кратко време кога беа

позиција во Парламентот, кога имаа свои претставници во Владата, кога имаа претседател на Парламентот не им текнуваше за таква иницијатива, напротив беа големи противници, а сега без нив> во ваква позиција дури и државата е во опасност, тоа навистина за мене е голем апсурд, па си придаваат и такво значење дека дури и меѓународната позиција и угледот на Македонија се изгубени во оваа констелација на сила и односи.

Со иницијативата се оспорува легитимитетот на пратениците по распадот на Сојузот, а мислам дека приклонувајќи се на ставовите на вонпарламентарната опозиција дека целта на иницијативата е и оспорување на мандатот и легитимитетот на Претседателот на Републиката, бидејќи и тој беше кандидат на Сојузот. Таков е мојот впечаток.

Во последно време во јавноста се манипулираше дури и со мандатот на претседателот на Владата, се тврдеше дека мандатот му е даден како кандидат на сојузот што очигледно беше манипулација, бидејќи е дека евидентно е од известувањето на Претседателот на Републиката до претседателот на Собранието на РМ дека врз основа на член 84 алинеја 1 и во согласност со член 90 став 1 од Уставот на РМ и предлогот на СДСМ, а по обавентие консултации со раководството на политичките партии застапени со пратеници во новото Собрание на РМ, за мандатор за состав на Владата на РМ го определувам Бранко Црвенковски, претседател на СДСМ. Значи, евидентно се работи континуирано за манипулации. Во целиот овој период, а особено во последниот- непрестано слушаме колнење во Платформата на сојузот, во Претседателот, а истовремено се случуваше коалицираше со опозицијата во полно случаеви за да конечно се приклонат со сите свои

ставови во таа средина. Но, убеден сум дека и таму ги прифаќаат со огромна резерва и недоверба поради честото менување на желбите, ставовите и мислењата. Значи, очигледно е, барам аз мене, дека сето ова е свесен, но не добро пресметан маркетиншки трик и блеф пројден за сите и иницијативата ни е апсолутно неприфатлива, бидејќи јас и поголемиот број пратеници така се чувствуваме дека сме примиле мандат да за четири години ја реализираме Платформата, а таа е во тек на реализација, а од друга страна постои нормално функционирање' на законодавната, извршната и судската власт и самото раскинување на една коалиција без други предуслови никогаш и никаде не претставувало основа за распуштање на еден Парламент.

Споменатата минимум политичка етика на секој што се смета за нелегитимен му дава можност да постапи по своето уверување и етика и да даде оставка.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Никола Г. Поповски.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Претседателе, почитувани пратеници, ова е иницијатива која во нашиот Парламент се поднесува легално и легитимно. Тоа не е за никого спорно. Се разбира, за сите нас е спорно или не спорно дали е таа политички издржана. Тоа е сосема поинакво прашање.

Јас ќе се обидам да бидам краток како и воведничарот како и оној што ја образложи самата иницијатива многу кратко, мислам дека е ова навистина прикаска стара неколку века односно толку колку што е стара парламентарната демократија. Тие што се опозиција бараат нови избори, а тие што се во позиција бараат да си го одработат мандатот до крај.

Има уште една прикаска за двајца француски кралеви стара неколку века. Едниот е Луј XIV, кој е познат по изјавата "Државата тоа сум јас". Еден негов наследник кој исто така се викал Луј познат по уште една изјава: "После мене потоп". Имам впечаток дека првопотпишаниот на иницијативата за распуштање на Парламентот сака после 4 века да ги обедини овие два крала по славата во едно лице. Мислам дека оваа иницијатива е невистинита и дека поаѓа од политичкиот блеф. Доказ за тоа е уште една точка по оваа на дневен ред - формирање на анкетна комисија, поднесена од истите иницијатори. Некако ми е нелогично да се бара распуштање на Парламентот во рок од неколку месеци а во исто време да се бара формирање на анкетна комисија која ќе ја заврши работата за многу пократко отколку што легитимните органи не можеа да ја завршат работата за која тие иницираат.

II/1.-/ДВ/МЛ

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Што значи дека за една од овие две точки нема место. Или Анкетната комисија треба да се формира, или да се распушти Парламентот. Пуштањето на двете иницијативи од еднаш претставува, на некој начин алиби.

За тоа кој има легитимитет во овој Парламент, ќе го ценев она што е напишано во образложението од страна на подносителите, до колку во минатиот мандат тие исти подносители на сегашната иницијатива размислуваа исто така, па кога двајца пратеници од една опозициона политичка парламентарна партија и еден независен пратеник поминаа во нивните редови, тогаш да ги поканеа да си го проверат својот легитимитет на нови избори. Тие тоа го направија, си ги прифатија, а беа избрани на поинакви политички платформи, што значи денешната логика малку е сомнителна.

Исто така се прашувам зошто подносителите на оваа иницијатива толку брзо инсистираа да се претворат во вонпарламентарна опозиција. Дури мислам дека некои од подносителите, начинот на кој сакаат да изигравaат позиција е малку спорен. Така на пример јас со третопотпишаниот веднаш би се заменил во својата позиција и опозиција. Јас би бил опозиција со неговата положба, тој нека биде позиција со мојата положба.

Приказните дека, до колку овој Парламент се распушти, оние кои однадвор бараа избори и оние кои од внатре бараат избори, ќе формираат, тоа е логиката на политиката, една тропартитна, подобра Влада и подобро парламентарно мнозинство, досега не го докажаа, затоа што, според мене, таму каде што ја добија таа можност на пример во Скопје и во Прилеп, да владеат, едноставно не направија ништо. Таму градовите се нечисти, неосветлени, улиците не се ни закрпени туку се со

дупки и тн., депониите се несредени. Тоа го покажуваат тие што сега мислат дека овде можат да направат нешто подобро. Јас би сакал прво да видам дека во Скопје и во Прилеп тие партии нешто добро прават, затоа што таму е и полесно, на локално ниво.

На крајот уште една работа. Малку е чудно некој да повикува на создавање на биланси, сега кога се раздвои кој е позиција и опозиција, да се види што се направило. Не знам зошто имам впечаток дека Либералната партија и досега беше во опозиција. Какви биланси бара кога и досега инсистираат дека не учествуваат во Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господино Крстевски бара реплика.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Претседателот нека не се труди да биде многу вицкаст.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Еве не се трудам, ветувам.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Јас би ве замолил затоа што не ве личи, јас ве познавам и во друго својство. Тоа како прво.

Второ, господине Никола Поповски, еве јавно изјавувам дека поднесувам оставка директор на Јавното претпријатие за Аеродром и денес од оваа седница ќе ја поднесам до Владата, имате шанса да са ставите на располагање (аплауз).

Сте задоволни? (Да).

Има и други што се задоволни.

II/3.-

Со тоа расчистивме?

Второ, мислам дека демагогијата веќе ви е минато, дека во настапите нема да се служите со тоа.

Ако е легитимна, прво викате дека е легитимна иницијативата, што тогаш освен вашиот поинаков став сакате овде да предизвикате. Не ми е јасно.

Анкетната комисија. Ќе дојдеме и на таа точка. И од таа, карикатура правите во собраниската активност.

Многу е јасно, ако се држите до тоа што сакате да го кажете дека е ова парламентаризам. Многу ќе ви биде јасно дека заедно сме излегле на избори и дека промената настанува од оној момент кога ние овде се раздвојуваме по основ на учество во Владата. Ние бевме на заедничка изборна листа и вие не можете, колку и да сакате да убедувате некого, не можете да убедите дека гласачите денес можеме да ги разврстаме според поддршката по партии. И ние сме дошле во овој Парламент со поддршка на гласови од Социјалистичката партија и Социјалдемократскиот сојуз и вие сте дошле тука со поддршка на гласовите од Либералната партија. Тоа е јасно како бел ден за гласачите. Вие не сакате да го прифатите како факт и причина за распуштање, гласајте против тоа. Меѓутоа, во овој Парламент седиме со вкупно 400 илјади гласа. Во овој Парламент се дојдени 200 илјади гласа за нови избори. Тоа е директно спротивно од она што ние го ветувавме во изборната програма и во тоа каде ќе ја водиме Македонија и ако имаме политичко слепило по основ на тоа прашање, може да го имаме, без разлика дали е тоа демагогија или не е. Ако е обезбедена процедура во оваа држава и се почитува уставното начело да може да се распишат предвремени избори, тогаш ние ќе одиме на избори, а ако вас не ви е рационален пристап она што е само уставно допуштено во рамките на

Собранието да гласаме за таква работа, туку сакате да играте дрил со граѓаните, па влегувале во куќи, па не знам што правеле и тн., тоа е еден друг однос, тој држете го вие. Ние како политичка партија имаме друг стил и не ни делете лекции во тој дел. Нема потреба да ни делите лекции.

И минатиот пат, демагогијата ваша се состои во тоа, што од кога беше избрана Владата во сите разговори, ве посочувам како пример кој овде изрече реченица за мостови и тн., денеска ви е, Стојан Андов ќе ги обединел Напалеон и не знам уште кого тамо го спомнавте. Правите од себе карикатура, не од Стојан Андов. Стојан Андов го направи моралниот чин што требаше да го направи, го направи во ова Собрание и нема ништо од тоа што вие сакате да го инпутирате. Губите вие, не Стојан Андов. Јас кратко образложив, никого не навредив, наведов елементи што за нас беа. Вие одите на лични пресметки и тн., па одете, нема зошто да не одите. Нема зошто да не одите. Меѓутоа таа ароганција нема да ве" води никаде, да знаете.

Ако после изборот на Владата воспоставивме некои нормални односи на расправа, дијалог, одлуките се носат со гласање и тн., зошто имате потреба тоа да го нарушите. Зошто имате потреба тоа да го нарушите?

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници. Осеќам голема должност, се осеќам задолжен да излезам на оваа говорница и да кажам неколку збора по оваа точка, зошто ова е жешка тема, зошто изгледа не можеме да мислиме малку подалеку и што се случило пред две, три, четири и пет години овде во оваа сала, што е тоа Македонија,

II/5.-

до каде е дојдена Македонија, до каде сме задолжени, дека влеговме во сите меѓународни инстанци, дека сите патиш- та ни беа закрчени, дека сега лека полека се отвораат, дека ние ги изгубивме муштериите, тие што ги купуваа нашите производи, па лека полека мора да ги повратиме назад, дека владее една голема сиромаштија, една голема социјална тензија, дека имаме и 300 и повеќе илјади без работи луѓе, дека имаме разни оговарања, дека се краде, пљачка и тн., дека некој преку ноќ се богати.

Јас ќе ви кажам една вистина, бидејќи ме викаа на повеќе радио и ТВ станици. Бев во Титов Велес на телевизија "Заркин" и после еден час разговор со најавувачката, на темата прашања и одговори, еден човек, веројатно припаѓа на една партија, прашува вака "Би го прашал господинот Абди, тие 120 апаши, на чело со не знам кој таму, малку реагираше девојчето таму што водеше, јас реков нека си зборува човекот, како најдоа пари за ова за она, а не оставија на цедило".Јас реков вака."Чудна работа е како Сојузот за Македонија најде толку пари да ги спроведе изборите, плати платена политичка програма на радио и на ТВ,да оди во секој град со митинзи и тн.". Меѓутоа во исто време јас пак се прашувам како тоа го направија уште две други партии, да речеме ВМРО-ДПМНЕ, како го направи тоа Демократскатапџартија. Дали тие се такви какви што не нарековте нас. Мислам дека есапите што сте ги направиле меѓу вас, вие со СДС, Либерална партија и Социјалистичка партија, иако сега испаднаа во некое друго светло, јас верувам дека целата работа можеби ќе беше поинаква ако бевме малку попаметни, и извинете ми, не викам дека сте ненормални. Меѓутоа, ако повеќе размислувате дека треба да издржите, нема да цркнете, никој нема да умре од таа мака четири години и да се ангажирате и да ја изведеме барем на еден подобар пат Република Македонија и тие граѓани што немаат лебче, што не- маат лебче.

II/6.-

Јас се согласувам да го распуштиме Парламентот, ама да не трошиме ништо. Сите тие пари колку што потрошивме за изборите 1994 година, толку пари најдеме и да им дадеме на сиромаштијата. Тогаш сосема подруга ќе биде ситуацијата. Што мислите, избори биваат без пари, без плакати, без агитација. Не бива без тоа, или толку е богата Република Македонија што ќе може сега да троши не знам колку.

Морам да ви признам овде дека лично за мене, за мојата партија распуштањето на Парламентот би било добра прилика. Ние научивме од вас како да се понашаме веќе. Ова е вистина. Сега сме двајца а после, ако не повеќе барем тројца ќе бидеме, барем еден повеќе. Меѓутоа, јас викам дека Република Македонија нема сили и би биле неправични спрема Република Македонија, оваа држава што сакаме да ја ставиме на здрави нозе и лека полека тие да речам цементирани нозе да не се скршат и да може Република Македонија и нашите внучиња понатаму да го осетат благодетот од она што се создаде во Република Македонија. Па ние имавме најголеми расправии овде, во оваа сала, со друга партија, со која не можевме да наидеме на разбирање. Секој ден се бараше оставка на премиерот, оставка на претседателот на државата, оставка на Парламентот, на министрите. Пак ли да се доведеме до тоа. Ова народот го слуша, ова е срамота за сите нас. Да ви кажам, народот ако не повеќе, ама 90% гласаше во име на господинот Киро Глигоров, зошто и по улици кога одеа таму со коли и кренати застави, велеа кој не гласа за мене е против политиката на Киро Глигоров. Не дека го исплашија народот, народот го сака него, заради тоа немојте достоинството да си го изгубиме и да направиме. нешто што не треба. Инаку, ви биле крајно небулозни.

II/7.-

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани колеги, јас ќе дадам еден свој осврт на овој предлог, само од друг агол. Инаку пред да ја почнам својата дискусија, само ќе полемизирам малку со господинот Фаик од аспект на цената на изборите.

Мислам дека предлагачот во тој момент добро го има предвидено и планира тоа да се изведе заедно со локалните избори. Значи тука немаме дупли трошоци. Од тој аспект мислам дека предлагачот, таа техника на изведување на оваа операција ја има лоцирано од временски аспект таман тогаш кога треба да имаме избори.

Инаку причините за распуштање на овој собраниски состав по наше размислување се многубројни и далеку посодржајни од образложението на предлагачот на оваа одлука.

Либералната идеја која по суштина значи живот со многу разлики, како културни,лингвистички, религиски, економски, цивилизациски, сходно на реалноста во Македонија, перманентно се игнорира, дејуре и дефакто и од актуелната власт, првенствено и од овој Парламент, додека од Либералната партија како предлагач на оваа одлука воопшто не се спомнува образложението на оваа одлука, факт кој фрла сенка врз предлогот на предлагачот.

Наместо овој дом да биде дом кој ќе репродуцира правни норми, кој ќе рефлектира духовна, културна, етничка и верска толеранција, развитокот на човековите права и слободи, демократски институции во кои различните интереси ќе се изразат и усогласат, напротив овој дом ќе се забележи како дом во кој спротивно на изнесеното се наметнуваше преку гласачката машинерија на мнозинството од левата алијанса од сите бои.

Сведувајќи ја демократијата само во почитување на процедурата, во голема мера овој собраниски состав ја дискредитира демократијата

сведувајќи ја истата само во квази демократија, не водејќи притоа сметка за последиците кои ги остава ваквиот производ.

Централизацијата и унификацијата до граници на апсурд продолжи во континуитет и во овој собраниски состав преку законските проекти кои се донесоа во овој временски период и сето тоа во име на државата, сфаќајќи ја листата само по теркот на левата идеологија, не водејќи притоа елементарна сметка за различните интереси на субјектите кои ја сочинуваат оваа држава.

Мотивот со кој се водеше и се води актуелната власт, овој Парламент се состои во следното: или државата ќе биде централистичка само со македонски обележја, по теркот на властодржсците, или воопшто нема да постои и сето тоа со цел да се совладаат внатрешни- те етнички, културни, јазични, економски и други разлики и специфичните интереси на различитите слоеви и етничките групи.

Концептот на унитаристичката држава наспроти плуралната реалност како концепт е конфликтен и секој пат ќе претставува непресушен извор на недоразбирања и потенцијални тензии на мејруетнички и друг план. Ваквата конфликтуозност на овие два концепта од самиот почеток на осамостојување на Македонија, ја прави истата нестабилна, а во оваа нестабилност овој Парламент ќе има забележително место во негативна смисла на зборот. Значи, прашањето на уставно правното редефинирање на државата останува отворено и се лажат сите тие кои мислат дека тоа прашање е затворено со постоечкиот Устав на Република Македонија.

Албанското прашање во Македонија наполно се занемари и игнорираше од овој состав, на жалост, со помош на модернираните албански политички претставници.

Случајот со тетовскиот универзитет претставува школски пример на кулминација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам за тишина. Оставете го говорникот да зборува.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Ова е мое видување на Предлогот за распуштање на Парламентот и имам право да го изнесам.

Господине претседателе би ве замолил, ако се волни пратениците да ме слушаат, да не испаѓа да се обраќам само на јавноста.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам за вниамние.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Случајот со тетовскиот универзитет претставува школски пример на кулминација на службената игноранска политика на актуелната власт, вклучувајќи го во тие рамки овој Парламент кој албанските барања. Овој состав на Парламентот ја имаше шансата да го направи историскиот исчекор во хармонизација на овие два контрадикторни концепти за уредување на државата, со што ќе дадеше најголем придонес во долгорочната стабилност на Македонија како најпрфитабилна инвестиција, бидејќи во нестабилните региони со друго е нестабилно и непрофитабилно.

Идентификацијата, односно претворањето на Парламентот во послушен сервис на егзекутивата ќе се евидентира како еден од најнегативните белези на овој дом.

**РУФИ ОСМАНИ:** (продолжение)

Успешно завршената акција на вонпарламентарните партии, со собирањето на над 150 илјади потписи, за референдум за предвремени избори, дефинитивно политички го обезличи овој парламент. Крајно е време да заврши туторството на мнозинството во овој домен, кое мнозинство претставува моментално едвај 25% од изборното тело во Македонија. Значи дефакто имаме туторство на претставниците на малцинството како резултат на изборните закони кои ги режираше токму оваа власт од времето на Бившиот режим. Прифаќањето на оваа одлука ќе отвори можност, да може би после 50 години владеење на комунистите и неокомунистите по прв пат Македонија да се здобие со Парламент со некомунистичко мнозинство, редно е левата идеологија да си замине во историја. Доста и беше полувековно владеење.

Познавајќи ја менталната структура на овој Парламент и водејќи се од принципот дека не постои ни теоретска шанса да се рас- пушти овој состав во име на Парламентарната група на ПДП -А и НДП , му предлагам на предлагачот после оваа седница , договорно пратениците на двете парламентарни групи , значи на пратеничката група на ПДПА и на пратеничката група на Либералната група да поднесат оставка. Самобендисаното и нарцисоидно левичарско мнозинство, редно е да го оставиме само со себе да ја заврши започнатата изборна фарса.

Прифаќањето на оваа алтернатива ќе значи сериозност на предлагачот по ова прашање а спротивното ќе се карактеризира како политички влог за еднократна употреба. Значи нашата парламентарна група ја прифаќа одлуката за распуштање на Парламентот и ќе гласа за.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-дин Фаик Абди.

III/2

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници ми беше спомнато името и како да не знам што се тоа локални а што се тоа на ниво на Република избори и колкави се трошоците и дали се обезбедени или не се обезбедени и тн. Сакам да ви кажам нешто, ако знаеме точно колку не чинеа изборите на пратеници во РМ, ако го знаеме законот за избор на пратеници и колку одделна нација може да даде, колку месечни плати да издвои на една партија за да се спроведат избори. Овие локалните се локални, меѓутоа ќе створиме еден таков голем смут и локални и Собраниски избори, што не ќе знаеме каде се наоѓаме.

Она другото дали ќе треба да се состанат некои партии да се договорат и сл. ние имаме едно старо барање и од други партии, за тоа да се обединат, па кој ќе тегне на исток, кој на запад, кој на север, кој на југ, кој наваму кој натаму имаме голема пракса од тој маштап, меѓутоа, Македонија си останува на своето место како Македонија.

За она друго прашање дали комунистите владеат или не, сигурно оваа Македонија ќе треба да почека едно 50 или 60 години и повеќе , за што во секој од нас што сме овде , еден добар дел се изјаснуваат дека не се комунисти или не се од тој сој, мислам од таа партија дека не биле таму и сл. барем една десетина или една половина па дури и еден промил, внатре има нешто од тоа во крвта. Затоа ќе треба многу да чекаме додека дојде нова генерација, па тогаш тие ќе читаат приказни за нас, што било и како било. А, сега ние да измениме, ма немојте зашто секој има деца роднини, курири, чистачи стражари. Тоа е тоа. Тоа е денеска реалност. Меѓутоа, за да можеме да ги измениме односите кон се она што сакаме да го создадеме како. држава да не биде, не боже Чеченија, Босна и Херцеговина, јас живеев во друга земја, отидов да живеам во Австралија, проучувајќи ја ситуацијата со американецот и русинот, престорјката, реков готово е демократија. Меѓутоа, со таа

демократија се вратија и павеличевци и лотичевци и рубниковци, белогардејци и четници и усташи и се ., Па ве молам, мислам дека редот во државата треба да се запази. Јас не велам дека тие што се вон парламентот дека се против државата. Не. Тие едно време беа овде дури им се даваше да бидат и мандатори меѓутоа да се води држава не е лесна работа. Во овие моменти кога Македонија се наоѓаше и се наоѓа во тешка ситуација, тие што се зафатија да направат Влада и тие само може да бидат добри херои во РМ, да ја задржат Македонија, и покрај што знаеја дека ќе бидат извикани дека народот ќе страда дека нема да има пораст на индустриското производство, дека ќе има пад и тренд на општествениот производ, и покрај сето тоа се зафатија за да створат држава, да опстане државата. И затоа треба да им се честита, а да не се вика по нив. Се прашувам ако некој други биле овде место нас, тие ли ќе направеа подобро нешто , со што, со кого? Па, тоа е срамота да се каже.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Османи, за реплика.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Само кратко, ништо ново нема од г-дин Абди за да се направи што е квалитетна реплика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Спасовски.

**ВЛАДИМИР СПАСОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и колеги пратеници, мислам дека денеска темата е , барем за мене тема за демократските процеси во Македонија. За мене оваа иницијатива на Либералната партија е .во контекст на развој на демократските процеси во Македонија мислам дека сите вие овде, без оглед на која страна се напаѓате би требало сите демократски процеси и иницијативи да ги поддржиме. Некој

рече дека државата е во опасност, стопанството или културата е во опасност. Јас мислам дека пополека навлегува и демократијата доаѓа во опасност. Зошто? Мислам дека сите ние овде пратеници треба или Парламентот треба да има една таква критична маса, демократски расположени пратеници кои сите, според мене, демократски процеси и иницијативи ќе ги поддржат.

Иницијативата што беше од граѓаните за собирање на 150.000 потписи, напоменувам од граѓаните е покрената и што на некој начин е завршена ја сметам како некој развој на демократски процес, да овозможиме граѓаните слободно Да ја изразат својата желба. Ние сме тука тие желби да ги поддржиме на некој начин. Исто така оваа иницијатива оди во таа насока, ние како Собрание да се изјасниме за нови парламентарни избори. Јас не се впуштам да ја дуплирам дискусија^та за тоа од кога ние сме станале опозиција и дали сега имаме право на таа база да расправаме. Сметам дека со нашето изјаснуваме само ќе ги подраблочиме и ќе кажеме на граѓаните и надвор од ова Собрание дека ги поддржува демократските процеси на граѓаните и дека овој парламент навистина е демократски ориентиран, практично и сите ние, независно сега, како бивша коалиција или сега позиција - опозиција, се залагаме за демократија. Ние сите од почетокот и за време на изборите се залагавме за демократија. Тоа е најважно прашање.

Јас исто така би се задржал на оценката за краткорочноста на политиката на Либералната партија. Ние како ЛП имаме своја програ-. ма, имаме свои насоки за дејствување на партијата и тие се познати на јавноста. Мислам дека не се потребни лекции дали нашата програма е краткорочна а дали пак на позицијата програмата е таква за да владее со години и да биде еден народ или една партија. Мислам дека тоа е право на секоја партија во својот развој, во развојот на демократските процеси да има свои ставови.

III/5

Беше дадена и оценка за тоа со кого ние би коалицирале, на некој начин одвивања, некои видовити особини, со кого Либералната парија би коалицирала. Мислам дека тоа е шпекулација. Впрочем, ако толку се располага со видовитост, тогаш може да се оцени дали сега треба да кажеме да или не за изборите, ако сте сигурни дека ќе ја имаме власта, тогаш треба да гласаме за оваа иницијатива.

На крај би апелирал до сите вас, оваа иницијатива да ја поддржите зошто мислам дека со ова само ќе ги развиеме демократските процеси во Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Тодосија Паунов:

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господин претседателе, дами и господа, одлуката што е денеска на дневен ред за распуштање на овој парламент, мислам дека треба многу повеќе да ја образложиме од она што беше кажано во образложението во самата одлука.- Ваквото барање и Предлогот за донесување на оваа одлука, мислам базира на два факта. Прво, да ги најдеме погодите што се за оваа одлука, а второ причините за ваквата одлука. Поводот за ваквата одлука може да се каже, колку што јас можам да согледам и сознаам дека е прво анализата што требаше да ја даде Владата за изминатиот мандат и за едногодишниот. мандат после изборот на Владата, во која анализа да се видеа проблемите и тешкотиите што ги имаше РМ. Тие беа многу огромни, големи. На некој начин да се изнесеа и да баравме решенија за тие проблеми што ни се создадоа во изминатото.

Само накратко, законот за приватизација, не успеавме да најдеме методологија и начин како и на кој начин да приватизираме. Претпријатијата што беа загубари и оние 25 исто така не успеаа. Понатаму ги доведовме работните субјекти, работните организации со

технолошки вишок, стечајни работници, односно капацитетите тотално не работат. Огромни финансиски загуби. Граници затворени. Сите не сакаат, кажуваат како демократските процеси во Македонија живеат, како се задоволни од приватизацијата вс5 РМ, во општествениот имот, пренесување на некој начин во приватна сопственост, презадоволни дека тоа така се одвива. Меѓутоа, кој како се врати, се затвори границата, не не пуштаат, се воведоа визи, нашите граѓани да не можат да патуваат ни приватно ни службено. Јас тоа прашање го поставив како пратеничко ,но за одговорот ќе зборуваме друг пат. Така да сакам да го сведам вниманието на стопанските капацитети што не работат. Тука е клучот, тука е проблемот. Ако работат, работниците ќе имаат плата, државата ќе има пари, на некој начин состојбите ќе бидат санирани.

Второто е програма после реконструкција на Владата никој немаше да биде противел. Не тоа заборавам, да го кажам и тоа и првиот и вториот и третиот случај беше дадено на мандаторот г-динот Бранко Црвенковски да формира Влада како тој што ќе каже, заради тоа тој е носи одговорноста. И немаше тука никакви дилеми, му беа дадени одврзани раце. Така тој формира Влада. Јас мислам исто така и овие кадри што ги имаме врвни и добри кадри е тоа. Сега, дали кадрите ќе ја затаат работата во понатамошниот процес на развојот на стопанството и демократските односи во Републиката или ќе бидат затаени, или пак ќе ни се наложува надворешната политика, ќе го видиме тоа малку подоцна.

И како второ ни се рече дека партијата не носи одговорност за состојбите. Да се вратиме и досега, која партија во светот носела одговорност па и наша овде. И кој во нашата Република досега носеше одговорност за состојбите. На секој начин партијата се извлекува, а граѓаните го плаќаат цехот.

III/7

Понатаму како трета причина е изборната кампања која беше. Морам јас да признам, затоа што во тоа имаше еден страв дали ќе добиеме или не и дека на некој начин треба да се добијат изборите направивме сојуз. За сојузот сите бевме солидарни, а потпишаа нашите лидери. Потпишаа, се одржа промоција и се кажа многу убаво и добро. Го памтат граѓаните тој чин каков беше. Меѓутоа , се распушта сојузот, а дали е тоа сега еднострanчиво или не, зошто јас не го признавам распуштањето на сојузот. Не може така. Нема распуштање, чекајте, ние сме ги изневериле граѓаните, Граѓаните гласаа и комунисти, и социјалдемократи и социјалисти и ВМРО-ци и демократи, гласаа за Теодосија Паунов, сметајќи дека еве ќе биде подбра иднината. Сега излегува јас да сум ги изневерил. Исто така излегува дека Сојузот ги изневерел граѓаните на некој начин, па јавноста треба да знае и повод и причини, зашто и кога и со таа дата престанува. Али , треба некој да седне, некој кворум. Ј ас тој не сум бил кога преговаравме, кога се потпишавме, не сум бил, но од потписниците оној кворум да седне, да ги расчисти работите и да каже еве од денеска па натаму Сојузот се распаѓа. Меѓутоа, со распаѓањето на Сојузот , за тоа факт Уставниот суд би требало да реши дали изборите се легални, дали се исправни или има некој проблеми затоа што потписници од три партии , а сега излегува кандидат на либералната партија, односно пратеник од една, од две исклучен, и прашањето дали е сега пратеник или не. Тоа се поводите, али причините се многу поголеми, многу потешки. Причини се прво што не работи стопанството. Ние рековме приватизација. Законот за приватизација се донесе, се дополни, меѓутоа , ми се чини дека се тоа не е направено .

IV/1 ЈМ/СЛ

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:(**продолжение)

Ние донесовме закон, за приватизација, односно не закон за приватизација, туку закон за престанок на работење на стопанските организации, на стопанските субјекти од општествена сопственост. Јас тоа го кажав милион години поминале, уште милион години ќе поминат таква конфискација и национализација на граѓаните кои го створиле тој имот не е направена и не може да се направи. Мислам дека треба да се најдат други решенија граѓанинот да биде богат, тој ќе плаќа данок, државата ќе биде богата. Меѓутоа, на граѓанинот ние му одземаме заради тоа што го оставаме на улица, го оставаме вон процесот на производството. Погледнете колку имавме вработени во времето кога дојдовме за пратеници, колку имаме денеска. Само тој факт колку имаме стечајни работници, колку имаме технолошки вишок, а колкава е гардата на невработените.

Дали и натаму треба да школуваме високостручни кадри, или на кога некој начин да престанеме имаме од сите струки невработени. Издвојуваме средства, школуваме, даваме на факултетите, припремаме кадар, а за кого? Не за нашето стопанство, затоа што нема место во нашето стопанство, затоа што не створивме услови во нашето стопанство, младите стручни кадри својата способност да ја покажат во нашето производство, ние тоа не го овозможуваме. Значи погледнете во сите сфери во стопанството, индустријата, земјоделието, трговијата, занаетчиството, градежништвото, сообраќајот, се парализирани, не можат да работат. Тука се најголемите причини. Понатаму ја гледаме финансиската состојба воопшто во Република Македонија каква ни е, од ден на ден таа се намалува, се помалку и помалку. Зошто е тоа? Заради неработење, заради немање на средства да се обезбедат за потребите

на јавните служби и заради тоа не се извршуваат задачите од јавните служби онака како би требало. Ако погледнеме инфлацијата, мислам дека на овој Парламент и Влада, па и посебно на Народната банка треба да се даде признание затоа што можеше на некој начин денарот спрема девизните средства, спрема доларот, односно спрема марката да се задржи курсот на едно ниво, една прилично висока стабилизација во тој однос, меѓутоа, во другиот однос кога, како и на кој начин да се обезбедат и толку средства, значи не е тоа адекватно на она што треба заради тоа што извозните организации губат огромни средства, а немаат премија за извозот што се извезува, извезуваат по низок курс па прават и загуби во супстанцата, а каде се личните доходи и другите трошоци. Така што денеска гледаме каков ни е платниот систем. Јас се залагав неколку пати да се донесат потребните закони, каков што е Законот за платите. За сите корисници од Буџетот треба да се донесе Законот за плати. Не се покренува таква иницијатива се уште. На кого тоа му одговара? Се уште од 1989 година каков бил платниот систем, а тогаш знаеме дека беа тие општински, општината ги обезбедуваше средствата и така тие критериуми останаа . До денеска немаме критериум за распределба на плати во државните служби и во другите јавни служби. Гледаме од ден на ден дека се покажуваат комуналните услуги. Право има Република , кој? Право има општина, кој од општина. Меѓутоа граѓаните плаќаат. Дојде време да не можат да плаќаат, дојде време да се исклучуваат за вода, струја, заради тоа што не зеле личен доход 12 месеци и 18 месеци. Немаат средства, нема .од каде да платат. Има и други работи што треба да се набројат, меѓутоа, не сакам да ги замарам пратениците, ќе скратам. Но, сакам да кажам дека овие се причините. Либералната

партија се осеќа можеби со своето работење не одговорила на сите задачи кои што биле, затоа што многубројни предлози на амандмани, информации, закони се предлагаа, а не се усвојуваа, па на крајот мораше да се гласа за законите, мораше да се гласа за информациите, за другите одлуки да се гласа. Зошто? Предлогот не е прифатен, меѓутоа, со законот има празнини, но мислејќи дека тие во текот на работењето ќе се видат, па ќе се потргнат тие празнини кои што не одговараат тие одредби, меѓутоа, без закон не бива и е уште полошо. Сто добри работи за пет што не се добри не смееме да дозволиме да не гласаме за законот. Мора да се донесе. Стварањето на македонската држава е еден и од условите да ги има сите овие закони кои што се наброени во Уставот да се донесат. Но ние имаме се уште такви закони кои што не се донесени. Еве од овие причини мислам дека одлуката е оправдана и треба да гласаме за неа, да не се плашиме. Сигурно вие квалитетните, вие добрите пратеници, вие што сте учиниле во изминатото за стварањето на Република Македонија, не мислам на Либералите, мислам на сите , само јас се исклучувам, додека сите вас повторно ќе ве изберат, не треба да се плашиме од тоа . Меѓутоа, мислам дека ќе биде многу подобро ќе удоволиме едно барање на граѓаните и што ќе може побрзо, поефикасно ова барање на некој начин реши.

Инаку гледаме каква ни е надворешната политика. Нашата стока не ја примаат, не ни даваат визи, не можеме да бидеме присутни на тие пазари, не можеме да пренесеме стока, Европската заедница еве ќе не прима, меѓутоа, нека каже кога, рокови нека каже. Меѓутоа нема. Но, јас и понатаму се осеќам не како позиција советник на претседателот на

Собранието, советник на Владата. Јас до тој ден се што ќе дознаам, се што можам јас ќе предлагам мислејќи добронамерно, со добра намера да се подобрат состојбите, работите, не лично за мене, за граѓаните и натаму ќе настапувам и натаму јас инсистирам Владата да направи анализа на изминатото работење, да се видат пропустите, не мислам на грешките, далеку од тоа, само да се видат каде се пропустите, каде да се сврти вниманието, кои се тековни работи за денес, кои за утре, кои за една година, кои за пет години. И да се направи програма со рокови и таа да биде јавно објавена да знаат граѓаните кога во кои рок ќе бидат решени работите. Ние можеби на некој начин пензионерите ги заведовме малку, кажавме дека за Сојузот треба, најголемите активисти беа пензионерите што учинаа за Сојузот да се гласа, меѓутоа, не им се исплатија две, односно една пензија и заостанаа односно, имаат ниски пензии, го немаат оној социјален додаток, така што животот на пензионерите им е доста отежнат. Меѓутоа, јас сепак имам нада дека би требало да се санира состојбата со пензионерите

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, пред се би сакал да кажам дека со покренувањето на оваа иницијатива не би требало да има некакви жустри , или би рекол жешки реакции од страна на колегите од опозицијата од аспект што право е на една партија која е во опозиција во еден Парламент да се бори со одредени иницијативи за своите политички ставови во Парламентот. Сметам дека е крајно некоректно и би рекол неавторитетно од аспект на дигнитетот и нашиот авторитет како пратеници да си дозволиме да напаѓаме одредени личности од опозицијата и конкретно нашиот претседател на Партијата г-динот Андов, сметајќи дека на тако начин н со таква дисквалификација

практично сами себе си правиме дисквалификација, па потоа на одредени личности и сметам дека г-динот Андов заслужил и ќе заслужи доста и ќе работи на ова политичко поднебје. Сметам дека би требало покоректно да се однесуваме на говорницата.

Во однос на иницијативата, реков дека политичко право и политички метод на една партија во секој парламент како опозиција да дава свои иницијативи и да се бори за одредени свои ставови политички и да ги промовира на тој начин. Оваа наша иницијатива не е ништо ново во други европски парламенти, па и светски би рекол, веројатно ние поради тоа што не знаеме што е опозиција се уште, или учиме сите заедно како треба опозицијата и позицијата да се однесува во еден парламент и го сфаќаме секој на свој начин, но веројатно и дота емотивно. Но суштината на оваа иницијатива е следнава и таа се базира на следната теза. Имено, легитимитетот на тие 88 пратеници кои беа избрани од името на Сојузот за Македонија практично наше мислење како партија и политички став дека не постои. Зошто? Од едноставна причина затоа што сите ние 88 пратеници кои бевме предложени во кампањата како кандидати заеднички на Сојузот за Македонија бевме предложени да има некаков договор, некаква платформа која требаше да се реализира во текот на наредниве четири години и практично на сите изборни ливчиња стоеше името на сите три партии на СДС, ЛП, и СП. Што значи сите ние како кандидати заеднички на Сојузот, практично бевме промовирани како кандидати на коалицијата која треба во овој Парламент да се бори и за платформата која ја донесовме заедно и на која што требаше да опстоиме овие четири години. Но што се случи?

IV/6.-

Со формирањето на таканаречената реконструирана Влада, односно, нова Влада би рекол, Сојузот практично се распадна, односно логично и опстојувањето на платформата на Сојузот беше доведена во прашање бидејќи навистина прашање е дали двете останати партии во коалиција со други партии кои не беа во таа коалиција на Сојузот за Македонија е спремна и способна да продолжи со работата на таа Платформа, односно да продолжи на задачите на таа Платформа на Сојузот за Македонија. Наше легитимно право би рекол и чесно како пратеници е да пред јавноста дадеме до знаење дека тој легитимитет кој сме го имале во тоа време треба да го провериме од едноставни причини што сега практично тој Сојуз не постои, таа коалиција е практично распадната што значи во било кој друг состав, во било која друга конфигурација на политичките снаги во овој момент треба граѓанството да се изјасни дали навистина ние како пратеници избрани од Сојузот за Македонија се уште сме тие кои треба да ја реализираат програмата , или Платформата на Сојузот. Сметам дека ова е чесна задача и сметам дека е и коректна и на овој начин ние учиме како треба да се однесуваме во една парламентарна демократија во една ситуација кога навистина имаме опозиција и позиција и кога треба на некој начин да дадеме основни постулати гледајќи ги другите парламенти во Европа и во светот како треба да се однесуваме понатаму во нашиот Парламент. Јас немам задача сега да делам лекции од аспект на парламентаризмот, меѓутоа, основна задача е и теза на ова барање иницијатива е да се провери легитимитетот на тие 88 пратеници кои беа избрани од Сојузот за Македонија. Сметам дека изјаснувањето за и против практично ќе значи пред јавноста потврдување дали секој од нас стои позади. Сојузот или не стои, односно, дали е спремен да продолжи да работи на

платформата и на коалицијата за Сојузот на Македонија, или не. Од друг аспект слушнавме овде додатни епитети посебно од господинот Османи, очигледно дека се труди некои либерални идеи да ги совлада и ги учи , тоа е добро. Само јас би спомнал дека Либералната партија има три основни постулати од кои првиот постулат е изградбата и борбата за граѓанското општество каде што секој граѓанин без разлика на вероисповест, на националност, на пол итн., има исти права пред општеството и иста одговорност. Вториот постулат е борбата за пазарна економија, а третиот е индивидуата и неговите права и слободи. Затоа велам со нашето гласање овде да ја докажеме својата чесност пред избирачите , легитимност и на тој начин да докажеме дека сме спремни да го потврдиме својот легитимитет пред избирачите кои не бирале, односно сме спремни и понатаму да ја спроведеме програмата , односно платформата на Сојузот за Македонија.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Предлог одлуката за распуштање на Собранието на РМ е доставена од страна на предлагачите. Нејзиното образложение и потписите ги разгледав и сметам дека вака доставени од аспект на Уставот се во ред. Меѓутоа, од самото образложение може не двосмислено да се види дека не се работи ниту за криза во државата, ниту во нејзините институции, а најмалку во законодавната власт. Предлагачите во образложението се задржуваат исклучиво на голи политички фрази во кои настапуваат исклучиво од аспект на постоење, или непостоење на Сојузот за Македонија и се повикуваат на наводната излажаност на бирачите. Се

прашувам како пратеник, кои ги излажа бирачите и кој во мандатниот период од четири години нема да ја спроведува плат- формата на Сојузот за Македонија. Дали ние што останавме во Сојузот ја преземавме одговорноста, или оние што излегоа од Сојузот? Сакам да напоменам дека во извонредно тешките услови во кои се наоѓаше и се наоѓа нашата држава сепак можеме да кажеме и за позитивните резултати од досегашната работа на Парламентот и Владата, пред се на меѓународен план каде Македонија со крупни чекори оди напред како самостоен субјект во меѓународната заедница и отпочнува процесот на асоцирање во Европската Унија. Исто така, од показателите од првите два месеца на внатрешен план во економијата после долгогодишен негативен тренд отпочнува раст на индустриското производство, се одвиваат повеќе инвестициони зафати на разни инфраструктурни објекти и системи. Со добивањето на меѓународните кредити ќе се отпочне со финансирање на мали и средни претпријатија во кои ќе има нови вработувања.

На крајот сакам да напоменам дека со сите овие акции и иницијативи може само да се изгуби во време и да се забави чекорот(. А тоа од искуство го знаеме, во минатото секој пат скапо сме го плаќале. Од сето ова наведено јас ќе гласам против донесувањето на одлуката за распуштање на Собранието.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници сосема е нормално и право е на секого да предлага, да покрене иницијативи да бара одредени постапки кои се однесуваат во Парламентот, па и за распуштање на Парламентот и во тоа јас ништо не гледам трагично, туку

напротив гледам позитивно, едноставно од причина што сепак ние ги научивме парламентарните лекции, односно, се развива парламентарната култура и се. Тука ние сме затоа што се претпоставува дека така мисли мнозинството од граѓаните кое гласа, што не значи дека тие така и секогаш ќе мислат, па и затоа и постои четиригодишен мандат да се провери дали тие граѓани исто мислат и понатаму, или го имаат изменето своето мислење. Меѓутоа, мислам дека некои индикации длабоко ме натераа да се сомневам во намерата на предлагачот дека навистина и се посакува тоа што е предложено во предлогот.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:** (продолжение)

Ние сме сега во фаза на трансформација. За да докажат дека не е така како што велам јас, сметам дека има начин. Ќе кон- статирам дека бараwето е искрено ако барателот и поддржувачите на барателот тука поднесат оставка на функцијата пратеник, како што чини г-динот Крстевски по функцијата директот на Аеродромот, тогаш ќе имаат право да бараат и од нас другите да поднесеме оставка Ако тоа не го сториме, тоа ќе има политички реперкусии, сигурен сум дека овој Парламент не може да функционира без 36 пратеници, не од причина што го немаме мнозинството, туку тоа има политичка тежина. Јас тогаш ќе верувам дека сето ова се прави од интерес на граѓаните, а не за политички маркетинг.

Тука морам да изнесам три работи.

Прво, основно правило на секоја парламентарна демократија на секаде во Светот е дека вонредни парламентарни избори се одржуваат ако Владата го нема парламентарното мнозинство. Поинаку овие настојувања имаат револуционерен мирис по мое мислење и се спротивни со еволутивните определби и промени за кои се разлагање, што е основна определба на предлагачот, партијата на предлагачот.

Второ, ако не го прави ова предлагачот за политички маркетинг туку сметаат дека го прават во интерес на граѓаните, мора да се каже дека референдумите и евентуалните нови избори е не чинат многу скапо. Со тие пари можат да се отворат илјадници работни места и можат да се решаваат многу социјални прашања кои предизвикуваат и политички центри. Изгледа дека ова  е нема земено предвид, туку не се бираат средства да се дојде на власт. Мислам дека се во право некои што констатираат дека овој Парламент наликува на театар каде некој глуми одредена улога. Јас не сум сигурен дека некој добил мандат да биде тука

за да глуми, дури за тоа нема морално право. Ако некој сака да глуми, веројатно тука имаме толку многу театри и филмски продуценти, па може да оди таму.

Основно правило на секоја парламентарна демократија е почитување на демократските стандарди, на постапката, почитување на правилата на игра. Ако легализираме револуционаризам во нашите односи, тогаш јас сум сигурен дека секоја година ние ќе имаме избор и практично и фактички ќе го суспендираме Уставот кој предвидува четиригодишен мандат. Тоа мислам дека катастрофа и за граѓаните и за демократијата и за економијата.

Трето, за ПДП изборите можат да се одржат само при услови на промени на законите, особено на Законот за изборни единици бидејќи сегашниот закон е катастрофален за таа партија и национална заедница, кога е мнозинство гласач на таа партија..

На крајот, зачудува една работа и секој би го поставил прашањето како наеднаш ништо не чини, а до вчера чинеше. според мене, одамна некои работи не чинат и тука според мое мислење позицијата сериозно треба да се преиспита.

Нашиот став е непроменет, а и тоа е тесно поврзано со донесувањето на законот за високо образование, со кој би требало да се решава прашањето за образование на мајчин јазик.

**ТИТО ПЕТКОВОКИ:**

има збор г-динот лисни Шакири

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Г-дине претседатеале, господа пратеници, Предлог одлуката за распуштање на Парламентот на РМ со Предлог заклучокот како иницијатива јас го подржувам и ќе гласам за.

Но да напомнам дека моето определување за изгласување на Предлог одлуката нема ништо заедничко со образложението што го изнесе како причина за распуштање на Парламентот предлагачите на Либералната партија. Бидејќи ние не сме имале никаква врска со Сојузот и токму од вакви причини нашите мотиви за распуштање на Парламентот се од друга природа и претставуваат израз на нашето незадоволство со процедурата на донесување на многубројните закони без да се почитуваат интересите на албанските претставници во овој законодавен дом. Ние како пратеничка група во опозиција од почетокот на конституирање на овој Парламент не сме се согласиле со начинот на работење на овој законодавен дом. Нашата пратеничка група тоа го изразила преку најавените дискусии од говорницата на овој Парламент сето тоа што беше во доменот на нашето незадоволство, но за жал сите наши барања и предлози беа отфрлени со аргументите на сила преку механизмот на надгласување кој во овој Дом стана како стара практика од поранешниот систем.

Од таквото досегашно екстремно однесување на овој Парламент и оваа Влада кон нашето албанско прашање и блокирање на многу иницијативи кои имале карактер на сожителство, се разбира врз принципот на рамноправност, бидејќи терминот сожителство јас го разбирам како рамка на рамноправните народи и врз овие принципи создавање на заедничка држава, бидејќи друга алтернатива јас не гледам, а токму за вакви работи не покажале ни социјал демократите ни либералите. Јас би рекол иницијативата на либералите е добра и би била многу ефикасна кога и за некои други проблеми во образложението би се разговарало.

Јас од либералите не очекувам многу бидејќи во првото конституирање на Владата јасен беше нивниот став зошто не гласаа за

V/4.-

Владата, бидејќи екс министерот Илјаз Сабриу потпишал во документот за формирање на Универзитетот. Таквото изнесување на либералите за мене беше многу ниско. Секоја организација во овој Парламент, во оваа држава треба да има во Програмата две важни работи: прво, да се занимаваа со проблемот на албанците, исто така и со проблемите кои се во сферата на стопанството. Но јас не гледам такво расположение ни ка либералите ни кај социјалдемократите. Се разбира, со овој проблем никој досега не сакал да се занимава. А стабилноста на оваа држава многу зависи од решавањето на статусот на албанците. Секој умен човек, секој паметен човек тоа треба да го разбере. Доколку не го разбере, да знаете господо дека Македонија ќе се соочи со многу други проблеми, бидејќи секогаш разговараме за заедничка држава, а ако сакаме заедничка држава, тоа може да се гради со заедничко живеење, а тоа заедничко живеење може само со рамноправен статус на сите граѓани, особено на албанците.

Токму од овие причини би било многу покорисно во овие времиња да се распишат нови избори, бидејќи оваа политичка власт јас ја сметам како исцрпена материја, со изгубена доверба кај граѓаните. Граѓаните всушност не ви сметаат за демократска власт. Ова не се случило за овој краток период од новото реконструирање на Владата од почетокот на работењето на овој Парламент. Меѓутоа, јас го сметам како неопходна потреба во РМ да дојдат нови сили на власт со нови идеи и менталитет, доколку има. Меѓутоа, и на оваа работа јас сум донекаде скептик бидејќи во овие услови во овие времиња тешко да се најдат такви сили кои навистина ќе се залагаат за една мирна држава. Бидејќи новите сили ќе имаат прилика за создавање нова политичка клима, доколку тоа го сакаат за граѓаните на оваа држава и ќе се залагаат за граѓанскиот концепт на државата,сили кои ќе се залагаат за едно подемократско

V/5.-

општество, кои ќе бидат гаранција за сите национални интереси и правата на сите национални колективитети. Во спротивност, с©. овие наведени критериуми би претставувал тотална изолација од демократските процеси и водење на земјата кон минатото. Токму од овие направени грешки и пропусти што ги имала досега оваа власт, јас мислам дека е ред да се распушти овој Парламент, да се распишат предвремени избори, нека дојдат други луѓе со друг менталитет. Ми се чини дека тоа би било корисно и за вас г-до и за сите нас што сме тука како опозиција. Навистина е тешко да се испушти власта, но политичката клима што во моментот преовладува во РМ како неопходен услов тоа го барам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, пред месец и повеќе кога се бираше нова Влада еден голем дел од пратениците од Социјалдемократскиот сојуз изјавија дека очекуваат одењето на Либералната пратија и Пратеничката група во опозиција дека ќе донесе една свежина во Парламентот, ќе го раздвижи зачмаениот Парламент бидејќи тие сами така изјавуваат и дека ќе дојде до борба и спротивставување на мислења, до нови идеи и до развој на демократијата во РМ, што ќе придонесе и за натамошни парламенти, односно и за натамошно изградување на парламентарна практика. Но зачудува, покрај тие изјави што дел од пратениците на СДС, не сите, реагираат остро, нервозно на една иницијатива, која како што беше кажано и од самите пратеници е апсолутно легитимна, апсолутно во ред во уставна процедура дадена, не е јасно од каде толкава нервоза, толкав револт од каде толкав гнев према пратениците од Либералната партија и спрема Либералната партија. Имено, се работи за една нормална

демократски дадена иницијатива. Таа иницијатива е дадена и секој има право на своја вистина и секоја партија и пратеничка група - јас се извинувам што спомнувам партии, бидејќи цело време се зборуваше за партии па дури беа спомнати и вонпрарламентарни партии, така што тие немаат пратенички групи и оттаму темата дозволува да се спомнуваат и партиите. Така оваа наша иницијатива беше дадена - најпрвин сакам да одговорам дека не истовремено, истовремено се најде на седница, дополнително е уврстена на дневен ред поради тоа што немавме две недели седница, инаку, нашата иницијатива е дадена одделно со иницијативата за основање на анкетна комисија.

Ова што го нуди пратеничката група на Либерална партија и Либералната партија е еден нејзин поглед на кој што таа има демократско право. Тоа е наша вистина која што ја нудиме, бидејќи тоа беше и пред јавноста и пред Парламентот и на вас почитувани колеги пратеници. Апсолутна вистина, апсолутна догма не постои, секој има право на своја вистина, на свои аргументи. На крајот од оваа расправа да гласа за оваа иницијатива или против. Ние тоа право никому не го оспоруваме ниту било кој од досегашните пратеници дискутанти на Либералната партија не го направи. Оттаму сметам дека нема потреба од оваа нервоза, а најмалку потреба од навреди, бидејќи беше спомнат и досегашниот претседател на Собранието г-динот Стојан Андов, директно или индиректно, меѓутоа беше спомнат во една многу негативна и не знам од каде таа толку лоша конотација а до пред некој ден исто така голем дел од сите пратеници, не само од СДС, Социјалистичка партија и Либерална партија изјавуваат дека со неговата досегашна работа се многу задоволни и дека се работи за еден човек кој буквално заедно, бидејќи во составот на овој Парламент се голем број кој беа во изминатиот период, да се работи за еден човек и една личност, една

фигура која учествуваше во изградба, се разбира со другите субјекти, на оваа наша суверена и независна држава Република Македонија.

Што се однесува до тоа дали тоа е блеф или не е блеф или маркетинг, нашата иницијатива е сосема искрена, ја нудиме на гласање. Со самото тоа доколку добие 61 глас, јасно е дека не е блеф, ние ќе гласаме за, не се работи за никаков блеф или маркетиншки потег бидејќи доколку добие мнозинство, таа ќе биде усвоен, а право е на секој пратеник и на секоја пратеничка група како ќе гласа.

За некој маркетинг не може да се зборува бидејќи знаеме дека во последно време нашата држава телевизија ги пренесува на прва, втора и трета програмите, а знаеме дека во Скопје некаде околу 50% ја следат третата програма, а камоли во РМ, така што дека е некоја голема шанса Парламентот да биде политички маркетинг не станува збор, а тоа е очигледно од извештаите што се прават, а и од начинот на преносите.

Што се однесува до некои коалицирања кои беа спомнати, мене не ми е познато ниту на било кој од Либералната партија дека Либералната партија на државно ниво досега коалицирала, освен она што го направила во Сојузот за Македонија,за кој што некои тврдат дека не постои, меѓутоа, јасно е дека тој по наше видување е еднострано раскинат, дури и претставниците на СДС и некои други партии кои беља во Сојузот сами изјавуваат дека тој Сојуз не постои, така што мислам дека таа дилема веќе е разрешена и не можеме да кажеме дека некој постои, а по наше видување тој е еднострано раскинат и по' наше видување не сносиме вина.

Што се однесува до други коалицирања, јас мислам дека треба да се прави разлика помеѓу коалицирање на државно ниво и локално ниво.

Јас одговорно изјавувам дека досега Либералната партија односно пратениците немало никакви коалицирања, освен оние кои беа на претходните избори,а постои голема разлика меѓу коалицирања на локално ниво, каде се решаваат едни сосема други прашања и коалицирања на државно ниво. Беше спомнат Прилеп. Јас исто така можат одговорно да тврдам и да се провери дека Либералната партија никогаш не била на власт, условно кажано, ако може да се каже за власт во локалната самоуправа дека е власт, во Прилеп, па така ниту имала некој функционер или некое коалицирање и не знам од каде е спомнат проблемот Прилеп, а за самите тие коалицирања тие се сосема на поинаков начин поставени. Знаеме, најновата коалиција покажува во Битола каде што се на општинско локално ниво Либерална партија, ВМРО ДПМН и Социјал демократскиот сојуз, така што мислам дека не е место - ова е само како кратка реплика овде да зборуваме за тоа, и покрај тоа што ние имаме мнозински парламентарен систем, што значи дека секој избирач си има своја изборна единица и треба да се бори за неа и локални проблеми. Но мислам дека на г-динот кој што го спомна тоа не му беше умесно, бидејќи не се работеше за негова изборна единица.

Што се однесува до обвинувањата дека сме биле против Владата и дека сме го оспорувале, ние изборот на Влада го оспорувавме од многу причини кои беа изнесени, да не ги повторувам, меѓутоа, поради правната непрецизност во Уставот ние не ни покренавме уставен спор. Тоа го покренаа некои други групи граѓани, се покажа дали е во право, мое мислење е дека Уставниот суд во конкретниот случај поради оваа правна празнина, како и онаа со Законот за референдум ќе се огласи едноставно ненадлежен, бидејќи тоа се политички работи и оттаму не би требало пречесто да го мешаме овој Уставен суд на оваа говорница бидејќи јасни се надлежностите на Уставниот суд кој пред се кои се

правата и слободите на граѓаните и ги цени уставноста на законите виза ви Уставот и законитоста и уставноста на општите акти виза ви Уставот и законот. Така да го мешаме Уставниот суд во политичка работа не е умешно според мене. Политички не може, меѓутоа правно не е издржано и тоа ќе се покаже за голем дел од овие расправи што се воделе кај надлежниот Уставен суд, самата практика ќе покаже дека тој не е надлежен, бидејќи тој не може да навлегува во политички работи. Сите овие работи се работа на политичките органи, односно на Парламентот.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:(**Продолжение)

Оттаму, не би требало премногу да одиме. Што се однесува до билансите и до тоа, јас мислам дека тие биланси министрите од Либералната партија, покрај тоа што некој велеше дека се експерти, ние никогаш не сме ги сметале за експерти и не би повторувал, бидејќи неколку пати сме го кажале, министрите од Либералната парија барале расчистување со покренување на одредени иницијативи на Владата, а таму се разбира, беа малцинство, односно не можеа да дојдат до тие идеи, веројатно и од таму дојде до сето ова.

Инаку, право на секоја пратеничка група, на секој пратеник е да поднесува. Што би значело тоа дали има шанси или нема шанси некоја иницијатива. Дали тоа значи дека ние треба да држиме еден Парламент, претходно да се договориме, па да видиме имаме обезбедено 61 глас? Имаме. Да. Во ред, ќе оди иницијативата. Ако немаме 61 глас се е бадијала, се е попусто. Тоа би значело дека опозицијата, односно јас би рекол оние што се миналиизирани во Парламентот, имаме и независни пратеници многу мали и помали пратенички групи од Либералната партија без разлика дали се во опозиција или позиција, не би требало да поднесуваат некои иницијативи. Тоа е нивно право и мислам би било опасно да биде се обезбедено некое претходно мнозинство.

За самите причини, бидејќи беше доста кажано, јас многу не би зборувал меѓутоа само би ги напомнал некои анкети кои укажуваат дека огромен број на граѓани се определиле од кои причини за овие кандидати, пак е дека според резултатите од Државната изборна комисија кое што ова Собрание го усвои 88 пратеници беа кандидирани, се разбира повеќе. Меѓутоа, тие се избрани и во званичниот извештај на Државната изборна комисија стои дека 88 пратеници кои се избрани беа

повеќе избрани како кандидати на три партии со потписи на тројца овластени лица од трите партии, тоа се СДСМ, ЛП и Социјалистичка партија, велам и по овој редослед беа пријавувајќи бидејќи така беше направен договор во таа изборна односно предизборна коалиција. Така, по мое мислење и по мислење на мојата пратеничка група граѓаните не ги интересираше за кој кандидат гласаат туку дека гласаат за трите партии, односно тогашната изборна коалиција Сојуз за Македонија која што чиј компонент несомнено беше спомнав и претседателот Киро Глигоров. Но, исто така треба да го имаме предвид фактот дека сите овие три партии добија, без разлика дали како заеднички кандидати, бидејќи имаше некаде околу 450 до 460 илјади гласа, а претседателот Киро Глигоров доби 700 илјади гласа. Така што оваа иницијатива воопшто не задира некој што се обиде да спомне дека иницијативата го опфаќа, тој си е избран легитимно на непосредни избори и самиот тој факт кажува дека сите ние пратеници на три партии било на заедничка листа, било на посебна, бидејќи имаше и посебна го добивме со многу помалку гласови можеби за 50 или 60% отколку што го доби претседателскиот кандидат на Сојузот на Македонија односно на нашите три партии. Оттаму сметам дека оваа наша иницијатива што никој не ја оспорува е сосема легитимна, а право на секој пратеник е да се изјасни секоја пратеничка група да гласа по своја совест. Таа е во секој случај ве уверувам дадена со искрени намери, а тоа може да се потврди со нашето гласање, а резултатите од гласањето ќе кажат кој ќе биде епилогот. Она што се напоменува какви ќе бидат постапките, доколку се усвои или не, потоа ќе се расправа бидејќи ние не знаеме дали ќе биде оваа наша иницијатива усвоена или не. Тоа ќе видиме после гласањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа, пристапот кон политиката и политичкото познава дава аспекти, евидентни. Тоа се идеалистички, еден реалистички, меѓутоа ние денеска откриваме уште еден, а тоа е еден наивен аспект. Зошто го велам тоа? Пред се, според идеалистичкото гледање и тука има повеќе толкувања, едно она сталинистичко знаете, се е убаво, се функционира, меѓутоа има едно идеалистичко каде што изгледа власта се сваќа исто како јунаците од Фејдо секој на секого жената му ја отстапуваше без да размислува дали воопшто тоа е реално. Сите се прават како да не постои нешто што се вика власт, моќ, и дека како сите не се заинтересирани, меѓутоа еве ајде пак ќе ви ја предадеме власта или не. Тоа е едно идеалистичко и неприфатливо толкување на политиката, веројатно, единствено во некоја утопија, или држава наречена утопија, или пак во авторитарните системи. Меѓутоа, она што е реалистичен пристап, тој поаѓа од еден факт, целта на политиката е да се освои власта и таа да се задржи. А целта на опозицијата е да ја освои таа власт и тоа на изборите. Денеска, за мене, не се работи за распуштање или не распуштање на Парламентот туку се работи за логиката на политичката утакмица, на политичката борба. Основна цел на секоја политичка утакмица, на секоја политичка борба, како што знаете учествува играчот наречен политичар, е да ја задржи односно да ја освои власта. Односно ако е по можност дури да го отстрани својот политички ривал што подалеку од власта. Политиката не признава етика и таа не познава етика. Политиката признава само политичка култура односно ниво на политичка култура. Нема добри, всушност, во политиката. Сите знаеме многу дефиниции за политика. Една вели политиката е уметност за освојување на власта, друг вели политиката е онаа вулгарната теза ја знаете, не сакам да ја кажам пред јавноста,а третата вели дека политиката е чување на власта.

Според тоа, акцијата на Либералната партија и воопшто на некои вонпарламентарни партии спаѓа во нешто што се вика наивен пристап во политиката. Зошто го велам тоа? Па, мислам дека наивниот пристап во политиката да се алудира на советот на етика дека некој ќе ви ја пушти власта, дека ќе се организираат повторни избори не постои во ниту еден парламент на денешницата. Денеска се знае дека, на пример, дури и да се прифати тоа, би било смешно, бидејќи нема време. Денеска во Франција следните локални избори ќе се одржат 1998 година и тоа кон крајот на годината. Луѓето веќе се подготвуваат за тоа. Сега одеднаш иницијатива за собирање на потписи Па, мислам дека сепак тука има рационални луѓе кои размислуваат прво, дека тоа е наивно да се верува и второ, дека тоа е тешко да се ефектуира. Трета работа никој не ја брани опозицијата да бара нови избори и распушташе на Парламентот. Тоа е нејзината програма, тоа е функц јата на секоја опозиција. Инаку не е опозиција.

Господинот Шапуриќ истакна ќе стане Парламентот интересен. Мислам дека Парламентот стана интересен. Јас бев еден од оние што се залага за тоа. Од денеска значи би бил политички дилетантизами за мојата партија, а и за сериозноста на државата, прво да се прифати нешто што денеска се вика распуштање на Парламентот и прифаќање нови избори, или пак сериозноста на државата се става под знак на прашање, ако секој собир 150 илјади потписи, па следниве ќе кажат,епа штом под претпоставка да се распишат, па едни ги загубат изборите, е па сега ние ќе бараме 150 илјади потписи за да видиме дали пак....итн. Или пак една трета теза, на пример сега ние да распишеме, па 150 •илјади потписи па да бараме граѓани кои што се против изборите.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Или 50 години нема избори.

**НАНО РУЖИН:**

Тоа спаѓа во доменот на политичката култура, господине.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам немојте од место.

**НАНО РУЖИН:**

Ако веќе Либералната партија бара нешто што се вика, што се дефинира како распуштање на Парламентот и нови избори, таа требала кога влегувала во коалиција фино да го регулира со својот коалиционен партнер и тогаш можеби ќе размислувавме за некој етички аспект да каже еве во документот каде што се потпишавме, доколку вие не истерате или си одиме во опозиција, тогаш ние ќе бараме нови избори, вие ќе пристанете. Меѓутоа и тоа пак спаѓа во наивното, бидејќи и тоа пак не обврзува стопостотно дека посилната партија ќе прифати.

На крајот, мислам дека акцијата на Либералите барем ја дефинира како една сериозна опозиција, меѓутоа да се верува дека таа ќе успее е една наивна работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Шапуриќ реплика.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас немам намера да давам реплика во некоја негативна конотација, само сакам мала исправка, бидејќи бев спомнат. Јас не .реков дека Парламентот ќе стане или бил интересен. Јас само цитирав дека некои од пратениците кога се формираше влада од СДС напоменаа дека Парламентот ќе биде поинтересен, подинамичен и тн.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Хисен Рамадани има збор.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, доста размислував дали да се излезе на трибина, бидејќи се повеќе се носам со чувство дека се помалку имаме трпение да се сослушаме на трибината и мислам дека сите идеме со одредени предубедувања за кои веќе нема за што ниту да се мисли, ниту да се слуша другата страна. Но, сепак мислам дека ова денеска е премногу одговорна тема и јас се одлучив само кратко да кажам неколку збора.

Прво, мислам дека околу тоа вие најдобро бившиот состав на Сојузот знае дали постои, колку постои и што останува од Сојузот, мене не ми е дадено да се мешам во тоа. Меѓутоа, од она што можам логички да судам е дека може и да се брани дека Сојузот односно елементи од него гледано како платформа изборна останува, може да се брани и може да се негира тоа. Зависи од која гледна точка ќе му се помине. Затоа што во процесот на гласање ги имаше двата елементи. И елементот на тоа дека тоа чини една политичка платформа, со една изборна листа од најголемиот дел на кандидатите. Но, и во секоја листа беше нагласена припадникот на партијата на која му припаѓа кандидатот. Според тоа, тоа може да се брани. Меѓутоа, има еден друг факт што верувам дека нема да ми замерите ако тоа го кажам јавно тука, што и двете страни денес доволно не го нагласуваат. Сепак, целиот мандат на трите партии во Сојузот, делумниот, да не кажам дост; голем дел од легалитетот го има со фактот на вклучување во тој сојуз претседателот на Републиката господин Киро Глигоров. И дека тој факт мора да се спомне и денес и кога се предлага смена на Парламентот, односно негова оставка, и кога се бара одбрана негова, односно негово продолжување.

Да кажам уште нешто што можеби не правам добро спрема претседателот што ќе го кажам јавно, но јас би сакал, а би бил посигурен

да се определам доколку досега во оваа меѓувреме ќе бев отслушал едно мислење на претседателот на Републиката за политичката состојба во Републиката по настаните во врска со формирањето на Владата инаку што е негово право, не викам обврска, право според Уставот повремено на Собранието своето мислење го изнесе. Мислам дека не ќе грешам, веројатно и нема да ми замери господинот претседател што јавно ќе кажам дека би било добро во ова меѓувреме една таква јавна општа проценка за состојбите политичка во Републиката и еве да кажам и овие не многу не важни не се наивни овие работи што сега ги работиме, под наводници сега ова работиме, не се наивни за сега и за утре на Републиката односно на сите нас тука. Според тоа може да се брани и да се оспори, меѓутоа, вклучувајќи го и овој факт кој што го спомнав.

Што се однесува до самата иницијатива, јас не зборам за легалитетот,се разбира дека таа е илегална и има право. Мене ме изненадуваат две други работи. Јас кажав и при реконструкцијата на Владата дека очекував оваа вака силна,влијателна сега опозиција парламентарна, најпрво себе и нас сите други не провери со алтернативите за општествените теченија во Републиката во стопанството, во политиката, мислам во сите сфери на животот.

Основната задача на секоја опозиција, прво себе не во декомпозиција веднаш на самата власт и на самата конституција, да кажеме на елементот и на власта и законодавна и извршна, туку пред се на алтернативите кои што нудат нешто друго, ново, понапредно и во полза на другите. Мислам дека тоа право требаше оваа наша опозиција да го искористи, за да ние сите од тоа нешто научевме, но и малку да се разбудевме, а и на самата јавност на некој начин нас не сфатеше посериозно тука дека двете компоненти на Парламентот ги разигруваме така за да бидат во Функција на двете конституции на столбови на

плуралниот систем. Затоа сега мислам ме изненадува значи целата сега наша, мене па и себе се ставам во таа функција ние сме во Парламентот само за да бидеме во извршната власт. Не сме во извршна власт, не ни треба парламент. Мислам дека тоа не е добро.

И уште нешто, тоа е индикативно не само за овој случај и не само за оваа иницијатива, но индикативна е оставката на мојот инаку многу почитуван колега Крстевски. Замислете сега како јас тоа го доживеав, можеби тој така не го доживува. Бидејќи не е во извршна власт, не треба да биде на врвно место на јавна институција од јавен интерес, односно на јавната институција. Значи, ние сиот живот се го партизираме според тоа како се наоѓаме во извршната власт. Сега треба професорите на факултетите да дадат оставка и да не вулгаризирам. Јас таа филозофија не ја прифаќам. Од ова место јавно нагласувам дека во Републиката граѓаните треба да не притиснат да не го партизираме целиот живот во Републиката и него не го сведуваме кој е и кој не е во извршната власт. Всушност на господинот Ружин само да му кажам сите дефиниции што ги наведе за Републиката се веќе застарени. Дефиницијата најмодерна за таа наука е, ако е онолку колку е, колку е наука.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се извинувам дефиниција за политиката, нели не за Републиката.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

За политиката реков, ако реков за Република се извинувам. Значи, тоа е пред се вештина за управување со општествени работи во полза на најголемиот дел на граѓаните. Тоа е дефиницијата. Затоа и гласаме, затоа идат и затоа мнозинството владее. Тоа е вештина на политиката.

Второ, дека извршната власт не е само партиска власт. Таа воедно е и општ репрезент на општеството, бидејќи ја носи одговорноста, како и секоја друга и ние како парламентарна власт и онаа друга како судска

власт. Без тоа повеќе нема современи цивилизирани општества. Така што, мислам дека ние таа одговорност ја носиме сеедно дали биле во еден дел на механизмите на власта на едната или на другата страна.

Трето, што значи иницијативата, еве сега да кажам, бидејќи некој се ангажира околу тоа во врска со политиката, националностите албанците.

VII/1 РД/ПН

**ХИСЕН РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Јас сум свесен и сигурно сум кажал овде многу пати се уште најголемиот дел или голем дел од теченијата во регулирањето на општествените односи во правниот систем, се уште преовладуваат и преоптоварени сме со националниот концепт на државата. Секоја оптовареност носи кон одредени облици на националистичко регулирање на некои односи. Ние се уште далеку сме од тоа да разбереме дека градиме, ама навистина граѓанска држава во полна смисла на зборот. Се уште доминираат од една страна министичкиот поглед на унитарната држава, а од друга страна некој облик на биполарност на државата, односно бинационална држава. Мислам дека двата аспекта можат да не водат кон одредени конфликти кои што немаат разрешување барем за овој момент, ниту во светот за такво нешто има разбирање. Барем како што се оди. Јас на Бреженски најновата негова теорија не ја прифаќам дека 21-от век ќе биде век на национализмот. Ако биде тоа, тотална војна не ни гине, а оваа тотална војна е дефакто, ликвидирање на планетата. Затоа нека ми извини господинот, знам дека располага со многу институции и институти, но тоа исто така е еден блеф идеолошки. Јас кога би бил сигурен дек силите кои ќе дојдат, по растурањето на овој парламент ќе бидат такви дека за оваа граѓанска опција ќе бидат целосно определени, повеќе отколку што се овие сега, јас веднаш би гласал за тоа. Меѓутоа, какви се програмите на силите кои идат, евентуално ако би дошло. Јас колку што можам да ги ценам тие се уште поестремни и уште подесно мислам во смисла^на-меѓунационалните односи и уште се понегаторски за интересите на Албанците во Македонија. Освен ако не мислиме ако тоа што е полошо е подобро. Јас таа концепција исто така мислам дека не е во полза и дека

не во интерес. На крајот само една реченица треба да водиме сметка за секоја одлука во овој момент што ја направивме, бидејќи светот будно не следи. Односите што овде се манифестираат веднаш се рефлектираат. Интересно колку веднаш се рефлектира. Не знам дали потполно ќе го кажам но не треба да изгубиме од вид дека еден висок функционер од висока европска институција овде ни кажа на наша забелешка нешто да не се менувало во Европската заедница во врска со Македонија, бидејќи некои работи се забавуваат, побавно идат, рече во Европска заедница ништо не се променило, но нешто се менува во Македонија. Мислам дека тоа нешто треба да го имаме секогаш предвид кога предлагаме одлуки кои што на некој начин ја одразуваат состојбата во позитивни или во негативна смисла во Републиката.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас ќе почнам со една дискусија од еден мој претходен колега кој рече дека во Македонија се случи демократија и навистина се случи демократија, а и добро е што таа демократија ни се случи во Парламентот, бидејќи во сите демократски држави во светот имаме позиција и опозиција и тоа позиција и опозиција во Парламентот, а ние едно време мора да признаеме имавме опозиција во Влада, незамисливо за демократските држави што денеска егзистираат во светот. Добро е што таа демократија се случи во Парламентот и оваа иницијатива на пратеничката. група на Либералите ја сфаќам како многу исправна и во духот на демократијата, иницијатива утврдена со позитивните законски процеси на оваа наша

држава преку која се гарантира правото меѓутоа се дава и можност секој да си го преиспита и својот мандат добиен од граѓаните, без разлика дали е тоа од пратеничка група на Либерали, или е од пратеничка група на СДСМ, или е од другите пратенички групи. Сите имаме право да побараме да си го преиспитаме мандатот, дали како група или како поединци и повторно да видиме дали граѓаните беа за нас или не се, или дали имаме доверба. Меѓутоа, мора да кажам дека како човек не-прифаќам една работа мнозинството во Парламентот да се распушти Парламентот, бидејќи сега по искажување Сојузот е растурен за мене, сојузот си постои и сега со наша одлука да им го земеме и правото на некои пратеници кои не беа во коалиција во изборите. Ние во Парламентот не сме само Либерали, социјалисти и СДС. Имаме и други пратенички партии кои добија свој мандат кај граѓаните. Од таа причина не се согласувам со едно вакво донесување на одлука а преиспитувањето е нормална работа. Исто така не се согласувам со некои дискусии дека новите избори ќе чинат, нема да чинат, дека ќе чинат ќе чинат. Малку или многу пари, ќе чинат. Дали ќе бидат тоа локални или нема да бидат со локални, ќе чинат, затоа што не е сеедно одење во локални или одење со републички избори од многу причини за кои не треба овде да елаборирам, и не треба да кажувам дали сега тие пари треба да ги дадеме на граѓаните, како некои се изрази на сиромасите или социјални или да одиме во избори. Ако е тоа во прашање секогаш гласам за избори. Бидејќи цената на демократијата не постои. Мора да постои демократија и ако е тоа мора да се оди во избори. Меѓутоа, морам да кажам дека лично нема да сум за донесување на ваква одлука од следни причини. Ние денеска треба да донесеме

да го распуштиме Парламентот на 15 септември. Од утре без разлика

што сакале ние овде да правиме, ЕПП и нешто друго, од утре сите политички партии одат во предизборна кампања, одат да го анимираат гласачкото тело за да победиме, бидејќи и самата иницијатива покажува дека воглавно е борба за власт. Да добиеме пратенички места повеќе и да влеземе во власта, а не е борба за да направиме подобро за нашиот граѓанин. Ако направиме подобро да живее нашиот граѓанин тогаш мора да поставиме неколку прашања пред нас. Значи ли донесување одлука за распуштање на Парламентот застој во процесите кои се одвиваат околу Македонија во однос на постоен»е на Македонија во сите европски и светски организации. Што мислиме дали ќе дојде до преиспитување на овие надворешни битни организации за тоа каде и што ќе се најде Македонија.

Второ прашање ние сите велиме овдека дека економската положба во Македонија е тешка. И наместо да поставиме прашање да видиме од каде и како треба да тргнеме таа положба да ја решиме, за да направиме подобро да живее граѓанинот, ние ќе одиме во избори 6-7-8 месеци во тој план нема напредок. Сакале или не сакале. Може само граѓанинот да го лажеме дека сите ние ќе работиме на економскиот дел. Ќе работиме да не изберат повторно. Тука има застој и тука нема што да дискутираме. Бидејќи морам да кажам најтешка работа на Македонија во овој момент е економската состојба. Ако успеавме на политички план да излеземе во светот, да бидеме признаени од многу држави, да сме присутни во сите меѓународни организации, делот, кој го ветивме пред нашите граѓани, економскиот, ни е во застој..

Ние тука треба да видиме што ќе направиме. Мора и да признаеме една работа. Почнавме да правиме држава, почнавме 1991, 1992 година со 1500 инфлација и со камата од 400% годишно. Што направивме. Претпријатијата кои имаат 30 милиони германски марки сега должат 200 иљади милиони германски марки. Луѓе, тоа е состојба со "Чик", тоа е состојба со "Киро Фетак", зборувам за оние работи што ги знам од мојата општина. Кога успеавме таа камата со преструктуирање на банките со запирање на инфлацијата и кога успеавме таа камата да ја доведеме сега на некое годишно ниво од 24%, кога сега може секоја организација да земе кредит и да не се плаши дека ќе оди во стечај, може да ги врати бидејќи камата е само 24%, не е 400% годишно, ние велиме дај тука да застанеме, зошто на овој наш граѓанин да му правиме поубаво да живее. Ќе правиме исто. Во тој контекст отидовме направивме и преструктуирање на банките, ако направивме и преструктуирање на загубарите, од кој сочувавме здраво ткиво, ако бевме свесни сите дека 45 иљади луѓе треба да одат надвор, а отидоа само 15 иљади, што ние жал за нив, ние мора да продолжиме на тој план да работиме, да создаваме, а тоа ќе го создадеме со обезбедување на кредити, бидејќи мора да кажам 5-те години изминати позади нас во технологијата на нашето стопанство ништо на планот на модернизација не е направено. Не можеме со наши производи во Европа да одиме ако не се модернизираме и не обезбедиме технологија, а таа технологија не можеме со наши сопствени средства бидејќи тоа не постои во целиот свет. Во целиот свет има бараше на кредити за да може да се развиеме и да може тие кредити натаму после да ги вратиме. Ако сега започнаа инвестициите да се реализираат за кои не сакам да ги елаборирам овде,

кои мора да донесат подобро утре, ние пак велиме ќе одиме нешто друго ќе работиме, нема да правиме она што навистина како Парламент треба да го правиме и мислам дека она што се случува сега во Македонија не смееме по никоја цена да го стопираме. Ние имаме најавено неколку кредитни линии за мало стопанство, за средни претпријатија. Јас мора да ви кажам. Работам во дистрибуција меѓутоа, има ли производен погон во кои навистина има и право производство, има и шрафцигер производство. На Македонија и треба во овој момент и шрафцигер производство за да ги вратокем оваа маса на невработени. Тоа го прават сите и тоа мора да го знаеме. Сега кога ги имаме овие кредити јас се плашам дека ние нема да имаме проекти да ги искористиме овие кредити и да можеме да еволвираме преку вработуван»е. Само преку отворање на овие процеси, само преку реализирање на овие земени кредити ќе можеме да ги вработиме оваа армија на невработени. Ќе можеме да направиме и стечајците кои ги имаме се повеќе и повеќе и не сакам овдека да кажувам дека во 1994 година сме имале толку во 1995 година пораснале и кој бил туку на чело на ова министерство, на она министерство, тоа не доликува на овој Парламент да го расправа и не треба да го елаборираме, меѓутоа процесите кои одат напред мора ние да сносиме одговорност како пратеници бирани од граѓаните, бидејќи тие не бираа за овие работи.

Да кажам уште една работа. Како да гласам кога Македонија во сите документи што имав можност да ги добијам е на прво место во однос на одење со приватизација и тоа овдека мора да; го кажам со приватизација каде над 90% од Македонија се работнички акции а само

10% се менаџери или како опозицијата надворешна има можности да каже грабеж на столетието. Таа велеше грабеж и за становите, а во становите живеат само работници. Другата интелигенција направија куќи. И тогаш кога правевме куќи имаме многу поволни кредити и ги направивме и за жал или за река ни останаа и некоја марка во банките. Значи сега тие кога добија станови, ние велиме грабеж. Сега кога на работниците им дадовме претпријатија, претпријатијата да бидат нивни, кога отворивме и берза која ќе работи на тој план, ние на сите ѕвона ѕвониме дека се одвива во Македонија грабеж. Мора да кажам дека во Куманово ни една фабрика не е менаџерски приватизирана. Се е преку работничка приватизација. Многу битна работа и сега земете си за право кои смее сега да вели кој кого краде. Мора да водиме сметка и мора тоа да го продолжиме, да го завршиме и со поголемите претпријатија и да одиме и на оној сегмент каде немаме започнато со приватизацијата. Исто така, сега добивме кредити италијански, швајцарски за развој на земјоделството и сточарството. Мора да кажам дека тоа им го ветувавме ние кои сме селски пратеници на нашите бирачи дека ќе им направиме струја, ќе им направиме вода ќе им направиме пат и ќе овозможиме средства за да можат да живеат подобро, иако мора да кажам многу од нив се иселија во околината на Куманово и не очекувам многу д се вратат таму но очекувам да одат таму да работат и сега за сабота и™недела селаните да доаѓаат во градот на викенд, ние во сабота и недела да одиме на село. Тоа е една вистина од која не можеме да избегаме и од тие процеси не можам со мое кревање на рака на некој начин да ставам стоп. А сите на овој начин ќе ставиме стоп, од проста

причина што реков одиме во парламентарни избори, во борба за власт. Мора да. кажам дека овие работи доколку неги реализираме мораме тогаш ад си поставиме и прашање дали, па нека е таа Влада и 2/3 мнозинство во ред. Мораме и оваа позиција овде што е и ова многу конструктивна позиција да бараме и да ја гониме Владата да ги донесе законот за денационализација, да ги донесе законите за трговско друштво, да го донесе законот за јавните претпријатија, мораме да ја гониме Владата да изнајде можности пензијата на пензионерите да биде рокот на исплаќање помал, мораме да одиме на тоа да нема веќе стечај во Македонија, да ја гониме Владата заедно. Ако оваа Влада тоа не го направи, тогаш молам, нека има иницијатива, дури тогаш и ќе гласам за распуштање, бидејќи се чувствувам како мнозинска партија и одговорен дека сфати Владата дека ако не ги направи овие работи сите овие пратеници кои седат од десна страна и тие ќе дигнат рака за распуштање на Парламентот.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претреседателе, почитувани пратеници, немав намера да излегувам, но дискусиите на одредени пратеници ме поттикнаа да кажам неколку збора. Мислам дека е легитимно право на позицијата да сака да остане на власт, а исто така легитимно право на опозицијата да бара таа позиција да не остане на власт, и покрај тоа што овде некои дискусии на ова барање од опозицијата се ставија етикетите революционерност и неуставност и нестабилност на земјата, овде посебно ме натера да се произнесам од дискусијата на почитуваниот пратеник Нано Ружин кој што и покрај ова што го кажа Хисен Рамадани, мислам дека ќе остане нешто недоречено ако нешто не се каже. Јас поаѓам од аспект лично мој.

**ЛАЗАР ДИМОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Многу е страшно и опасно да не чув од владеачката партија после дефиницијата на господинот Нано Ружин дека во политиката нема етика, никој не се јави и да каже дека е тоа некоја грешка во говорот или некоја случајност, па можам да извлечам заклучок дека од прилика таа партија така гледа на работите. Јас како пратеник овде дејствувам и настапувам како човек кој во политиката гледа етика и само етика. Бидејќи е многу страшна работа ако во политиката нема етика, бидејќи политиката е владеење со луѓето, а замислете што значи тоа во работа каде имаме владеење со луѓето, да нема етика.

Сметам дека сигурно оние што се на позиција ако мис- лат и понатаму да останат на власт би требало од оваа работа да се дистанцираат, бидејќи сето друго е многу страшна работа.

Овде слушнавме и многу тези дека оваа наша држава е унитарна и дека требало да биде биполарна и онаква и оваква, тоа го слушнавме и од оние што бараат нови избори од оние што сакаат оваа позиција да остане на власт. Сметам дека тоа е работа која овие тези овакви или онакви, ова барање на биполарна држава води кон тенденција на централизирана држава, која дефакто се одигрува и мисла дека овие политички партии треба да внимаваат на таа работа бидејќи ставаат луѓе на огинот во таа смисла.

Исто така, на крајот би завршил со тезата на г-динот Фаик која може да ни испадне прикладна дека изборите како трошок навистина се работа од која треба овој народ да го поштедиме или да причекаме некое погодно време кога овој народ ќе биде побогат, па да распишува избори, оваа теза е прилична згодна за нас што сме,на во прилична опасност. за .народот како тоа време кога нашиот народ ќе биде побогат некако подалеку ќе биде, а ние со нашето залагање да се трудиме тој да биде

посиромашен, да нема пари за избори и ние да си останеме трајни на власта.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,

Неотуѓиво право на било која политичка партија во Македонија што значи и на Либералната партија е самата да го избира методот на политичка борба. Во случајот ние се определивме за метод на политичка борба која имаше прилика да ја видите и слушнете, драго ми е што дел од пратениците на СДСМ тој метод беше оценет како демократски легитимен, предложен во согласност со Уставот и законските прописи кои вледат во Република Македонија. Јас би дополнител почитувајќи го деловникот на Собранието ан Република Македонија и правилата кои важат во парламентарната демократија.

Нашиот чин да се одлучиме на ваков чекор за разлика од г-динот Нано Ружин, е од длабоки етички причини, од длабоки принципиелни причини и од длабоки политички причини затоа што сметаме дека со чинот на изборот на новата Влада на Република Македонија е направена една нова политичка карта во Република Македонија.

Правилата на парламентарната демократија велат дека до нови и политички партии во било која држава се доаѓа по легитимен пат на парламентарни избори. Кај нас тоа се случи на нелегитимен пат по. пат на измама на граѓаните кои гласаа за кандидатите на Сојузот на Македонија со едностраното раскинување односно растурање на изборната коалиција - Сојуз за Македонија. Тоа е суштината на иницијативата на пратеничката група на Либералната партија затоа што

не е исто да се растури владина коалиција и да се растури изборна коалиција. Во секоја нормална парламентарна демократска држава во светот доколку дојде до растурање, до расформирање на изборната коалиција многу јасен и нормален гест е распишување на предвремени парламентарни избори за да може легитимитетот и довербата на граѓаните да се стави повторно на тест и на проверка, а тоа може единствено да се направи со распишување на нови предвремени парламентарни избори. Значи, тука е суштината на проблемот и не се потребни никакви филозофии кои биле причините и зошто сме се одлучиле на таков чекор. За жал, во денешна та расправа од еден дел 6д пратениците имавме можност повторно да слушаме дискусии до стилот на арогантноста нарцисоидноста на власта наместо да слушнеме дебели аргументи за тоа зошто сте вие против распишување на предвремени парламентарни избори односно распуштање на Собранието на Република Македонија во стилот дека оваа Влада на Република Македонија ги постигна тие и тие резултати, граѓаните на Република Македонија живеат добро, демократските процеси се во некоја од минатата фаза која многу ја ценат во Европа итн., туку слушаме грст обвинувања и критики упатени врз дел од пратениците кои имаат сосема спротивни размислувања од вашите. Мислам дека тоа не е во ред и не би требало на таков начин да се разговара за легитимни и легални иницијативи кои доаѓаат во парламентот.

Исто така, имавме прилика да слушнеме и повеќе демагошки истапувања во стилот што вие поимате под терминот власт, а што ние поимаме под терминост власт. Мислам дека треба на сите да им биде дефинитивно јасно што значи власт. Изгледа само не се разбираме во тоа што значи власта. Дали Власта вие ја сфаќате како крајна цел или само како метод за да се дојде на власт не како крајна цел за да може низ остварување на одредена политичка платформа да се направат такви промени и реформи во државата за да животот на граѓаните им се

подобри. Во тоа е разликата изгледа меѓу Вашето гледање на власт и нашето гледаше на власта инаку вулгаризацијата над терминот - власт мислам дека не е добра затоа што на крајот на краиштата политичките партии постојат за да ја освојат власта и тука нема ништо вулгарно и ништо страшно.

Исто така, имавме прилика да слушнеме и сега и на седницата кога се бираше Владата на Република Македонија дискусии и теории за тоа дека не ни се потребни предвремени парламентарни избори затоа што во Македонија нема ниту владина криза ниту политичка криза ниту парламентарна криза. И на тоа би одговорил дека тоа се индивидуални методи на проценување што треба да се случи во нашата држава за да ние оцениме дека нашата земја се наоѓа во криза или не се наоѓа во криза затоа што Уставот се покажува, покрај другите слабости што ги има, дефектен и по ова прашање затоа што никаде не го дефинира терминот што значи криза и после какви настани во државата се прогласува криза. И кога не може да се изврши избор на влада и кога е блокирано Собранието никаде во Уставот не пишува дека постои политичка криза во државата. Поради тоа единствени механизми со кои може да се влијае за да се отстранат тие лоши последици што се случуваат во државата се две.

Првата е чекорот што ние го направивме апелирајќи на само свеста на пратениците кои се наоѓаат во пратеничките клупи за донесување на одлука за самораспуштање на Собранието на Република Македонија и

Вториот начин на делување е оној што го применуваат останатите политички партии или граѓаните на Република Македонија или група граѓани за поведување на граѓанска иницијатива за собирање на потписи до кои би се дошло до распишување на референдум да се слушне ставот и политичкото мислење на граѓаните за одредена проблематика. Тука постои разлика во гледањето меѓу вас и нас, затоа што мислам и го

имам тоа право да мислам од многу те контакти што ги имаме со граѓаните имаме доволно чувство за тоа како на сето ова гледаат грото од граѓаните на Република Македонија, впрочем, најголема потврда за тоа се и анкетите кои беа спроведени во нашата држава по прашањето дали се чувствуваат измамени или не по растурањето на Сојузот за Македонија и по изборот на новата Влада и најновите анализи и сондажи за тоа дали се чувствуваат безбедни во нашата држава или не се чувствуваат безбедни.

Околу тенденцијата некои работи да се искривоколчат и да се наметнат на дел од пратениците на Либералната партија кои земаа збор околу тоа дали се во застој демократските процеси во Република Македонија и што во одвивањето на демократските процеси во Македонија мислат Европските институции. не би требало да трошам многу енергија за да ви докажам дека тоа фактите го потврдуваат. Самото терање на таквата политика од страна на Западноевропската Унија со која Македонија се втурнува фактички во некакви балкански интеграции значи дека оценката од нивна страна за развој на демократските процеси во Македонија е видоизменета во однос на одреден период пред тоа. Посилен аргумент не знам каде може да се најде.

Вториот факт самото исфрлање на Македонија иако тука ја покрена иницијативата за правење на Минимаршалов план за обнова на разурнатите подрачја односно и ние како оштетена држава поради војните што се водеа во поранешна Југославија односно фактот дека со новиот Маршалов план Македонија не е вклучена исто така доволно зборува за тоа како европските институции гледаат кон Македонија и

Третиот пат дека и покрај тоа што во надлежното Министерство за надворешни работи беше докрај пречистен текстот во врска со потпишувањето на Спогодбата за меѓусебно признаваше помеѓу Република Македонија и Сојузна Република Југославија фактот што тој

чин се одлага подолго време, фактот што се поставуваат од страна на СР Југославија дополнителни услови во врска со меѓусебното признавање, фактот што се врши притисок врз нас да се откажеме од наследството на поранешна Југославија што се бараат разно разни причини за да се водат преговори за имотот на Македонската православна црква и за гробиштата на српските војници од Првата светска војна исто така доволно зборува, а и вие самите најмногу се демантирате, па во таа смисла би го цитирал почитуваниот г-дин Нано Ружин, од еден новинарски извештај објавен во саботното издание на "Нова Македонија" во кој самиот потврдува - цитирам " зборувајќи на првиот ден од работата на Интерпарламентарната конференција на Советот на Европа, Нано Ружин кој ја предводи нашата парламентарна делегација нагласи дека Балканските земји треба во првата фаза од Европската проекција предност да му дадат на регионализмот но истовремено да ги реализираат процесите на Европеизација и примен во Европската Унија...." да не го читам целиот пасус што мислам дека е потполно во спротивност и со актуелната надворешна политика која ја води врвното раководство на Република Македонија. Однапред му се извинувам на г-динот Ружин доколку се работи за погрешно новинарско интерпретираше или злонамерно пренесување на неговата изјава во весникот "Нова Македонија".

На крај доколку сакате да се у верите дали пратениците Либерали се блефери и она што го предлагаат е обичен блеф или не повелете со својот глас за оваа одлука да не демантирате дека тоа не е вистина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Ружин има реплика.

VIII/7.-

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседтеле, дами и господа јас навистина имам дискусија по оваа тема, меѓутоа, во сосема спротивна насока од оваа што беше кажано и ако треба јас 1се ја дадам мојата дискусија предлагам да биде доставена до сите пратеници, бидејќи ја имам истата дискусија преведена и на англиски и на француски и на македонски. Според тоа, мислам дека е грешен напис и бев зачуден бидејќи јас слушнав сега пред малку дека така сум дискутирал, јас знам како сум дискутирал и мислам дека не може да биде поинаку.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска почитуван претседателе во распуштање, почитувани пратеници во распуштање. За да би ја обавувал можеби уште денеска совесно, коректно мојата пратеничка должност директно доаѓам од болничкиот кревет, грипов кревет само сепак да кажам и јас нешто.

Некаде 1974 година имав среќа односно несреќа во Идризово да водам некое време правната служба. Еден ром ми се чини Станковиќ од Куманово беше осуден од страна на Окружниот суд со најстрога казна смртна казна пред 20 години па имав чест да му напишам жалба, работев 10 до 12 дена актот ми беше тука и сите оние грешки и пропусти што ги имаше окружниот суд, бидејќи контактирав директно и ми ја кажа вистината, .а не она што ја изнел пред Судот успеав од 20 години да му дојде пресуда намалена казна на 20 години па во Идризово беше права свадба. Потоа навалија десетина други на смрт осудени лица и со правосилни пресуди да им напишам исто така нешто, но за нив немаше ни место ни за вонредни правни лекови, но немав време да се занимавам толку. На оние луѓе кои бараа таква помош излегов со нив пред канцеларијата каде беше кантината и им реков: одете купете нешто

VIII/8.-

од кантина. Кантината имаше еден катанец најмалку од килограм тежина - заклучена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, г-дине Рамадани дајте на темата.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

На темата сум и те како ќе ви докажам и ќе завршам. Значи, кантината беше заклучена со голем катанец и осудените барале да се отвори кантината и од тоа откажаа. Значи Либералите предлагаат нешто што не може никогаш да се оствари. Зошто? Па другари видете какви се тука овие од Социјалдемократскиот сојуз полни се клупите се знае имаат мнозинство и апсолутно мнозинство, а вие не сте ни присутни тука, па каде е вашиот претседател, ве молам, каде е бившиот претседател на Собранието, ова не е сериозна работа да извините. А, за вонредни предвремени избори и за распуштање на парламентот кој е друг него мојата партија, Партијата за демократски просперитет на Албанците и мојата пратеничка група со двете збратимени партии. Ние сме тие кои сме биле за распуштање на парламентот и за вонредни избори веднаш по изборите од 1994 година. Зошто? Од 32 кандидати кои ги имавме во првиот круг, 20 во вториот круг, добивме само четири пратеници. Но, четири кои важат за 400-тини тоа Вие го знаете, тоа го знае целата јавност. Значи, ние сме за предвремени избори, ние сме за распуштање на парламентот, но со аргументи и со други факти. Денеска аргументи Либералите немале, немавте ни вие доволно аргументи. Ве молам, никој тука не ја спомна една друга работа. Каде е граѓанската иницијатива? Над 15о илјади потписи што Ви се доставени во парламентот над 200 илјади се веќе сега. Можеме и ние да се приклучиме значи бараме референдум инаку ова не е ништо. Што ќе правите денеска Вие. Па не сте толку наивни да ги напуштите своите работни места, Владата се што има во Македонија, во органите на државната управа, па не се толку

наивни. Тие не ние размислуваат за распуштање на парламентот денеска, тоа е смешно. Тие размислуваат што ќе направат после две години уште( од сега, тоа се знае, нема што. Значи, ова не е ништо. Може би на некој нека ми извинат Либералите може би не им е лоша намерата , можеби некој навистина сака да бидат опозиција но не и сите. Тука е посебна игра до вчера Владата беше добра, а во Владата имале четири министри и во другите органи на управата, во судството и секаде. Значи, сега не чини, за неколку дена, за неколку месеци. Тоа не чини. Значи, нешто не е во ред. Ако треба да се распушта парламентот и да има вонредни избори тука има законска основа. Тоа го знаете само дајте малку оној член 73 став 3 да го погледаме и да го цитирам да Ве потсетам: "Собранието е должно да распише референдум кога предлог ќе поднесат најмалку 150 илјади избирачи". Значи, предлогот е поднесен и постапката треба да отпочне, може да се расправа денес- ка тука или друг ден значи единствена основица, а немојте да има илузија и тука се знае 55% од целокупниот број на избирачи, па 50% од оние кои ќе гласаат и ќе видите како ќе бидат социјалдемократите на нозе за тоа време.

IX/1.-JJ/МЛ

**САЛИ РАМАДАНИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

За да биде објективен, нема тука играчка. Единствен излез е голем притисок од страна на граѓаните од цела Македонија, голем притисок од странство и во случај ако имаат милост социјалдемократите, па нешто да се направи. Меѓутоа би им препорачал, нека гласаат, нека се распушти овој Парламент. Не би било лошо, навистина да ги провериме нашите способности пред граѓаните. Па ќе видиме, и тоа не само социјалдемократите туку и другите, па оние моите ПДП и НДП добија 10 места, а веќе ниедно место нема да добијат. Ќе ги добие нашата партија, нашите две партии што имаат пратеничка група. Тоа се знае. Либералите може некое место а можеби и ниедно. Другари, на власт доаѓа. вонпарламентарната опозиција. Може, опозиција, можеби се полоши од вас али вие си признавте сами пред средствата за јавно информирање дека најмалку 40% од избирачите се надвот од Парламентот. Значи ВМРО со другите суфикси доаѓа на власт. Колку вие ќе добиете, тоа е друга работа. Со нив ќе имаме уште поголема борба, отколку со вас. Со вас не може борба. Вие сте стари комунисти, знаете. Вие никогаш не се лутите со мене, јас зборам цел ден а вие си разговарате и баш ви е гајле. Само по тоа се знае колку ме цени, се смее, а знаете за да не се навреди според Уставот, сум пазел на достоинството, меѓутоа изнесувам остри критики. Тој се смее, но и ме цени. И тој Владо Поповски ме цени, па затоа во стенограмите тоа што го даде како комплимент министерот Владо Поповски, тоа не стои воопшто заради фалсификуваше на старите стенографски белешки, што не е дозволено. А има и други фалсификати, зошто ќе кажам понатаму.

Затоа мојата пратеничка група сме должни и ќе гласаме за распуштање на Парламентот, али не од овој, нивен аспект, туку од наш аспект. И ние можеме да предложиме вакви одлуки, закони, но зошто да

се мачиме кога нема да поминат. Ние предлагаме амандмани, вие знаете, само сепак ни се доставени повеќе предлози на закони, па барем да реагираме и нека остане тука како документ дека не се согласуваме. Меѓутоа, како што знаете некогаш и мои амандмани се прифаќаат. Затоа да не должам, ќе гласаме за распуштање на Парламентот. Ако имате милост и ако не се плашите, гласајте зашто сепак 61 глас не се многу, па да се задоволи, навистина цела Македонија. Многу ве молам гласајте за распуштање, ако сакате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Должен сум не заради претходниот дискутант, туку заради сите останати и заради јавноста да го изнесам следното дека пратениците на Либералната партија кои не се денеска присутни на седница- та се отсутни од оправдани причини. Мислам дека еден добар дел од нив тоа го имаат најавено, благовремено и го кажа претседателот на Собранието. Господинот Стојан Андов е отсутен заради здравствени причини, исто како и Николина Трајановска која што имаше сообраќајна несреќа и господинот Љупчо Мешков врз кого е извршен мал оперативен зафат, а Наум Симјановски е на службен пат во Босна и Херцеговина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Димче Настоски.

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници. Се води расправа по една иницијатива што далеку. уставно е оправдана и тука

нема никакви проблеми во однос на иницијативата од Либералната партија, во однос на тоа што тие го бараат.

Што се однесува до причините, беа доволно искажани низ дискусиите на останатите пратеници што денеска дискутираа и не би сакал многу работи да ги повторувам што беа кажани, дали се вистински или не се, тоа нека си го оценат самите поднесувачи на иницијативата.

Само би рекол неколку работи кои за мене остануваат нејасни, кои што за мене, некако висат во воздух.

Прво, кое е правото на 1/4 од Парламентот и 1/3 од Сојузот за Македонија да ги прогласува другите за нелегитимни претставници, бидејќи ова Собрание не е составено само од претставници на Сојузот. Собранието е 120 пратеници, 88 беа од Сојузот а другите не беа во Сојузот. Кој го оспорува нивниот легитимитет? Тоа е прашање на што одговорот треба да го даде пратеничката група на ЛП, бидејќи тие се избрани на сосема легални избори, каде што зад нив не стоел ниту Сојузот и никој. Тоа е она на што треба да се даде одговор. А одговор би требало да се даде и на прашањето зашто се размислува дека не постои Сојузот, ако во тој Сојуз останале две партии, иако во тој Сојуз останале повеќе од 2/3 од пратениците кои што биле во Сојузот. И тоа е она прашање на кое што треба да се одговори, за да им се каже на гласачите во Македонија и на граѓаните да им биде јасно зашто е покрената иницијативата. А ако тие две партии останале во Сојузот и ја продолжуваат предизборната платформа, а другата партија самоиницијативно ја напуштила таа платформа, тогаш тоа веќе не е нелигитимност на Сојузот, туку самоволие на партија- та која што го напуштила Сојузот. Инаку, таа партија Сојузот го напушти веднаш по изборите. На првото гласање з^ Владата во овој ист Парламент, таа партија не "ја поддржа Владата која што беше Влада на коалицијата,

бидејќи тогаш јасно и гласно тие гласаа воздржани. Јас уште тогаш на таа седница кажав дека Либералната партија треба да се определи сама дали ќе биде позиција или опозиција, како и со некои други аргументи за кои зборував, бев прогласен од страна на либерал за некој си локален омрзнат непријател на Либералната партија. Така барем пишуваше во "Либерал" во едно нивно издание. Уште тогаш требаше јавно и гласно да каже ЛП, уште веднаш при изгорот на првата Влада на овој Парламент дека тие минуваат во опозиција. И тие веднаш ќе бараа нови избори, бидејќи не се задоволни од она што го даваше Владата, не се задоволни од она што го даваше коалицијата. Но, тогаш с§ беше некако прикриено. За мене лично како пратеник остануваат неколку дилеми.

Исто така, за мене е проблематично кога две работи коенцидентно или случајно, како сакате наречете ги истовремено се поклопуваат. Исто така на овој Парламент, на оваа говорница јас за една таква случајност имам разговарано и дискутирано во времето кога беа оние митинзи, кога излегуваа паролите, а слични пароли ние слушнавме и од пратеници овде во Парламентов. Дали повторно е случајна коинциденција, дали повторно е некоја неверојатна случајност, иницијативата на вонпарламентарните партии и опозицијата сега во Парламентот, да се совпаднат во исто време. Дали тоа не е нивна заедничка политичка подолгорочна платформа на дејствување, а не само инцидентни случаеви. Притоа, треба да се знае дека еден дел од вонпарламентарната позиција која што ја покрена граѓанската иницијатива за предвремени избори јасно и гласно кажува дека не ја признава оваа власт, дека нема да ги признае сите документи што се пот- пишани од оваа власт, дека не го признава- македонското знаме што е знаме на оваа држава. Дали тие партии ќе излезат на новите, евенту- ални избори со заедничко знаме и како ќе изгледа тоа знаме, кое знаме

тие ќе ги водат наредните избори. Тоа се прашања за кои што треба пратениците на Либералната партија сами да си ги постават, бидејќи огромен број од одлуките што ^е донесувани, се донесени со нивните гласови.

Исто така за мене е зачудувачки, сега да се зборува за Уставот и за неговата оправданост и неговата неиздржаност како Устав, а пет години да се биде претседател на Уставна комисија и да се раководи со седниците на Уставната комисија. Тоа е повеќе од чудно и повеќе проблематично. Затоа, ве молам уште еднаш сами поставете си го прашањето дали сте блефери или не. Одговорот е ако сте блефери оставките ви стојат на располагање. Можете во секое вре- ме да ги депонирате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Соколовски.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Би сакал само со неколку зборови да се осврнам на испрекинатото излагање на почитуваниот господин пратеник Настоски. Прво сметам дека господинот Настоски кажа неколку полувистини што би требало на некој начин да ги кажам од оваа говорница, не е тоа што тој го зборува дека 88 пратеници се 1/3 од Парламентот, туку се 2/3.

Второ, легитимноста на 88 пратеници за кои зборував јас - апсолутно значи и легитимност на целиот Парламент, бидејќи се работи за над 2/3 од пратениците, што значи уставно и правно легитимитетот на Парламентот не може 32 пратеника да го имаат како остаток од Парламентот.

Втора работа што ја спомна е нашето самоиницијативно на- пуштање на власта, односно Владата, што сметам дека е потполно не- точно. Само да се потсетиме дека при изборот на новата Влада, односно

таканаречената реконструирана Влада, практично премиерот не не зема во составот на Владата, односно не зема наши членови од партијата, што значи тоа не е само иницијативно напуштање, туку тоа е едноставно еднострано раскинување на Сојузот за Македонија, што значи повлекува апсолутно и отстапување од заедничката платформа што ја имавме како Сојуз за Македонија. Така што значи дека аргументите се тие и јавноста добро ги познава.

Јас повеќе не би должел иако имам забелешки на други дискусии, посебно околу она што спомна господинот Нано Ружин дека тој идеалистички концепт, односно реалистички концепт и пристап на разрешување, односно на освојување на власта постои еден трет наивен концепт кој што го препишаа на нашата партија, да се нашалиме малку, машкиов дел на пратениците претпоставувам би биле за тој федилски концепт за земање на борбата за власт. Сметам дека доста опасно е и доста ризично со една таква дискусија да се настапи бидејќи тој реалистичен пристап ако подразбира и револуција за превземање на некаква власт, е потполно погрешен принцип затоа што сите парламенти во светот, па и кај нас во Европа, па и ние како дел на Европа мислиме дека само единствен начин да сеземе и да се води борбата за власт е во Парламентот и тоа е единствен начин да се добијат позиции во власта е преку Парламентот и преку сите јавни и легални институции на системот, а не вон Парламентот и вон тие институции. Што подразбира сегашнава иницијатива што е покрената од вонпарламентарните партии претставува иницијатива што е вон Парламентот зад која Либералната партија не стои јавно и морам да кажам дека ние на 23 јасно кажавме дека со нашите потписи покренуваме иницијатива, а после тоа се придружија сите партии вон Парламентот, што значи од сегашново јавно испитување на тоа мислење во Македонија значи сепак едно мислење на јавноста дека треба да дојдат некакви предвремени избори.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, една забелешка до првиот пратеник во Парламентот, бидејќи ова е трети пат како деловнички крши, беа грст навреди на одделни пратеници, посебно на претседателот на државата и треба, претседателот, бившиот претседател на Парламентот, господинот Стојан Андов да го држи дигнитетот како претседател бидејќи мислам дека треба да го држите дигнитетот како претседател на Собранието зашто ова не е прв случај откако вие сте претседател на Парламентот да доаѓаат навреди на личности на пратеници, па дури на пратеници од истиот состав.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас не слушнав за такви навреди.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Ќе чуете, важно граѓаните гледаат.

Сега се отвори едно прашање дали денешната иницијатива на Либералната партија претставува некој маркетинг, собирање на поени или ова е тест, проверка на самата Либерална партија. Се наметнува едно прашање на кое во моментов тешко ќе се одговори како ќе биде сфатена кај граѓаните и тука во Парламентот. Бидејќи оваа иницијатива е покрената не од деновиве туку со задоцнување, иницијативата беше закажана на Републичкиот одбор и Републичкиот одбор донесе одлука со која се покренува иницијатива за распушташе на Парламентот. Од говорницата беа кажани доста класификации дали ова како политичка идеја е издржана. Дали е оправдана во овој момент или не. Не слушнавме ни многу аргументи за оспорувањето на оваа иницијатива. Имаше тука некои елаборирања и кажувања за тоа каква е состојбата во државата, каква е состојбата на граѓаните никој не кажа, а од говорницата кажа некој нафрлувања. Имам впечаток дека во Македонија

се е беспрекорно добро. Стопанството е добро, стечаите се добри, вработувања имаме нови, исклучување на струја на луѓето нема, не може плаќање на сметките, пензионерите добија пензија, се во суперлатив. Не отворивме прашање на оваа тема. Мислам дека е многу бит- но да се задржиме на оваа тема и да видиме каква е состојбата. Многу говорници овде кажуваат дека има конструктивна опозиција , демократски процеси. Сега, истите тие се демантираат, дали толку брзо еволуираат во своите ставови?! Тука дури имаше држење на час по историја за другарот Сталин, за другарот Тито, не ја даваме влас- та толку години и тн. Мислам дека тие луѓе што се залагаа за демократија, токму тие треба да дадат иницијатива за ова. Не мора да се гласа. Нема убедување дека сега може да се изгласа. Знаеме на која страна е мнозинството и како ќе помине. Оваа иницијатива треба да се сфати како еден чин во демократијата. Каков ќе биде исходот ќе се види после гласањето. Каква ќе биде реакцијата на граѓаните, тоа ќе го видиме и ќе го чуеме. Ова поврзување со еден пратеник кој што сакаше да ги поврзе наводни некој си коалицирања на Либералната партија и вон парламентарната опозиција, бидејќи се поклопија работите и доаѓа иницијатива за 150 илјади потписи. Во моментов не се 150 туку 250, може ќе дојдат 300 и 400 илјади. Дали овој Парламент не треба да се замисли дека волјата на граѓаните треба да дојде на преден план. Ние како ќе изгласаме, нема да оди. Тоа што тргнало како иницијатива на граѓаните идејата, односно кичмата да му се скрши, но идејата ни малку. Ќе наиде на уште поголемо мултиплицирање. И оние граѓа:ни што не мислеле, сега мислат така, дека се води гола борба за власт. Ако кажуваат тука теоретски идеи за борба за власт а не се бира и пардон да не се вели. Етиката, политиката, мислам дека најбитно е граѓанинот што мисли. Она што не се спомна во' контекстот на составувањето на Владата дека либералите биле избркани, либералите биле примани, тоа воопшто не е

битно, а битна е една друга работа, кој ќе ја носи одговорноста. Во овој момент одговорноста ја носи Социјалдемократскиот сојуз. СДСМ ја носеше уште, се уште и во самата Влада, бидејќи знаеме како се одлучува во Владата. И таму има надгласувања. И не е страшно што ја носи одговорноста СДСМ. Тоа не е страшна работа. Ние направивме разграничување. Никој не кажа дека либералите не биле во власт, да кажеме до вчера. Никој не кажа дека дел од одговорноста, ние реков- ме да се каже на говорницата и при самиот избор на Владата баравме секој поединец да се произнесе за секој министер. Зашто не се отвори пакетот за разгледување на одговорноста на секој министер, зашто не се нотира, зошто премиерот не кажа дали во неговата Влада има министри кои што злоупотребиле милион марки. Зошто се криеше, зошто се плашеше дека тоа прашање требаше да се каже. Оној багаж и товар што го носеше премиерот, не го отвори, премиерот не кажа ништо, него најважна работа и тема број еден денеска е ручекот што господинот Глигоров и од тоа се прави фетиш.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас се извинувам што ве прекинувам, вие се залагате за конструктивност а навредувате од говорницата дека се толку и толку милион марки од страна на министрите злоупотребени, без никаков доказ. Па повелете продолжете. Само да ви кажам колку сте непринципиелен.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Ќе го добиете доказот. Она кога стана збор при самиот избор на Владата, тука е почитуваниот колега кој кажа дека сега е на функција потпретседател, господинот Филиповски, кој рече дека либералите прават гол маркетинг и дека ќе ја потпише иницијативата.

IX/10.-

Ако има достоинство и чест еве шанса господинот Филиповски да се приклучи да ја потпише, наговестуваше некои големи, мали партии, наговестуваше локални избори. Во ред. Времето одминува и времето доаѓа. Од оваа говорница беа искажани некои невистинити работи околу она за приватизацијата. По некоја случајност јас бев во парламентарна делегација во Прага на Централната европска иницијатива на која што имаше претставници и од Светската банка и од Меѓународниот монетарен фонд, за оние стручњаци кои што ја водат целата оваа проекција, така да вакви квалификации кои кажуваа дека во Македонија приватизацијата е на мандован на прво место, прво место или такво нешто не слушнавме. Ни кажаа дека Македонија не е ни ставена во разгледување и дека за Македонија не е дефинирано ништо.

X/1 ЈМ/ЛБ

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ** (продолжение)

Тоа е официјалниот став а може да го прочитате бидејќи тоа се официјални документи. А о»а што кажуваат тука некои паушално како е, тоа е друга работа. Мислам останува правото на секој пратеник да одлучи , ќе се гласа по свое убедување, иницијативата ќе ја прифатат или ќе ја одбијат мнозинство на пратеници, но, идејата за предвремени избори и ова што се случува не може да се сопре, бидејќи нема сила, а многу е лошо ако власта треба да се брани и да се одбранува со сила.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Јас сосема накратко со целата одговорност и за претходно изречените зборови, за она што сега ќе го речам, ќе кажам зошто нема да гласам овој пат за предлог одлуката која ја поднесоа пратениците на Либералната партија.

Прво, заради тоа што сметам дека образложението воопшто не држи, тоа во повеќе наврати е веќе речено, но овде се појавува ново образложение од повеќемина пратеници на Либералната партија и оние кои исто размислуваат со нив. Прво, дека ова е можност дефинитивно левицата да се симне од власта. Тоа секако нема да го направат тие со своите скромни потписи, тоа ќе го оставиме да се определат граѓаните и избирачите во РМ која е опцијата зад која тие ќе застанат во престојните и локални и парламентарни.

Второ, заради фактот изнесен овде и не демантиран дека овие предвремени избори се добра прилика нешто повеќе да се стори надвор од уставот и надвор од меѓународните норми во врска со правата на малцинствата во РМ што исто така, беше споменато и не демантирано од предлагачите, што е за мене прилично сериозна работа и поткрепена со фактот изнесен уште од еден пратеник дека во Македонија постојат и понатаму по неговото убедуван»е два столба, два народа, македонскиот

и албанскиот народ што наполно излегува од рамките на Уставот на РМ и ве молам од моето лично убедување.

Третата причина, споменатата одговорност. на пратеник на Либералната партија кој отворено на овој Парламент и на македонската јавност и соопшти дека партиите немаат одговорност. Ве молам тоа не можам да го прифатам. Веројатно се работи за забуна на пратеникот Тодосие Паунов кој изрече констатација дека никој и ни- една партија и никогаш не одговарала. Го убедувам, а тоа го слушаат избирачите во РМ дека секој ќе си излезе со својата одговорност пред избирачите со она што го ветил на избирачите и со она што го остварил во мандатниот период за кој добил мандат да седи во овие клупи.

Четврто, кое многу често се употребува овде 88 пратеници и оние партии кои застанале зад нив. Бидејќи овде е споменато дека е многу честа праксата на менувањето на партиите, на напуштањето на една партија и одење во друга партија и никој пат тоа не е доведено во колерација со Уставот и со позитивните законски процеси, јас ве молам имам ли право, прашувам, а знам дека го имам да од оваа говорница изјавам дека не сакам понатаму да бидам пратеник на Либералната партија и со тоа дефинитивно да го ставам во прашање образложението врз кое се темели иницијативата за нови предвремени из- бори во РМ. Изјавувам дека не сакам понатаму да бидам пратеник на Либералната партија со сета одговорност која ќе ја понесам и јас лично и оние кои исто размислуваат. Поставувам прашање бидејќи тоа многу често се чинеше и во писмена форма и од говорница дали тоа дефинитивно го става во аут целокупното образложение кое ние го добивме како предлог од страна на пратениците на Либералната партија.

И уште нешто, беше споменато дека крајна цел на некој е да освои власта. Само поставувам прашање, дали не е крајна цел само се сруши власта без изгледи што понатаму, а понатаму да видиме ќе се случува со оваа Република. Дали тоа не е цел на оние кои однесоа. Затоа нема да гласам овој пат со сето она што и досеум го изрекол нема да гласам за Предлог одлуката поднесена од ризиците на Либералната партија".

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, еднаш кога имавме иницијатива за предвремени избори од СДС во овој Парламент уште тогаш кажав дека навистина ова е тема кога расправаме ако и да зборуваш ќе испаднеш на крај дека си демагог. Тоа нека и за мене. И тогаш се сеќавам претседателот на Републиката многу слатко се насмеа. Зошто велам вака? Затоа што кога пробавме со та гласање испадна дека ретко може да се најде пратеник, а еве години немаме ни една оставна на еден пратеник во овој Парламент има баш ниедна. И што правиме ние денеска? Премногу акумулираме  искреност, но само за себе. Тоа не е добро, тоа не чини. Имаме иницијатива па што? И што треба ние да очекуваме од една опозиција, да имаме вакви иницијативи, што значи дека не се сложува со полицијата, односно со тие што се на власт. Меѓутоа, по некоја инерција ние уште се лутиме еден на друг . Што значи тоа? Само ако во нашите размислувања се разликуваме ние веќе и со тонот некако како е се слагаме и тн. зошто? Ќе има иницијатива, имаме Парламент, се усвои, нема да се усвои, ништо друго. Тука даваме паушални данки 90% се за нас, 80% се за нас, 100% се за нас. Немојте ве молам, па има тајни избори , има избори и кога има избори тука веќе кажува тоа кој е за нас, кој е за вас и тн. Тоа е една верифицира метода што не можеме ние тука паушално да кажеме, па и јас  сега можам да

кажам дека сите се за нас. Меѓутоа на избори тоа другите ќе го кажуваат. Точно е, сите партии и првите луѓе и сите партии знаат дека добро е да имаш власт . И не е баш добро да бидеш во опозиција единствено си малку послободен . Тоа што еднаш јас кажав, констатираш ќе кажеш не чини,, не е добро, меѓутоа кога си на власт, или партиципираш во власта освен тоа што констатираш, мораш и понатаму да имаш одговорност за сето тоа што го правиш како мнозинство во власта, односно во Парламентот. Точно е тоа дека ние претеруваме кога велиме дека секаде каде што не сум јас, не чини. Тоа е нарцисоидно, тоа е веќе преценуваше на свои квалитети . Тоа веќе не е ни политичка култура и тука веќе ни треба и политичка едукација .А на сите нас ни треба политичка едукација затоа што се едуцираме политички во еден нов систем во овие последниве години и тука треба тоа да го признаваме ние и тоа треба да се признае. Се спомнува леви, десни и тн. Кога е во прашаше партијата за Демократски просперитет т.е. мојата пратеничка група ние си имаме наша политичка платформа, ориентација и програм. Не гледаме многу кои се леви, кои се десни, затоа што тешко ги препознаваме. Навистина и тешко се препознаваат затоа што се уште некако се профилираат и левите и десните и не знам од која страна се десните тука и кои се леви, или кога се во прашање програмски определби, или објективи на мојата партија тука навистина и барањата на тие што јас, односно мојата партија ги преставува тука мислам дека мислам со сите информации и со едно искуство и со сето тоа што го слушаме и читаме мислиме дека во оваа позиција каде што сме барем постојат шанси ден за ден да се поправа нешто што е за положбата односно статусот на албанците во сите сегменти на животот во РМ. Се уште ни преку изјави, ни преку секојдневието не сум слушнал од другите дека мислат нешто подобро, односно се обидуваат нешто подобро и побрзо на направат за своите сограѓани со друга етничка и верска

припадност. Со кого сме ние? Со кого ние сакаме да чекориме понатаму? Со тие кои чисто и искрено се определиле за европска ориентација. Можеби во сите овие групации пратенички може да има такви кои чисто , искрено имаат европска ориентација, но може да има и такви кои немаат таква ориентација европска, а можат да седат и лево и десно, односно можат да седат во овој Парламент. Како е најдобро? Јас знам како е најдобро и што можеме да нудиме најдобро. Јас што би рекол сега, кога би бил фанатик на мојата партија би рекол: ех кога мојата партија би била на власт со огромно мнозинство, или апсолутно мнозинство, тогаш ќе процветаше и демократијата и се ќе беше најдобро во оваа РМ. Меѓутоа јас не се занимавам со невозможното, затоа што сега реално е дека е невозможно. Мојата позиција се знае како пратеничка група, затоа и понатаму ќе продолжиме со една политичка едукација да ги придобиваме и тие што седат тука и тие што не се тука, дека најдоброто што го нуди е тоа што го нуди мојата пратеничка група, мојата партија. Тука нема нескромност, тоа секој ќе го прави. Нема тука нескромност.

И на крајот да завршам дека се додека од другите што иницираат избори предвремени итн. не гледам нешто во нивните визии односно во нивните програми и нивните изјави и нивните декларации итн, дека можат да нудат нешто подобро каде ќе се најде мојата пратеничка група, односно мојата партија. Навистина би било наивно да се определам и да поддржам такви иницијативи. Таму се спомнуваат изборните закони итн. Од каде знаеме ние како Пратеничка група тука какви ќе бидат тие изборни закони, односно каков ќе биде тој закон за изборните единици и како мислат тие што иницираат предвремени избори да ги донесуваат тие закони. Затоа ние како пратеничка група се викаме Пратеничка група на Партијата за демократски просперитет и го имаме нашиот имиџ и тука, а богами добар и на висок степен и надвор како партија и како

пратеничка група. Еве и јас се фалев значи испадна како што почнав и завршив.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, јас и претходниот мандат кога Либералната партија и кога ние носевме друго име и овој мандат ваквата респектабилна пратеничка група на Либералната партија и воопшто ги сметаа за сериозен партнер политички во РМ и така се однесува спрема нив и во моментите кога беа политички противници било тоа на изборите, било тоа во овој Парламент кога имаа различно мислење, или различно се изјаснуваа и во моментите на пресудни одлуки кога се носеа во Парламентот во РМ , а и во други ситуации кога бевме и заедно, а и во преценките што ги правевме во врска со последната реконструкција на Влада каде што активно учествував . Исто тргнував од тоа стојалиште дека се работи за сериозен политички партнер кој знае што сака и кој веројатно ќе знае да го прави тоа на најдобар можен начин и во Парламентот и вон парламентот и дека ќе продолжи така да се однесува.

XI/1 ЛП/СЛ

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:(**продолжение)

НО/ од оваа иницијатива и од претходниве после 23 февруари, не знам, тоа мое стојалиште на некој начин е разнишано и мислам дека веројатно причините за тоа лежат во однесувањето пред се на Либералната партија, а тоа однесување е предизвикано од една присутна нервоза од блиските настани кои се случија и која ете предизвикува деловнички да се занимаваме и со вакви теми на начин на кој ги поставував, на која расправаме денес 4 или 5 часа.

Јас ќе се обидам тоа да го аргументирам со самата иницијатива на Либералната партија која е поднесена денес пред нас. Всушност овде е поднесена пред нас една одлука составена од два члена со една две реченици кои се многу битни. Првата е дека Собранието на Република Македонија се распушта и вториот член е дека оваа одлука влегува во сила на 15.09.1996 година, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" што е непотребно. Притоа повикувајќи се претходно на уставната основа од член 63 став 6 од Уставот на Република Македонија, а позади тоа и еден заклучок како дополнување за тоа дека Собранието на Република Македонија најдоцна до 15.09. ќе го донесе следните закони: Законот за избор на пратеници, Закон за избирачки списоци, Закон за изборни единици и Закон за граѓанска иницијатива и референдум и втората - дека се задолжува Владата да го направи тоа во процедура како овластен претставник пред Собранието и дека овој заклучок влегува во сила со денот на донесување. И едно скромно образложение, кое може да биде за респект каде што основната поента на образложението или целосната поента на образложението е дека 88 пратеници од фирмата Сојуз за Македонија треба одново да ја проверат довербата пред избирачите, затоа што избирачите носат убедување дека гласаа за заедничка листа и дека тоа е потврдено во најновите анкети со реконструкцијата на Владата од 23 февруари се

излажани дека гласале за кандидатите, значи гласачите. И понатаму една мала лекција - потребен е минимум политичка етика на пратениците, да почувствуваат одговорност за тоа значи, за на крајот да кажат, затоа вели, политички одговорно е пратениците и партиите да донесат одлука за распуштање на Парламентот.

Сега да ви кажам, тоа е целото образложение, тоа беше и аргументацијата со плус минус некои излети овде за вкупните состојби во Република Македонија. Ако е ова образложението дека треба да се распушти Парламентот каде што тргнувате дека ние, напротив, немаме легитимитет од граѓаните, значи вие тврдите во образложението и затоа ја поднесувате иницијативата, прво, дека ние како пратеници немаме легитимитет од граѓаните. И сега да го земеме тој ваш став за вистинит и веродостоен. Тогаш ако немаме легитимитет кои сме ние овде што расправаме за ваквата одлука. Сме некој не дефинира собир на граѓани? Значи ако легитимитетот го изгубивме со реконструкцијата на 23 февруари, ние. сешто расправаме во овој Парламент бидејќи вие тврдите така значи е нелегитимно, ќе донесуваме нелегитимни одлуки. Или мислите, до денот на распуштањето, додека изгласаме одлука, до денот додека ќе се одржат избори, затоа што треба да донесеме, предлагате закони многу клучни, што јас се согласувам дека без тие закони не можеме да одиме на нови парламентарни избори, затоа што тој закон за избор на пратеници е донесен врз основа на стар закон и уставни амандмани, имаме нов закон, значи ли тоа дека и тие закони што ќе ги донесеме ќе бидат од нелегитимен собир бидејќи го сочинуваат нелегитимни претставници. Нема друга консеквенца и завршница од ова што го предлагате вие, освен такво размислување. Зборувам од формално правен аспект. Уставот нуди решение и при ваква ситуација кога вашата аргументација би се прифатила како точна политички да launchречеме. И не случајно се поредени членовите, но не сакате да ги читате

или вака ви одговара, можеби. Само пак да речам, да се внесе политичка магла во целата работа. Ако сериозно се сфати иницијативата со ваквото образложение, таа нема подлога. Значи вие предлагате нелегитимни претставници да донесат легитимна одлука и плус таа одлука да се замрзне до 15.09.1996 година, значи уште 6 месеци и да донесуваме други нелегитимни одлуки, вклучително и законите кои ги предлагате, а после што ќе биде, нека биде, важно е одлуката да се изгласа.

Таквиот приод е несериозен. Само легитимен дом - мора да ја признаете вие легитимноста на овие пратеници за да предложите ваква одлука за распуштање, затоа што треба легитимно да кренат рака тие пратеници. А да не ви ги читам одредбите од Уставот. Ставот 3 од член 62 вели:"Пратеникот ги претставува граѓаните и во Собранието одлучува по свое уверување". Ако вие тврдите дека во иницијативава, во предлогот дека ние веќе не ги претставуваме тие граѓани, сме ги измамиле веќе, не стојат зад нас, тогаш во чие име ќе носиме ние овде оваа одлука и се друго до 15.09.'96. Јас да ви кажам ваква одлука јас мислев дека можат да поднесат други политички субјекти во РМ, за кои имав посебно мислење итн., но дека од ваша страна ваква одлука не може да дојде. И со вакво образложение. Видете, постои само една уставна можност, ако се прифати оваа аргументација, оваа вашата, тоа е она што многу пратеници овде го изнесоа, ако вие навистина се чувствувате нелегитимни и сите што се чувствуваат нелегитимни дека ја изгубиле легитимноста, се обесчестени со актот на реконструкцијата на Владата од 23.02.'96 година, од тој момент, и не се легитимни претставници на граѓаните, тогаш, ве молам, постои чинот на оставка. Друг чин не постои. Уставен излез од таква ситуација, ако некој длабоко

е убеден не постои. Легитимно низ институциите, она барем што го дозволува до денес Уставот.

А што се однесува до мене, ако вие како иницијатори ги депонирате своите 29 потписи, јас ќе ве почитувам како сериозна партија за оставки и јас ќе бидам 30-тиот што ќе ја поднесам исто така овде, затоа што со тој чин навистина искрено ќе ме убедите и легитимно дека вие длабоко тоа го чувствувате, а не само од политички потреби, дека не сте претставници на народот.

Инаку, по мене редоследот на сериозен пристап би бил: оној, не само вие како иницијатори, било кој овде во овој Парламент, знаејќи дека без оваа легислатива, вие не случајно предлагате Владата да ги предложи овие закони, тоа е услов без кој не можеме да одиме на нови избори, вие до овој момент додека правевте овој месец јавни изјави во јавноста итн., дека ќе одиме на предвремени изборите итн., најпрво требаше да ги предложите овие закони како овластени предлагачи. Од каде овластувањето да ја задолжиме Владата да предложела закони?! И во тој дел од заклучокот да навлеземе дека е несериозна работа. Сега имаме поделба на извршна, законодавна власт. Владата може да ужива овде политичка поддршка или да не ужива доверба во Парламентот. Се додека уживаше, таа може да работи онака како што работи. Но да ја задолжуваме дека треба да работи вака, а не онака со заклучок, и тоа е политичка магла, за некои други поранешни времиња. Но вие имате друга уставна можност: како овластени предлагачи поднесете ги овие закони, кои мислам дека како партија имате и сила и моќ тоа да го направите, и способност на валиден начин, дајте да разговараме за тие закони, за трите што се - за изборниот закон, за избирачките списоци и за изборните единици, да ги донесеме, да создадеме нужна нормативна

претпоставка и да го отвориме прашањето понатаму за предвремени избори.

Јас зборувам само за она што е во склопот на нормативната и што во Македонија секој политички субјект треба да смета на овие моменти, ако сака да расправа сериозно на овие теми. А ако сака да си прави маркетинг или да го почувствува воздухот на пролетта, која еве ни доцни и календарски, тогаш можеме и на ваков начин да се занимаваме.

Од таму, јас оваа ваша иницијатива ја сметам за неискрена, ја сметам за нелегитимна, неусогласена со Уставот пред се, и ваквата иницијатива не само што нема да ја поддржам, туку амблок ја отфрлам. Дури немав можност или бев убедуван од моите колеги дека би било политички штетно да се залагам да не влезе ни во процедура во Собранието ни во дневниот ред, затоа што ајде да отвориме расправа да ги слушнеме аргументите. Јас слушав овде 5 часа, вие друга аргументација или да ја дополните оваа што велите дека сме нелегитимни не слушнав. Затоа, ваквата ваша иницијатива ќе треба да ја доживее судбината како што треба на сериозен начин и мислам дека не би требало сериозно и понатаму да се разговара за ваква иницијатива , каква што вие имате поднесено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Уште еднаш ќе го потсетам г-динот бидејќи не кажа ништо тогаш, наводно кажа "ја фрлам ракавицата и ќе потпишам", сега не потпиша или е тоа стил на карактерот на граѓанинот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Филиповски, реплика.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Добро, му благодарам на можноста уште еднаш да кажам уште неколку збора на колегата. Прво, тој зборува она што сакал да го чуе, и ако има можност да го провери стенограмот ќе види дека реков: немам став на својата партија ниту на пратеничката група во врска со покренатата иницијатива, лично радо би ја прифатил фрлената ракавица да излеземе на избори со свои кадри и со свои програми, но впрочем пред нас стојат и локални избори на кои ќе си ја провериме силата сите. Тоа стои во тој стенограм.

Сега бидејќи излегов, Јас ги искористам тие 2 минути да кажам уште две работи и благодарам на можноста која ми се укажа.

Целокупната аргументација, во многу наврати денес беа споменати состојбите во Републиката, економски и стопански, и тоа од пратеници од пратеничка група која до пред 36-37 дена беше и во извршната власт во Република Македонија. Мислам дека после тие 36-37 дена никакво право немаат пратениците таа ситуација да ја применуваат сега во функција на закажување на нови избори само заради промовирањето на една нова теза од лекцијата нели која ја учиме, повторно ќе речам во демократијата, дека без една партија во Македонија која не би учествувала во власта, нема демократија. Ве молам, ние најдемократски денес раправаме овде за покренатата иницијатива, таа се наоѓа на дневен ред, затоа што има некој,- она што и повеќето дискутанти го кажаа, основ за да биде ставена на дневен ред, меѓутоа, мораме да ги спротивставиме своите аргументи за и против. Се разбира дека дури независно од провокацијата, никој не можеше да оцени кој како ќе гласа,

освен оние кои се изјаснија на говорницата што размислуваат в©-.врска со покренатата иницијатива, така што вонпарламентарната опозиција има аргумент да се повикува на состојбите во стопанството, економијата, во вкупниот живот во РМ, таквиот легитимитет го немаат пратениците кои се потписници на оваа иницијатива.

И уште нешто, како и да зборуваме во врска со покренатата иницијатива, не можеме да го одбегнеме фактот дека сепак се појавуваат тие две иницијативи во исто време и дека се поткрепуваат една со друга, што според мене и не е така лошо, само до крај и на целокупната политичка јавност во РМ и кажува, без оглед на оградите кои беа изнесени од оваа говорница, каде од прилика би оделе натамошните групирања на партиите. Веројатно со ова ќе дадам можност на некој повторно мене да ми даде можност да доискажам некои работи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Љупчо Поповски.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас морам да признам на почетокот дека се чувствувам така релаксирано околу оваа цела денешна расправа, иницијативата, предлог - одлуката која што ни е доставена од страна на Пратеничката група на Либералната партија, а по малку се чувствувам и збунет од една едноставна причина што од досегашната дискусија , особено од претставниците на поднесувачите, значи Либералната партија и во образложенијата и во дискусиите и во расправата не добив впечаток фактички тие за која иницијатива се залагаат и која иницијатива ја предлагаат, која иницијатива ја образложуваат, која иницијатива ја бранат. Имено, бидејќи се потписници на одлука за распуштање на Собранието на РМ, меѓутоа, многу често

во игра ја ставаат и иницијативата на вонпарламентарните политички партии околу собирањето потписи за,..организирање на референдум. Така што јас не знам сега дали тоа е резултат на несоодветно или како што веќе беше спомнато несериозно подготвување на една седница и постигнување на една одредена цел.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Што впрочем на некој начин беше укажано од мои некои претходни колеги, меѓу другото, заради тоа што ако вака крупни иницијативи од политички, уставен и законски карактер се поднесуваат а тоа се прави со малтене преполовена пратеничка група, што зборува дека се бара или се трудат нас да не убедат во вистинските валидни причини дека тоа што тие го предлагаат треба да го прифатиме кога и самите не се убедени до крај, ниту пак го бранат со цврсти и со желба, кои со жар како што се вели, да поднесат одредена документација.

Според тоа, мислам дека од тука исто така не прави помалку не доверливи да бидеме или во искреноста или во желбата да се постигне атаков политички ефект или цел како што тие сакаат.

А особено, пак, доведувањето на оваа иницијатива во врска со оваа иницијатива која се одвиваше така како што се одвиваше мислам дека зборува уште еднаш за еден синдром на оваа политичка партија. Можеби ќе се налутат, нема да се налутат, јас морам сега да го кажам, тоа е оној синдром на заглавен камен меѓу две камионски гуми кои што постојано се тркала, се тркала, тоа е оној синдром на шлепување. Ако тие беа до крај политички, тогаш требаше тука со вистинска политичка аргументација, да си го бранат ова што тука го имаат, а не да го мешаат она што на некој начин е присутно во јавноста, особено од претставници на политички партии, кои што и ова Собрание, вклучувајќи ве и вас, мислам сите заедно не прават нелегитимни согласно изборните резултати што биле во 1994 година. а тогаш знаеме каква беше ситуацијата, имавме избори таа година .во присуство на меѓународен мониторинг каде што се потпишаа, имавме присуство на посматрачи и на тие политички партии, кои што го бојкотираа вториот круг со потписи на записници и покрај сето тоа не прават легитимни, а сега сакаат за 4 дена

собрани потписи од 150.000 потписи ние да им ги веруваме односно да им ги прифатиме здрави з готови. Ние тоа го почитуваме, меѓутоа ќе биде согласно законска процедура која што ја донесе ова Собрание. И толку околу таа работа.

Второ, што сакам, би се обидел, бидејќи од ова што е напишано, исто така, му благодарам на колегата Филиповски кој што на некој начин го кажа тоа што и јас мислев да го кажам во врска со тоа, бидејќи често пати во дискусиите се напушташе содржината децидно што е набележано во образложението и се одеше со барање на причини и аргументи за распуштање на ова собрание со оние кои што се присутни во иницијативите за собирање на потписи на другите политички партии, каде што меѓу другото, но и тие доста, така да кажам, неагресивно можеби ја спомнуваат влошената економска, социјална состојба во дел за меѓународната политика итн., што сега ни дава можност исто така да дадам едно укажување до пошироката јавност, а тоа е и резултат што и овие две политички партии кои што влегоа во организирањето на акцијата Собирање на потписи, не понудија ниту една програма или некој концепт како алтернативни прогнози за сите овие прашања кои што тие ги напаѓаат. Сега да тргнеме, прво, економската ситуација, па социјалната ситуација, меѓународната политика, дали нудат нов концепт на меѓунационални односи итн. по што гласачите односно избирачите, не граѓаните, туку избирачите, бидејќи тие се оние што треба да одлучат, ке се определуваат за тие прашања. А не како што тоа го правена фактички сега со насилно влегување во домовите да ги принудуваат политички да се изјаснуваат за тие две партии. Дали за едната или за другата. Што нема врска со никаков изјаснување, па согласно и Уставот и слободната волја на граѓанинот итн,. Меѓутоа, да тргнеме по ред.

XII/3.-

Во првиот дел се зборува дека потребата од распуштањето на Собранието на РМ се јавува поради раскинувањето на изборната коалиција Сојуз за Македонија составена од трите партии чиј заеднички кандидат за претседател на Републиката е Г-дин Киро Глигоров. Не"би сакал да поверувам, ниту мислам дека исто така и паднало на памет на Либералната партија да го доведува во прашање и легитимитетот на претседателот. Бидејќи вака како е речено логично произлегува дека е и тоа е во игра. Меѓутоа јас веднаш да кажам кои "се сега аргументите кои што мислам не можат да се користат како основа за распуштање на Собранието или пак некои предвремени избори итн. Затоа што коалицијата беше изборна коалиција, мото Сојуз за Македонија во кој што учествуваа три идентификувани, субјективизирани политички фактори. Со цел демократски сојуз Либерална партија и Социјалистичка партија. Да ве потсетам дека и довербата на сите 120 пратенички места односно изборни единици одеше во систем 60% за СДА, 30% за Либерална партија,^10% за социјалистичка партија. Според тоа, уште на почетокот станало збор дека тие три политички партии ќе бидат во игра Нема да биде една нова политичка структура, како честопати што се сакаше да се кае дека е тоа Сојуз за Македонија. Не можеше ни да биде замена на политичките партии. Значи целата работа е изборна коалиција врз основа на "што? На изборна платформа. таква изборна платформа беше подготвена и таа беше предентирана пред гласачите и ние од таа изборна платформа, а се надевам дека и Либералната партија и ден денеска не се откажуваат. Иако ние нејасно во една дискусија на еден нивни припадник беше кажано дека едно е вели коалиција на државно и централно ниво, а друго било на локално ниво. Сега да прашам тоа локално ниво чија изборна програма вие спроведувате? Значи, уште во почетокот се имало не скриена и неискрена намера, фактички, и во делот на изборната програма да не се придржуваме на она што заеднички таму

симе го утврдиле. Според тоа, корените треба оттаму да се бараат, па и во делот на изборната програма каде што не важеше изборната платформа утврдени на локално ниво каде што»тие остваруваат политика во Скопје, Битола, Прилеп и не знам каде. Некои други политички партии кои беа против таа изборна платформа. Тота треба да се каже. А тие викаат не е важно. Како не е важно? Значи неискреноста била и во тој дел.

Второ, немаме пропорционален принцип на избор на пратеници во Републиката. Имаме мнозински принцип, каде што меѓу другото игра многу важна улога улогата на личноста. Таму вика Љупчо Поповски, па - трите партии. Не пишува обратно. Само партијата, па тогаш ние по пропорционалниот принцип во партијата одлучуваме на кого ќе му го дадеме тоа место. Според тоа, луѓето се определувале, прво како што е за начелата на изборната платформа, која што беше нарушена уште од почетокот од нивна страна.

Второ, дека се определувале за личности и ден денеска тврдам дека улогата на личноста, особено во внатрешноста во одделни општини исто така игра толку значајна улога, можеби дури и повеќе од ставовите на политичката партија.

И третата работа, онаа поделба што ви ја укажав на почетокот дека процентуално веќе беше присутно со политичките партии. Според тоа, ако тргнете по сето тоа и се кажува дека заради тоа што се измамени избирачите, ќе бидат измамени избирачите навистина, ако не се овозможи уште до редовните избори тие 4 години да го реализираме тоа што сме го напишале во таа изборна платформа. А дел е реализирана, особено во надворешната политика и некои други отпочнати сериозни реформи во економскиот и политичкиот систем, судството и тн., кое што е при крај. Со сите проблеми за кои што ниту ги занемарувам, ниту ги

потценувам што ги имаме. Меѓутоа, таа изборна платформа е луѓето за кои и се определиле. Немојте да правиме од луѓето дека исклучиво не ни занеле за кого, туку за сојузот се определувале. И покрај тоа, на крајот, можеби не сакав овие да ги рангирам, сигурно дека можеби пресудна и значајна улога имаше личноста на претседателот на Република Киро Глигоров. Врз основа на Програмата за која што и тој како кандидат застана. И врз основа на тие луѓе кои што беа предложени од политичките партии. Според тоа, не стои дека тоа може да биде основа за покренување на една ваква иницијатива

Морам да ви кажам дека да мислам гласачите ќе се чувствуваат многу поизлажани ако ние продолжевме да ја прекривавме целата ситуација од почетокот до 1994 година и досега што се одвиваше. Да им кажуваме дека фактички нема проблеми во коалицијата, нема, нема, нема, и дека се оди, а во стварноста, во функционирањето на таа коалиција уште на самиот почеток во 1994 година се појавија одредени проблеми, разлики и тн. Што ќе беше почесно за мене да се каже дека оваа работа едноставно не ја бива излеговме со еден храбар чин, по кажавме тоа, па гласачите веројатно ќе си го кажат својот избор на наредните избори.

Втората работа, не би сакал уште неколку аргументи, има многу еве ќе спомнам. Дали на пример, експертската Влада која што беше составена во 1991 година после изборите, беше легитимна влада. дали таа беше резултат на изборните резултати во 1990 година од првите парламентарни избори. Или беше преодно решение кое што во моментот се наметна. токму поради политичкиот односно на силите во Собранието и немаше можност да се создаде политичка Влада. Според тоа, ако тргнеме така се може да дојде во прашање. Се сеќавате во 1990 година Либералната партија настапи како сојуз на реформски сили на Југославија за Македонија. Ние исто така. Сојузот на комунистите на Македонија, Партија за демократска преобразба, Јас тоа не го кријам.

Не, не го прескокнувам не се плашете. Никој не со покрена прашењето дека треба да одиме на нови избори, дури и сме ги смениле имињата. Одиме понатаму. Што се случуваше во редовите и на едната и на другата политичка партија каде што имавме пратеници, имавме пребегнување од една страна во друга. Од кај нас побегнаа во независни други форми на нова политичка партија, во тогашната парламентарна партија ВМР најбројна имаше, се направија не знам колку нови политички партии. Либералната партија си прибра двајца пратеници исто така, не побара за нови избори итн., итн. Значи, што е причината? Причината е во мнозинскиот принцип и во Уставот каде што стои дека пратеникот можел да поднесе оставка и ништо друго. Не може дополнителни избори. А оваа, мислам идеја што ја пласира мојот колега Наќе мислам дека доблеста ќе биде до крај задоволена ако на висина сакаме до крај да бидеме доследни тие 29 места однесете оставки, ќе распишеме дополнителни избори, сигурно ќе влезат и некои од овие другите политички партии кои што сега се мачат на ваков начин да дојдат до предвремени избори. Според тоа, мислам дека има илјада аргументи што не броиме, а да не зборуваме за оваа ситуација што го имаме на локално ниво. Па, никој не го покренува прашањето за легитимноста на општинските собранија. Шест гадини се нелегитимни, во кој што има и наши претставници, но има и добар дел на претставници од Либералната партија. Во градско Собрание 1.500 комбинации се направија меѓу политичките партии да останат на власт. Никој не го покрена прашањето на одборниците да си дадат оставки или да се оди на дополнителни избори итн. само во случај на не дај боже смрт или на поднесена оставка. Како што викаат ништо не се случи. Според тоа, ако сакаме да бидеме доследни сета таа аргументација треба да ја имаме предвид и да ја кажуваме.

XII/7.-

И уште на една работа, која што мислам дека е доста важна и треба да се потсетиме. И самиот состав, и целата структура на Сојузот за Македонија меѓу овие три политички партии за избор на Владата 1994 година, знаете дека не беше обична копија, туку дека беше уш®е една политичка партија која што не беше членка на Сојузот за Македонија. И таа влезе во власта. Зошто тогаш не се постави прашањето, зошто една политичка партија, која што не е во коалицијата, е вклучена во извршната власт. А сега, затоа што една била исклучена, не може да постои, мора да одиме на нови избори или да се распушти Собранието. тоа прашање не беше поставено.- Беше прашањето поставено во вид на еден претставник на таа политичка партија тој не можел да биде итн. заради тоа што потпишал нешто и сл., што не е за потценување, тоа меѓутоа не се постави во прашаше воопшто присуството на таа политичка партија во извршната власт. Уште од тој почеток имаме некоја видоизменета коалиција заради тоа и самите се согласивме дека е добро и таа политичка партија да влезе во извршната власт, без разлика дали бројките на некој начин тоа го овозможуваат во такво присуство какво што е, со десетина пратеници и сл. Се сеќавате дека тоа беше направено. Тука би завршил во тој дел, така што мислам дека апсолутно без гнев, без нервоза како што некои спомнаа тука да нивните пратеници дека ние тоа со нервоза го правиме, со гнев во одбиваме, апсолутно не Јас не знам сега дали до крај го сфатив мојот колега Наке околу легитимноста на постапката, мислам дека тоа дава можност, мислам Уставот, да се даваат такви иницијативи, да се поднесуваат и од тој аспект е веќе чиста работата. Туку е проблемот во образложенијата и зошто тоа се прави и како. Секогаш мислам дека е добро да ги соочиме. Еве јас кажав една аргументација, но нека и гледачите и јавноста оценуваат дали таа аргументација што ја кажувам, е подобра  и посилна

и обаеснажува една ваква иницијатива, или нивната тие што сакаат да ја кажат е појака, поубедлива итн. Мислам дека тоа е смислата и на парламентарната расправа и на парламентарниот живот итн.

На крајот би сакал само куси коментари на неколку искажувања. кои што мислам дека со нив до крај не се согласувам околу една дискусија дека на некој начин унитарниот концепт на организирањето на државната власт во државите или во општествата воопшто се комунистички изум. тоа не е точно. Ние имаме и ден денеска силни унитаристички држави, како што се Францида, Шветска, има уште многу кои никогаш не биле комунистички, но останале на унитарната концепција на организирање на државната власт. И да не ги мешаме работите. Едно е кога ќе кажеме унитаристички концепт на организирање на државната власт, а друго е демократскиот облик каде што ги регулираат односите меѓу власта и граѓаните и поединецот. Тука мислам дека и со некои реагира

Други дискусии очекува да да се \ к - од страна на исто така на претставниците на Либералната партија од некои дискусии од г-дата од ПДА каде што тие им понудија коалиција, а укажаа дека на некои работи кои што се надвор моментално од законите и уставите на оваа Република. Јас ако се подразбира под лева идеологија почитување на Уставот и законските прописи околу формирање и конституира&е на институции, кои што се сега надвор од тие закани, или за некои други иницијативи, кои што исто така не го почитуваат сегашниот Устав на сила, тогаш сум јас аа таква лева идеологија.

**ТИТО ПЕТВОВСКИ:**

Г-дин Панчо Минов

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, колеги имајќи

чест да добијам збор за дискусија после еден висок функционер на пратеничката група и партијата СДС, како и на еден фактички многу влијателен член на Пратеничката група на СДС, не можам да си ги пренабрегнам моите емоции да ги искометнрам нивните дискусии.

Најпрво за неискреноста со оваа одлука за распуштање на Парламентот на Либерална партија. Ќе ве молам, шампионите на неискреност СДС зборуваат за некоја неискреноста често поставена предлог одлука за распуштање на парламентот. Неискреноста СДС, тоа го знаат, е општо познато, со непочитување на изборните резултати, фактички, е најтипичен пример за неискреност, што напред реков шампионот во таа работа.

Понатаму г-динот Љупчо Поповски зборува за некој синдром на Либералната партија, кој што така патем ние да не се налутиме тешка уврeдителност дека ние се шпепуваме. Толку е нетолерантност да негова страна, што со тоа условно кажано шлеповање и тој е избран на Либералната партија. А оној што збори за шлеповање фактички, со растурањето на коалицијата Сојуз за Македонија покажаа еден голем политички мангуполух, демек, ако можеме сами да владееме зошто ни сте вие пратеници од Либералната партија.

XIII/1 РД/НД

**ПАНЧО МИНОВ:** (Продолжение)

Инаку сакам јавно да искажам дека пратеничките групи на Либералната партија поднесувајќи ја оваа предлог одлука за распуштање на Парламентот, се залага за распуштање на Парламентот и за предвремени избори. Тоа е во согласност со граѓанската иницијатива за 150.000 потписи. Ние сме граѓанска партија каква што квази и вие се деклариравте и затоа не можеме да не поддржуваме граѓанска иницијатива на собирање на 150.000 потписи кој што е уставна категорија и елементарна форма на непосредна демократија. Ако вие тоа го негирате тогаш прашањето поставете си го сами.

Господинот Наќе Стојановски зборуваше како е можно нелегитимни пратеници да носат сега ваква нелегитимна одлука и понатаму до 15 септември додека е рокот за донесување на изборните закони. Јас мислам дека тука свесно се залажуваме и сами себе како членови на Парламентот, а јавноста дека нашето барање и нашата одлука не го оспорува легитимитетот на пратениците. Нашата одлука и образложението на истата го оспорува легитимитетот на составот на новата влада и легитимитетот на новокомпонираната пратеничка група како парламентарно мнозинство. И на крајот на краиштата, не се работи тука што меѓу себе мислат одделни пратеници од либералите и од СДС за себе, туку се работи што ние и како ги застапуваме нашите бирачи што тие мислат за нас.

Многу во дискусијата беше експлоатирано душегрижништвото дека ние се сомневаме во довербата на граѓаните од оние што не избрале не подучуваат дека имало институт оставка и дека 29 пратеници треба, да поднесеме оставка дури некои се пријавија дека и тие ќе се приклучат. Треба јавно и јасно да се каже следното:

Распуштање на Парламентот и предвремени избори, пратеници на Либерална партија бараат да се прекине и одземе власта на Социјал-демократскиот сојуз, а не барат> -дополнителни избори за 29 пратеници. Истото тоа го бара и граѓанската иницијатива организирана од овие две партии. За тоа ние тоа и понатаму ќе го бараме се додека не дојдеме до ефект за распуштање на овој Парламент и на нови избори да ја докажеме довербата од граѓаните и од таквите изборни резултати да ја распределиме власта,а не вака со чиста политичка математичка комбинаторика.

Инаку за искреноста на пратеникот Панчо Минов тоа не се прави така,29 пратеници нека си поднесат оставка, па само за тие дополнителни избори а само за тие дополнителни избори а мнозинството на СДС која не го сака ни опозицијата ни најголем дел од граѓанството да остане, туку за искреноста на тоа, јас би му предложил на главниот протагонист на оваа идеа, господинот Љупчо Поповски дека Панчо Минов како пратеник ќе си поднесе оставка во согласност со вашата оставка, па повелете во вашата изборна единица во Скопје да ја провериме довербата.

Мој впечаток е дека позицијата што овде зеде збор по оваа предлог одлука за распуштање на Парламентот, не е дека нервозно се реагираше. Индикативно е начинот на реагирањето кое со таков уплив беше искажано кој што не доведе до еден впечаток кој што и присутен меѓу граѓанството и бирачите кога се работи за чување на СДС власта ,дека ќе се прибегне и кон сите средства, и најлоши, што да се сочува власта. Од тоа навистина се плашам. Инаку сакам јавно да се одвои оваа предлог одлука чиј подносители се Пратеничката група на Либералната партија од поддршката што ја дава конкретно во текот на оваа седница НДП, коалицијата ПДП-А. Ова е иницијатива на предлог одлука чиј носители и предлагачи се пратениците либерали. Индикативно е исто

така што најгласни поборници и заштитници да не се усвои оваа одлука, односно заштитници на власта беа тука доста некои нервозно што истапуваа, пратеници албанци. Најверојатно заради очекувањата што истите ги имаат во својата коалиција и новата влада. Страв од тие исчекувања да не бидат со отпуштање на Парламентот остварени.

Јас само ќе повторам дека ние оваа предлог одлука ја поднесовме од две причини, што јасно стојат во образложението на истата. Првото е растурање на коалицијата Сојуз за Македонија и преседанот на Парламентарната демократија но нарушување на поделбата на власта законодавна, извршна и судска.

Вториот момент е катастрофалната состојба во стопанството и стандардот на граѓаните кој е евидентен од расположението на граѓаните гласачи. За легитимитетот доста беше кажано и мислам дека не е на одмет повторно да се повтори дека легитимитетот на 88 пратеници е врз основа и довербата е добиена во согласност со расположението и довербата дадени за претседателскиот кандидат кој беше на чело на Сојузот за Македонија и за кандидатурата како кандидати на Сојузот за Македонија.

Со изборот на нова влада да кажам се наруши тој принцип на поделба на власт на законодавна и извршна, па и судска. Зошто се наруши.

Прво, не се даде отчет на работата на претходната влада, не се поднесе и не се усвои програма за работа на новата влада. А да ве потсетам Парламентот ја има контролната функција во однос на извршната влада: Значи се негираше и уставната функција на Парламентот за вршење на политичката контрола и надзор над Владата на Република Македонија. Едноставно премиерот наредбодател се

поставува и по однос на Парламентот и со не враќање на мандатот; поради новокомпониранатa политичка група ви за ви Сојузот за Македонија се избегна и уставната улога на претседателот на Републиката да повторно му го даде мандатот. Колегата Бојков зборуваше во него- вата дискусија дека стоело во дописот од претседателот на Републиката дека му го дава мандатот на господинот Бранко Црвенковски од СДС. Јас мислам дека тоа е едно општо правило дека во коалицијата во парламентарната демократија мандатот му се дава на кандидатот на најбројната партија. И за тоа стои Сојузот за Македонија, Бранко Црвенковски од СДС. Тоа како појаснување и за Парламентот и за почитуваниот колега. Нормално е дека ова отсуство на одговорност на Владата од Парламентот може да се издроби во лошо користење од страна на Владата на органите на власта без одговорност од Парламентот и што може да доведе до една нерамноправна положба на граѓаните и што е најтрагично во селективност во задоволувањето на нивните права и интереси од органите на власта. Нормално е дека власта на Социјалдемокретскиот сојуз создава по однос на ова конкретно прашање предлог одлука за распуштање на Парламентот и слепило кон таа работа тоа не се гледа и глувонемост кон тоа, тоа да не се слуша и нерационалност во разбирањето на аргументите во прилог на донесување на таа предлог одлука за распуштање на Парламентот.

Сега ќе преминам на објаснување на вториот момент за донесување на оваа одлука за распуштање на Парламентот, тоа е катастрофалната состојба во стопанството и стандардот на граѓаните.

Во интервјуто на господниот Бранко Црвенковски по однос на ова прашање дали за 15 месечното работење Владата и тој лично се чувствуваат одговорни за состојбата тој од прилика рече следното: "Да, целосно одговорност, но ако се докаже дека Владата со мерките што ги презела, таа е одговорна за лошите состојби, или пак ако била во

можност да преземе нешто, не презела и за тоа се лошите состојби". Ве молам, тој што треба да ги оценува тие состојби и тој што треба со мерки да ги подобрува на подобро тие состојби е еден субјект, а тоа е Владата сама себе си дава оценка и можете да претпоставењте каква ќе биде таа оценка.

Инаку повикуван»ето дека ние сме избрани за четири години и дека тоа има одредени резултати, треба да се сочека периодот на завршување на мандатот па крајните ефекти да се видат, мислам дека тоа има и друга крајност, може за тие четири години да се направат такви катастрофални и последици , за да проблемите бидат уште полоши и по стопанството и по стандардот на граѓаните. Тоа е најдобро, може да се провериме на нови избори со нов мандат да се спроведува економската политика. Беше тука спомнувано уставното решение за распуштање на Парламентот. Творец на тоа уставно решение е господинот Фрчковски. Тоа е така срећно направено што никогаш или многу тешко може да се донесе, кога е условено единствена можност за распуштање на Парламентот од самиот парламент. За тоа е Либералната партија односно пратениците постапуваат како што ни беше и мотото на Третото собрание го слушаме вашиот глас на граѓанските иницијативи како паралелна варијанта за распуштање на Парламентот за да се добие крајниот ефект за нови предвремени избори. Мислам дека треба посебно да се потенцира овде еден деликт би рекол говорнички кој го изрече Никола Поповски . кога спомнуваше примери со два Луја во Франција. Јас лично знам дека господинот Никола Поповски е опозиција во својата партија па го спомна поврзувањето на овие два Луја во контекст на екс претседателот на Собранието Стојан Андов, сигурно мислејќи на својот претседател Бранко Црвенковски за да од опозиција од својата партија премине во позиција. Инаку државничките придонеси на екс претседателот на Собранието на Републиката Стојан Андов се вградени

во сите битни закони и одлуки на претходниот состав на Парламентот. На овој состав на Парламентот кои значеа државотворност на Република Македонија и нејзина меѓународна афирмација, а што се однесува до колегата Никола Поповски по однос на политиката на господинот Стојан Андов може да го праша само дали вода да му носи, а мислам дека ќе го одбие за таа работа.

Господинот Нано Ружин зборуваше за наивниот пристап кон оваа предлог одлука и повикуваше на политичка култура, иако и самиот доста вулгаризми политичка некултура употреби со кажување дека ние сме сакале со оваа одлука работата на добиваше на власта како да ете си ги разменуваме жените ,па тоа не е битна работа, мислам дека тоа не е сериозно и кажа дека политиката е три точки. Мислам дека политиката не е три точки, туку политичарите, а не велам тој е таков е тоа три точки. Не е политиката три точки, туку политичарите се, да не речам како Нано Ружин.

Исто така се зборуваше за интересно сега со опозицијата дека на Парламентот имало сега опозиција и тн., сметам дека тоа е исто така со голем цинизам изразено, затоа што таа интересност да се почувствува треба да се биде од страната на опозицијата и да се слуша гласот на тие 250.000 кои што најмалку сметат дека ова е интересна работа, туку сака да се распушти овој Парламент и да се распишат нови избори.

Беа спомнувани и примери на претпријатија кои што се со ви за ви капиталот во двесто струки износи во загуба, мислам дека тоа е еден добар пример на успешноста на оваа влада, беа спомнувани дека каматите се сега намалени 24%, а не спомнуваа дека се 48% со провизијата што самите банки ја дават на каматите и тоа од странска

помош. Сигурно незгодно му беше на колегата од Велес да ги чита успесите на нашата економска политика па за тоа написмено ги читаше и мислам дека неодминливо е да се коментира и господинот Сали Рамадани кој што е еден бисер на глупи август колку глупости може да истресе на Парламентот, кој што со искажаните србизми со повикување на притисок и условно бунт, со спомнување на национални партии и тн., мислам дека од внатре се гледа дека ќе биде цел црвен, но увозно црвен, не знам од која соседна држава и само уште едно на колегата Настевски му кажале на човекот да го нападне Стојан Андов ој без да ја разбере работата го напаѓа како претседател на Уставна комисија, така да го излажале.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ве молам сите пратеници не дозволувајте, јас не можам со постојани интервенции да го чувам вашето достоинство, ако вие сами не го чувате во вашите дискусии. Ве молам и за коректност.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Во наплив на тоа што бев спомнат по име и презиме прво вака јавна благодарност за претходниот дискутант дека во наплив на чувства искрено признал кои се побудите на поднесување на иницијативата, да се турне СДС да дојдат либералите на власт, а не Дека образложението е грижата за граѓаните во државата, нивната состојба и тн. Искрена благодарност за тоа.

Второ, јас ја немам потпишано оваа предлог одлука. Потпишано е од претходниот дискутант под реден број 15. Јас мислам дека си го признава потписот, иако некаде веројатно потписот е даден во претпладневните часови, бидејќи пишува дека е поднесена во 12.05 часот .Јас се надевам провери си ја уште еднаш и види кого го

прогласуваш за нелегитимен овде во оваа инцијатива со твојот потпис.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, не, не беше никој спомнат.

**ИВАН БОЈКОВ:**

За да биде јасно што кажав да не бидам криво интерпретиран. Очигледно лекција добивме од политичка култура сите на еден умесен убав културен начин, а истовремено се тврди дека нервоза не зафатила сите нас пратениците од СДС.

**ИВАН БОЈКОВ**: (продолжение)

Точно е дека реков во излагањето дека во последно време се манипулира и со мандатот на претседателот на Владата односно дека мандатот е даден на Сојузот за Македонија од страна на претседателот на Републиката. Денеска продолжение на манипулацијата по таа тема на иста тема, очигледно дека е тоа стил на однесување и комуницирање и со јавноста, па беше речено дека претседателот го дава мандатот на најбројната партија од коалицијата прво и второ дека хронолошки се спомнува сојузот па потоа СДСМ.

Заради вистината јас го имам пред себе не зборувам на памет, точно известувањето на претседателот на Република Македонија до претседателот на Собранието на РМ, во кое се вели за да се утврди манипулацијата од дискусијата дека не се дава мандатот на најбројната партија од коалицијата туку е речено:

"Ве известувам дека врз основа на член 84 алиена 1, а во согласност со член 90 став 1, од Уставот на Република Македонија и Предлогот на социјалдемократскиот сојуз на Македонија а по обавените консултации со раководствата на политичките партии застапени со пратеници во новото собрание на Република Македонија, значи со сите партии, не се спомнува никаква коалиција, за мандатор на состав на Владата на Република Македонија го определува Бранко Црвенковски претседател на СДСМ" пак не се наспоменува никаде по некој хронолошки редослед како што кажа дискутантот Сојузот за Македонија па потоа СДСМ. Ова е евидентен факт. Значи, манипулацијата продолжува и по- натаму и обавувањето и на нас овде кој го немаме ова читано, а и на јавноста по таа тема. Потоа ќе земам з бор по друга основа.

XIV/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани реплика на дискусијата на г-динот Панчо Минов.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Прво, репликите не ги сакам многу, второ немам со кого да реплицирам затоа истите зборови како бумеранг нека ги прима за себе, инаку би го навредил. Само да му кажам нешто друго не да му одговорам ако не знае кој е Сали Рамадани г-динот Панчо Минов, може 6* е пијан денеска, незнам, нека оди не во Кичево, нека оди не во Западна Македонија, нека оди овие денови накај Карпош, Буковиќ, Бојане итн., туку нека дојде со мене во цела Македонија и тоа во источна Македонија па нека ги праша граѓаните Македонци кој е сали Рамадани, што пишува во нивните срца. Само толку. Ако сака случајно и искрено предвремени избори како што кажаа многу пријатели тука нека даде оставка затоа што ако нема легитимитет некој од вас тука прво се Либералите. Значи, исфрлени се, одвоени се и за никаде не се затоа нека играат тука сега да бараат распуштање на парламентот, тие се сами прво распуштени веќе и затоа на тие избори незнам на која изборна единица и припаѓа јас би се кандидирал таму, па ќе видиме дали ќе добие еден глас г-динот Панчо Минов, Миновски, незнам како се презивал и во кое време. Толку не треба повеќе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Мене не ми е под честа да го коментирам г-динот Сали Рамадани затоа што тој е каков таков член на парламентот, туку како докажан непријател на Република Македонија јас ги застапувам моите граѓа- ни и моите бирачи во мојата дискусија спрема него. Само толку.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте со такви етикети ве молам.

XIV/3.-

**ПАНЧО МИНОВ:**

И тоа и понатаму ќе продолжам.

По однос на г-динот Бојков јас не реков за дописот г-дине Бојков Вие не бевте, само ми беше чудно што изразивте спрема мојата дискусија манипулација, јас за вашата дискусија не употребив таков термин, се работи за правила во парламентарната демократија каде по правило ако е во избор на коалиција мандатот се дава на најбројната и тоа е така.

По однос на колегата Наќе Стојановски не знам зошто го чуди него, прво не го разбраа со вториот дел од дискусијата за саатницата што сакаше тој да каже, па подобро би било тоа да го кажал и тој претпладне, а не сега, може би е и тој во некоја друга состојба, а инаку, секој пратеник си е пратеник за да биде учесник во власта. Така сум и јас избран пратеник Панчо Минов од Либералната партија и моите колеги "од пратеничката група и тоа да не ве чуди. Но, ако вашата гласачка машинерија која нема да ја изгласа оваа одлука прејудицираме бидејќи нема ни свест ни совест овој Парламент, тогаш сигурно ќе по- ведеа граѓанска иницијатива, тогаш бидете сигурни дека граѓанската иницијатива ќе победи а СДС никогаш нема да има волку полни клупи како сега.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Како можете така, немојте да ги навредувате пратениците г-дине Минов, ве молам.

Процедурално бара г-динот Џаферовски:

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Сакам да протестирам почитувани колеги на начинот на кој се руши дигнитетот на парламентот во оваа сала. И тоа, за жал, од колеги пратеници. Секој што излегува на говорница има до крај да ги почитува нормите на едно најелементарно човечко однесување. Совест, свест, и слични работи за себе секој да си се праша немој да го става

XIV/4.-

Парламентот на толку ниски гранки да ни се смее цел свет. Ви се молам. Затоа сакам да протестирам од оваа говорница и сакам да се согласите сите со ова и да се осуди секој кој смета на овој начин да го девалвира дигнитетот на Парламентот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас по трет пат ве молам сите заедно навистина чувајте го и поединечниот и заедничкиот авторитет.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас се извинувам пред овој парламент ако сум бил разбран дека моето повикување на свест и совест се однесува за колегите пратеници. Јас реков, ќе повторам дека оваа одлука ние ја предлагавме бидејќи сме свесни дека сме малцинство, дека сме мал број на пртеници дека да делуваме на парламентот како свесни, а не реков да ве навредуваа нас. Ако така сум разбран се извинувам, тоа беа адутите во образлагањето за да се усвои оваа одлука, ништо повеќе. Повторно се извинувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, вие рековте нема свест ни совест во овој парламент. А друго е што сега се обидувате да се коригирате и тоа е добро.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Не реков така, ќе се види од стенограмот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Руфи Османи процедурално.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас мислам дека г-динот Панчо Минов изрече една квалификација која воопшто не е точна и редно е од оваа говорница го повлече зборот дека г-дин Сали Рамадани е докажан непријател на Македонија. Тоа во-општо не е вистина и ако малку свесен, а верувам дека е, редно е да ја повлече таквата квалификација.

XIV/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Кенан Хасипи.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани колеги. Дозволете ми во релативно разумен временски интервал да ги изнесам моите согледувања во врска со оваа предлог одлука на Либералната партија. Имено, во досегашните дискусии од бројни дискутанти проверува неколку тези на кои сакам да се осврнам.

Првата теза е дали предлог одлуката на Либералната партија за распуштањето на Собранието на Република Македонија е легитимна или не.

Второ, Дали е избран правиот момент за да се поднесе предлог за распуштање на Собранието на Република Македонија респектирајќи ги економските состојби во РМ.-

Трета теза, е дали во дадената економска ситуација да се оди на нови избори, а се знае колку тие чинат,

Четвртата теза беше дали во политиката има етика, а јас би уфрлил петта теза - тезата на интересите на која ќе се осврнам малку подоцна.

И Уставот на Република Македонија и Деловникот на Работа на собранието на РМ им дава на секој пратеник поединечно, на група пратеници, на пратенички групи да поднесуваат предлози, иницијативи, предлози за измени и дополнување на закони итн. Гледано од таа гледна точка оваа акција на Либералната партија е сосема легитимна. Сосема е друго дали образложението одговара на иницијативата или не и тој колку на тоа се приклучува.

Втора работа дали е избран најдобриот момент. Дали е избран најдобриот момент е работа на проценка на политичката партија која излегува со тој предлог. Либералната партија смета дека во постојната

констелација на односи е најдобриот момент да се излезе со оваа иницијатива и неслучајно оваа иницијатива не ја покрена пред два месеци. Неслучајно и вонпарламентарните партии акцијата за собирање на потписи не ја почна пред два или три месеци, туку ја почна сега сметајќи дека моментот е најпогоден алудирајќи на постојните економски состојби и на пропаѓање на компактноста на Сојузот мислам на распаѓање на сојузот. Тоа е работа на нивна проценка. Работа на проценка на владеачката партија е дали ќе се приклучи кон оваа иницијатива. Ако смета дека не е погоден моментот сигурно нема да ја прифати. Тоа не ја исклучува можноста дека и владеачката партија во некој нареден период сама не ќе покрене иницијатива за вонредни избори. Таа иницијатива ќе ја покрене во моментот кога ќе почувствува дека постои атмосфера да добие повторно мнозинство. Во крајна линија и настаните на просторите на Бивша Југославија и пошироко на Балканот покажаа дека бројни вон- редни избори беа иницирани од владеачката партија, меѓутоа, во момент кога тие сметаа дека ќе го добијат мнозинството гласови. Тоа е сосема нормално.

Понатаму, дали економската ситуација ни дозволува да одиме на нови избори сметајќи, како што рекоа некои пратеници дека тоа чини. Видете, интересна работа. Сите знаеме дека власта нема цена. Власта е сласт, поголема сласт е поголема власт и ни еден политички субјект кога би почувствувал момент дека ќе го добие мнозинството гласови тој воопшто не би размислувам колку ќе чинат тие избори. Да се алудира на сентименталност, на грижа за трошоци мислам дека не е сходно на констелацијата на односите ниту е карактеристика на повеќепартиските системи. Тоа сите го знаеме меѓутоа, може би вешто го прикриваме.

XIV/7.-

Понатаму, дали во политиката има етика. Во политиката има етика во онолкава мера колку што постојат контролни механизми на власта. Во западните демократии се вградени тие контролни механизми и во институциите на системот и што е уште поизразито во невладини вон институционални системи. Тие вршат, дали преку независни медиуми, дали преку невладини здруженија, вршат огромна пресија што има контролна улога врз функцијата на институциите на системот и во толкава мера постои етиката во власта.

Инаку, целта на секои нови избори е да се добие власта или во најмала мера да се биде што поблиску до власта за да се остварат одредени програмски определби или одреден интерес.

Спрема ова што е речено тука нема дискусија и токму врз овие интереси партиите што ги претставувам ја анализираа оваа иницијатива и тоа низ три фази.

Прво, дали во постојната констелација на односите во парламентот се реализирани одредени фундаментални програмски определби на партиите притоа, заклучок беше дека се реализирани во многу мала мера. Гледајќи од тој аспект може ме да поддржиме предвремени избори, меѓутоа, беше анализирано кои се можните алтернативи од евентуално предвремените избори притоа алтернативите не нудеа ништо повеќе и ништо подобро од ова што ние сега го имаме.

Третото што одлучи да не ја поддржам оваа работа е што се- уште немаме правни односно нормативни претпоставки за нови избори. Огромните забелешки што ги имавме на изборниот модел во услови на непостоење на изборна на регулатива не ни дава за право да одиме на нови избори, бидејќи со постојниот модел немаме ништо поголеми шанси во новите избори. Единствено кога ќе се воведе правна регулатива во сферата, нови изворни закони, поделба на изборните единици итн., кога ќе бидеме јасни на што сме и колку добиваме' пак низ призма на

интереси, а не сентименталност во тој случај ќе бидеме во состојба да поддржиме било која иницијатива за предвремени избори.

благодарам на вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседтеле, почитувани упорни пратеници кои останавте во оваа сала да чуеме нешто надвор од она што сите велите дека не е борба за власт, а очите би ги извадиле да се дојде до таа власт, за жал.

Правило на секои парламентарни избори е веднаш по завршување на едни избори почнува трката за следни избори. Оваа трка што во овој парламент задоцни е исклучиво од фактот што имавте една моќна победа со апсолутно мнозинство, добро организирана победа така што практично та победа мораше да доведе до оваа многу порано се актуализира прашањето на предвремени избори.

Јас на неколку пати од оваа говорница сигнализирав опасност од она што значи самобендисаност, огромна надмоќност, што мораше да изгради или опозиција во позицијата или едноставно она што се случи и што го сметам како сосема нормално, затоа што понатаму парламентот не ќе личеше на парламент ниту пак ќе можевме да зборуваме и за алтернативи и за демократски процеси ако останеше она едноставно надгласување тука.

XV/1 JJ/ПН

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Не значи дека со одењето на Либералите во опозиција дека битно многу состојбите ќе се изменат во таа смисла. Но, сепак, апсолутното мнозинство веќе е загрозено и веќе имаме една партија со 29 пратеника која што верувам дека ќе изнајде и сили, ќе изнајде снаги и можност сето она што значи една идеја тука и да го докаже, впрочем како што и го посакуваат многу од оние припадници кои што припаѓаме на оние мали партии или независни пратеници, кои што сакаме овде да видиме една политичка борба на алтернативи, на програми, без навреди, со она што би значело практично познатата филозофска мисла - квалитетот на позицијата зависи од тоа колку е квалитетна опозицијата, а затоа што позицијата е оној заменик кој што ги покренува сите процеси и не ја остава позицијата да задреме и не дај боже да заспие.

Во таа смисла и иницијативата на ЛП и сите граѓански иницијативи за предвремени избори особено на, партиите од опозицијата, па дури и партиите на позицијата, кога ќе пресметаат дека е погоден момент да се зацврсне определена власт и позиција, се се тоа нормални, познати демократски правила на игра што треба да ги прифаќаме. Сметам дека е депласирано и воопшто неумесно да дискутираме дали има .доволно аргументи за предвремени избори. Тоа дека ќе биде проценка што ќе ја даде времето и граѓаните. Воопшто не треба да дискутираме дали тој предлог е добро напишан, дали граѓанската иницијатива од граѓаните е граѓанска или ја предводат некои партии, што е сосема нормално. Воопшто тоа не треба да ни биде нас важно. Ние овде треба да се надмудруваме политички, да се почитуваме, да се респектираме, практично тука не можеме да аргументираме дека вонредните избори се

скапи, дека избори во овој момент не ни требаат и сл. Јас ќеречам дека можеби, јас ќе дадам глас за иницијативата, но сум убеден дека гласот даден сега може да се сфати како давање на барирaн чек и бланко меница, без дефинирани правила на игра, со многу поважни работи за да тие избори бидат како што и вие самите велите, не биле чесни, не биле поштени, некој нас да не смета и нас тука како нелегитимни. Тоа да го оставиме како минато. Без територијална поделба, без изборни единици, без дефиниран изборен закон како што и повеќе колеги пратеници кажаа, сосема искрено чесно и поштено и јас ќе се придржувам кон тие квалификации. И ние како Демократска партија на Македонија иако една од оние партии која што можеби најмногу авансирала и профитирала во овој 18 месечен период кој треба да се пресметаме дали со тоа ќе добиеме макар нешто повеќе или барем она што го имаме, она врапче в рака, или како што некој што сака симпатично да речат дека една ластовичка не прави пролет, може само д ја навести. Така да ние објективно денеска, дами и господо ја почнавме предизборната активност. Сакале или не сакале ние го почнавме тој процес. Дали тој ќе биде порано или подоцна нека биде една разумна проценка. Дали можат сите овие аргументи и од едната и од другата страна кој што држат и економските состојби и многуте задачи овде во Парламентот, особено оние што ги викаме фундаментални закони што треба да ги донесеме,за да ги минеме ние овде и користење секоја прилика да разговараме за меѓунационални односи, за образование и сл. Сето тоа си е нормално во рамките на програмите и платформите на партиите. Меѓутоа, сметам

дека нема потреба ниту од замерување, ниту од тешки зборови. Ние денеска, секој втор дискутант го спомна стопанството и лошите состојби. Вчера ние имавме прилика- да чуеме за тоа стопанство и само 1, 2 или тројца го спомнавме дека не ни се добри состојбите таму.

Потписите на 150 илјади граѓани, господо, не ги собраа Љупчо Георгиевски и Петар Гошев, Ги собра состојбата во државата, ги собра нашето неман»е чувство за она што ни се случува околу, надвор од оваа зграда, надвор од овој Парламент. Јас уште пред една година го актуелизирав прашањето на што само ќе ве потсетам од борбата од митотот и корупцијата, борбата против нелегалната трговија со профитабилните производи, нафта, оружје, дрога и сл. Јас наметнувам дека е крајно време ние овде да продискутираме за стопанството, за производството, дека е крајно време тука д го поставиме прашањето и на стечајните работници. Ние за жал немавме чувство, нас со глад да ни штрајкуваат работници, а ние овде да стоиме инертни спрема тоа. Тоа, господо, ги собра потписите а не ги собра ни оден»ето ваму и таму, на крајот на краиштата само можеме исто така да им честитаме на тие што ги собраа тие потписи и д учиме она што е добро од секого, а не практично да оспоруваме, легални, легитимни и други иницијативи. Сигурно дека со ова не сакам да се демантирам дека јас дигнав високо храбро рака, што го донесовме законот што ја регулира таа материја. И денеска не сакам да бидат погрешно сфатен, сум за децидно јасен закон, за сите граѓански иницијативи, за начин на собирање на потписи како и што. Меѓутоа, она што е поминато господа, нека си помине, нека си оди, по свој тек, а ние да си ги гледаме нашите обврски овде, да не бидеме премногу оптоварени од она што дали утре ќе имаме помала или

поголема власт. Не саскам да бидам лош пророк но сметам дека ако не есенва, до година во ова време некаде ќе биде дури и попатно и пожелно во интерес и на позицијата и на опозицијата, а јас би рекол најповеќе во интерес на граѓаните на оваа држава, да имаме предвремени избори, со едно поголемо искуство и веќе во третиот изборен циклус да влеземе сепак малку оспособени како што повеќе од колегите тука сугерираа, добронамерно со една едукација, со едно внимание дека практично ние се срамиме едни од други, зашто на крај на краиштата сме колеги, потполно рамноправни и во тој поглед нема припадници на поголема и помала партија. И на крајот на краиштата ако на сите во основа треба да ни биде независна, самостојна, побогата и подемократска држава, без ова што денеска ни се случува, тоа не е можно. Според тоа , мојот краен збор нека биде и ова денеска е едно огромно искуство кое за иднината на Македонија треба да биде драгоцено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Владиир Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Само кратко на две алузии кој што беа тука објавени. првата беше околу тоа, околу граѓанката иницијатива и искажаното дека таа граѓанска иницијатива преку партиите ВМРО и ДП, дека тие граѓани кои подржуваат и на некој начин ги даваат своите потписи се против државата, против знамето и тн. и тн. На никој начин не сакам да поддржам друга партија, што ги спомнав, меѓутоа таква дисквалификација да одбијам заради тоа што сигурен сум дека таа иницијатива како граѓанска ја потпишуваат луѓе од разни профили и

политички ориентации. Јас сум сигурен дека таа иницијатива, веројатно ја потпишале и симпатизери на НДП, дури и на СДСМ и тоа е граѓанска иницијатива. И сега ние даваме квалификација дека тие граѓани фактички гласаат за непризнавање на Македонија, против знамето и тн.

Под број два уште еден видовит човек денеска еден го чувме и уште еден дека ЛП ќе прави некои коалиции. Јас мислам, пак ќе се заблагодарам, навистина ако е толку видовит треба да ни каже што ќе се случи наредната година, па да знаеме вака братски, другарски, како што вие од десната сторна знаете да кажете, да си седнеме и да се договориме, да не бидеме вака оптоварени со вакви дискусии. Мислам таквите анализи за нешто што ќе се случи меѓу ЛП и некои други партии е време што ќе дојде, а тоа ќе си го каже ЛП преку својот Републички орган, Извршниот одбор како официјален став на партијата. И на нас, да кажам магионичари и илузионисти не ни се потребни.

И на крајот, бидејќи знам дека секој пат сме досадни кога сме долги дека биле кажани некои квалификации како ЛП сме несериозни, дека сме неискрени, јас му благодарам на г-динот кој рече дека сме несериозни, тој така со длабок глас и така тоа сериозно го кажа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитуван претседателе почитувани колеги пратеници, очигледно предлогот што е на дневен ред и што сега го расправаме едноставно

точката побуди голем интерес како меѓу јавноста така и меѓу нас, за што покажува и должината на расправата, а со самото тоа се дава тежина на овој предмет и дискусијата што се води. Јас би почнал со дискусија во однос на искажани размислувања на претходните дискутанти. Односно кога еден мој колега овде полемизираше на тоа на темата политика, што е политика, и како се подразбира политички дилентатизам и сл., и тоа дека се спомна дневник и краткотрајни политички цели.

Да се вратиме малку station наназад во времето на формирањето на единствената Влада на Сојузот за Македонија кога мандаторот при назначувањето на кандидатите изјави дека во ресорите закон тој смета дека се важни и битни за државата не мисли да постави либерали, затоа што во нив нема доверба. А тоа се случи, да кажеме две или 3 недели после завршувањето на изборите односно месец и половина после формирањето на Сојузот за Македонија. Тешко е дека може да се оправда толку брзото менување на ставот односно ако во формирањето за Сојузот за Македонија се нашле сериозни и конструктивни намери на двете страни, тешко е дека од едната страна за толку кус период ќе произлезеа така несериозни размислувања. Значи се наметнува заклучокот дека уште во почетокот се имаше токму вакви ставови, вакви размислувања, бидејќи ова го поврзувам со дискусијата на еден претходник кога рече дека е присутно непостоење, или слична работа и можност во политиката. Но, за жал, очигледно дека тој дискутант алудираше токму на себе или на својата партија, бидејќи натамошното опстојување на Владата на Сојузот за Македонија беше проследено со многу непријатни настани, а многу е интересен и фактот дека со до

изборот на новата Влада, односно до фамозната реконструкција ни се избраа заменици, туку со пакетот за реконструкцијата на Владата се избраа заменици. Тоа, според мене е многу битно и укажува на фактот дека некој долгорочно размислувал воопшто да не избира заменици, додека не се донесат определени закони за кои беше потребно 2/3 мнозинство односно да се заврши некоја работа кој како ја планираше и после тоа Сојузот се растури. Гледајќи ги така работите, очигледно е дека се воспоставува некој добар континуитет, и нечија добра замисла во сето ова. Јас само ќе потсетам и ќе ги коментирам изјавите на моите претходни колеги говорници кои рекоа дека е можна и таква опција во партијата, во партиските размислувања, во политичките размислува&а. И очигледно е дека токму тоа нечесно размислување е тука актуелно и спрема тоа континуитетот на сето тоа е и оваа иницијатива сега, со желба на граѓаните да им дадеме шанса да се произнесат за она што се случиле во меѓувреме. Сите сме свесни дека пак тие 88 пратеници беа избрани со потписи и печати на сите 3 партии, односно беа предложени од 3-те партии. Значи, граѓаните гласале за сите 3 партии заедни. Со исфрлувањето на ЛП од Сојузот и со распаѓањето на Сојузот за Македонија очигледно дека голем дел до граѓаните се измамени, што и самите анкети во гласилата што ги гледаме јасно и децидно тоа го кажуваат. Сигурен сум дека овие политички манипулации или политички магли како што некој тука ти нарече од говорницата, во многу краток период можат да се разрешат, доколку се прифати иницијативата и се оди на предвремени избори. Но, за жал, според расположението што сега го гледам, тешко дека тоа ќе се оствари и тие што тоа го кроеја и го смислија свесни се за моменталната немоќ да реализираат одредени

избори односно да ги добијат и тешко е дека ќе се нафатат да има изброи.

Што се однесува до борбата за власт, жалосно е што борбата за власт често пати се поврзува во името на народот и во името на граѓаните, а најчесто се поврзува со името на мојата партија поточно на СДСМ или во името на нечија друга партија.

Јас би замолил понекогаш да размислиме и на тие што стоеја зад нас, кога не гласаа да им дадеме шанса и од време сами си се провериме, бидејќи сепак јас ќе речам е човечки, луѓе сме и грешиме, да си дадеме шанса па да се провериме. Не е ништо на одмет, да се провериме.

Очигледно дека во меѓувреме, додека постоеше Сојузот и од кога престана да постои, очигледно дека нешто битно се случува во Македонија, но за жал и заради тоа и нешто битно се случува надвор од Македонија, односно во очите кој што се вперени кој што ја посматраат Македонија. Гледајќи ги процесите што постоеја и во која фаза се сега, очигледно се гледа дека има застој дека има ретроградни процеси, за жал, но до кога и како ќе видиме. Да се надеваме дека нема да биде за долго, пак се покажува дека е така, фактот дека во стопанството имаме многу лоша и катастрофална ситуација е еден уште аргумент, кој сакале или не кога тогаш ќе го признаеме и ќе го сносиме сите заедно, моментално и тие што ја презедоа власта.

Јас би сакал и да коментирам нешто во однос на искажувањата на■претходните пратеници, кои ја коментираа иницијативата како и образложението каде беше спомнато дека се спомнува наводно нелегитимност и слично. Мора да бидеме јасни во образложението ама баш никаде не се спомнува нелегитимност на Парламентот. Едноставно,

се алудира и асоцира на моралната категорија на сето ова, на моралниот аспект, кој што е непобитен, и второ, морам да кажам, бидејќи во повеќе наврати беше спомнато одредено коалицирање на општинско ниво, ме чуди затоа што беше истото коментирано токму од човек кој што многу треба да биде упатен во тоа, односно од г-динто Љупчо Поповски кој е и секретар на партијата, за општинските коалицирања. Веројатно постојат две тези, зашто така се изјасни а не поинаку.- Мора да кажеме дека во Битола бидејќи Битола повеќе пати беше спомната, постои тројна коалиција, меѓу ЈШ, СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. Во повеќе наврати беше симната само некоја си коалиција а не беше јасно кажано, а состојбата е оваа. Жалам што г-динот Поповски не каже децидно дека СДСМ. во таа коалиција партиципира со потпретседател, виза ви ВМРО-ДПМНЕ кој партиципира со потпретседател и уште повеќе што тој потпретседател на Собранието на СДСМ јавно на отворена ТМ емисија изјави дека за сите преговори околу коалицирањето има потполна поддршка од партијата. Тоа го изјави јавно и ние го слушнавме, Според тоа би требало работите да се изнесуваат такви какви што се и изјавата на г-динто секретар на СДСМ, Поповски дека таму постои некаква коалиција во Битола, не нагласувајќи каде и каква, не можам никако поинаку да ја сфатам освен вешто прикривање на одредени ситуации и кажуваше на полувистини. Бидејќи крајната вистина што ова сега го кажувам би требало друг пат да се кажува само вистината.

И на крај во однос на повикот заеднички да се даваат оставки односно прво ние да дадеме оставки, јас повикувам сите заеднички да дадеме оставка, пак на исто ќе се сведе.

XV/10

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Почитуван г-дин претседател, почитувани колеги имам чувство дека денешната расправа околу иницијативата на ЛП за распуштање на Парламентот би била непотполна доколку не се осврнеме и не ја прокоментираме тезата што е лансирана и од оваа говорница а претходно на конференцијата за печат на оваа партија.

XVI/1.-JM/МЛ

**ИЛИНКА МИТРЕВА***:* (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Имено, околу влошената меѓународна положба на Република Македонија како еден од елементите кои што стојат во бек граундот на оваа иницијатива. Дозволете ми накратко да анализирам во што тоа крахираше меѓународната политика на Република Македонија во последниве месеци и неколку дена откако либералите не учествуваат само во Владата на оваа Република. Имено, веднаш по реконструкцијата на Владата стигна изјавата од Стејдепартментот во која се искажува спремноста за соработка со Владата на Република Македонија и се поздравува фактот што политичките промени во Република Македонија настануваат по мирен и демократски пат. Овде веднаш да ја споменам и посетата на госпоѓата Мадлен Олбрајт која исто така кажа дека нејзината земја длабоко ги цени демократските процеси, економските реформи кон што се одвиваат во Република Македонија, а исто така искажува задоволство што внатрешните проблеми можат да се решаваат преку институциите на системот. Ќе набројам уште неколку имиња кои што еве укажуваат на фактот дека во последниве месец дена Македонија навистина беше предмет на интерес на голем број на- странски политичари и Делегации итн., што уште еднаш укажуваат на фактот на не згаснатата и напротив засилена меѓународна позиција на Република Македонија во последно време. Да потсетам на пример на посетата на министерот Шпрангер, министер за стопанство и развој во Владата на Република Германија кој својата поддршка на реформските зафати што течат во Република Македонија и ја материјализираше, значи не ја искажа само вербално, ја материјализираше со 30 милиони германски марки. Тука е посетата на госпоѓата Ањели, министер за надворешни работи на Италија и претседавач на Европската Унија, тука се значи една концентрација .да не заборавам на високата парламентарна посета

која што ја имавме од Норвешка на чело со госпоѓата Спикер на Парламентот, тука се нашите постојани присуства парламентарни, влади ни, или експертски на меѓународната сцена. И за да не испадне ова таксативно набројување, бидејќи верувам дека сите од вас го следите меѓународниот аспект на политичкото живееше на Република Македонија да завршам само, да речеме со оценките кои што доаѓаат од Монетарниот фонд и од Светската банка дека исчекорот во реформските зафати што е направен во Република Македонија е навистина еден од ретките во земјите од посткомунистичка провиденција.

Ако се земе фактот дека меѓународната политика на Република Македонија ја сочинуваат повеќе чинители, дека таа претставува интеракција на повеќе фактори во прв ред на претседателот на државата, на Владата на Република Македонија, на Собранието и зошто да не ги спомeнеме бидејќи и тие имаат свое место политичките партии што не се застапени во Парламентот, невладините организации и тн. Ме интересира ако оваа теза лансирана овде на оваа говорница за влошената меѓународна ситуација на Република Македонија не претставува сушност дефетистичка теза со цел да предизвика несигурност кај граѓаните, што инаку треба да претставува? Се зборува за заслабената позиција на Република Македонија и по однос на Европската Унија. Текстот на Спогодбата за кој што овде стана збор е подготвен уште во претходниот состав на Владата, а сега преговарачкиот тим на Република Македонија само уште подоследно и поаргументирано ги искажува своите интереси околу тоа како ја гледа својата асоцијација кон Европската Унија и се разбира околу самиот текст на Спогодбата истото тоа факторот на меѓународното присуство и солидната меѓународна позиција на Република Македонија и го дава правото своето мислење да го искажува онака како што е во согласност со основните принципи на надворешната политика на Република

Македонија и да не прифаќа никакви условувања. Значи, ако е тоа така, мене ме интересира што во овие последни месец дена се променило^. било во платформата на меѓународната политика на Република Македонија, било во функционирањето на некои од институционалните чинители во надворешната политика, Претседателот на државата, Владата, или Парламентот. Мислам дека само ако се даде одговор на тоа прашање нема да се даваат паушални оценки ниту на оваа говорница, ниту пак надвор од оваа говорница.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господине претседателе, дами и господа, намерно покасно се јавив бидејќи потпретседателот на Собранието не беше присутен, па заради тоа сакав, тоа не се однесува за претседателот, туку за моите зборови недокажани пред тоа. Сакав да подвлечам некои работи. Некаде пред Нова година Либералната партија направи една анализа и утврди дека нешто во Македонија има проблеми. Не е во ред, стопанството не работи. Па затоа поддржав целосно премиерот да направи реконструкција на Владата. Без исклучок кој ќе постави за министри во Владата, тоа е исклучиво негово право. Таа одлука не е потргната со до денеска каква е. Исто така, се побара за состојбите анализа, таква анализа не добивме. Се побара програма како и на кој начин да се извлечеме од ваквата состојба ако е лоша, ако е добра да ја поддржиме и да одиме натаму. Меѓу- тоа, таква програма нема. Што сега понатаму? Јас искрено да ви кажам лично јас страхувам од состојбите кои се сега. Се наведува и се кажува, не сакам да спомнувам имиња, се наведува и се кажува дека надворешната политика ни е врвна, добра, сите не сакаат, па и затоа доаѓаат, особено од Европската Унија, од Европската Заедница, се присутни во Македонија. Господо пратеници, која од овие

држави не ни воведе виза. И најпосле дојде министерот за надворешни работи на Италија, оцени, состојбите многу убави, меѓутоа на четврти сега визани воведува. Нашите граѓани се спречени да патуваат службено и за други работи. Од тоа оценете сега колку сме јаки на меѓународен план. Понатаму, јас кога реков недокажано дека која политичка партија носела одговорност, јас најмалку сум мислел на Социјалистичката партија, туку воопшто за партиите во светот, па и кај нас. И онаа партија што не работи толку носи одговорност и таа што работи толку носи одговорност. Меѓутоа таа што работи и што знае како треба да работи во наредни избори добива, а таа што не знае во наредни избори не добива. Та- ка што не се однесуваше за тоа. Впрочем ако е тоа пак така, сигурно дека јас Социјалистичката партија сум ја сакал од време и ништо не сум имал време против неа. А сега би рекол против господинот претседател на Социјалистичката партија кога работниците штрајкуваа со глад во Куманово, дали беше одговорен тој да појде, да ги види и да чуе зошто тие работници штрајкуваат, какви проблеми имаат, дали имаат храна. дома, дали децата им одеа на школо, кои беа причините. Сигурно да не. Ако штрајкуваа работниците неколку месеца во "Атом"-Кочани дали господинот како лидер на партијата ги праша зошто вие ова го правите, која е моја надлежност, која е моја одговорност, што можам јас да помогнам. Не. Дали сега Цилоза е исклучена од струја, не може да работи, дали некој ги праша зошто вие не работите, кои ви се проблемите. Не."Жито ориз" која пече леб, и меси е исклучена со струја, дали некој нешто праша. Не. Се гледа колку се одговорни политичките партии. Чија е оваа одговорност? Најпрво на претседателот на Републиката,, а потоа на претседателот на Владата и на целата Влада, па и на претседателот на Собранието. Тие се врвни одговорни за состојбите во Македонија. Мислам дека сепак ние добро работевме и

добро дојдовме до една фаза при тие огромни тешкотии, блокада од Југ, блокада од Север, немање на работа. Но сепак дојдевме. Дали се осеќаме одговорни дека викаме демократијата во Македонија е многу на висина. Какви се локалните избори?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Паунов јас се извинувам, вашето време за реплика помина.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Јас барав реплика, не барам јас да ми одговара господинот. Значи, законите недонесени, работите незавршени, состојбите отежнати, е баш заради тоа и сум приморан од состојбите, не по наредба на партијата. Никој не рекол како да гласам, што да гласам, меѓутоа имајќи ги предвид состојбите какви се, имајќи ги предвид состојбите на граѓаните што доаѓаат и што бараат од мене и што бараат од Собранието и што бараат од Владата, имајќи во предвид дека немаат леб, имајќи во предвид дека немаат средства за живот, имајќи во предвид дека се технолошки вишок, имајќи предвид дека се стечајни работници и дека немаме визија, немаме програм како на кој начин да ги решиме тие состојби. Па некои пратеници добро знаеме во странство како ги решаваат проблемите, а зошто не се свртиме па да ги видиме проблемите и внатре во Македонија кои ги имаме, туку проблемите во странство ги знаеме, а домашните не ги знаеме, или не ни одговараат па да ги кажеме. Јас немам никаква друга намера само состојбите да се подобрат во стопанството и на граѓаните да се подигне животниот стандард.

XVI/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Филиповски бара реплика.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Ве молам, не бараше да одговорам, меѓутоа сакам да кажам само две реченици. Во оваа држава постојат институции на системот и надлежни кои треба да водат сметка за сето она што зборуваше господинот Паунов. Јас знам дека таму одеше надлежниот министер за стопанство и веројатно нешто чинел за да ги надмине тие проблеми. Апсолутно сум против, само затоа излегов, да во такви прилики се мешаат партиите. Тоа е една тенденција која се користи и од вонпарламентарни партии. Не би сакал тоа да стане пракса во Република Македонија. Имаме Влада, имаме министерства;, имаме оние кои треба ние постојано да ги имаме во рамките на својата работа и под надзор во Собранието на Република Македонија, но немојте да се сложиме со залагање да тоа треба да го чинат партии- те во Република Македонија.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги. Знам дека сме на крајот на физичката издржливост после вака долга седница во која можеби се рекоа многу квалификации, а многу малку сработивме затоа што после ова доаѓаат и други точки од дневниот ред, се уште сме на првата точка, меѓутоа што е тоа е. Парламентарната демократија и парламентаризмот познава и вакви ситуации и вакви состојби. Се прашував дали да станам да дискутирам, или не. Меѓутоа на неколку наврати беше потенцирана една состојба, една ситуација во општината Битола која сакам малку вака да ја елаборирам, односно да разјаснам, затоа што на база на една ситуација која е наметната во градот се добива сосем погрешна слика, односно една претстава за

XVI/7.-

таканареченото коалицирање на Либералната партија и ВМРО од една страна и Социјалдемократскиот сојуз од друга страна, односно на овие три одборнички групи во составот на Општинското собрание. Мислам политичката пракса познава најразлични ситуации, еве конкретно и ова раскинување на коалицијата во Републичкиот парламент, односно отсуството на партиципација на Либералната партија во Владата е една од ситуациите кои ги познава таа политичка пракса затоа што ако во анатомијата на функционирањето, односно во анатомијата на политичкиот систем постојат неколку постулати, неколку принципи. Еден од тие принципи е системот на поделба на власта, потоа системот на парламентарно мнозинство. Посебно сакам овој принцип, или систем да го образложам. Нормално е да во текот на функционирањето, или работата на Парламентот тоа парламентарно мнозинство се менува, односно е битно да постои постојано присуство на такво парламентарно мнозинство за да можат на крајот на краиштата и одлуките на Парламентот да се донесуваат. Такво мнозинство се обезбедува или од страна на една партија, или од коалиција на две или повеќе политички партии кои партиципираат во Парламентот. И нормално до такво коалицирање ако тоа мнозинство не може да го обезбеди една политичка партија се прави, или пред самите избори, или после изборите, или во текот на самото функционирање на Парламентот и битно е тука да се знае дека навистина . во секој момент тоа мнозинство мора да го имаме. Таква една ситуација имаме еве и денес и не е ништо чудно овој Парламент да си продолжи со својата работа, со своето функционирање и во наредниот период односно до крајот на својот мандат. Само во оние ситуации кога мнозинството е доведено во прашање, само тогаш се поставува прашањето на распуштање на Парламент, односно пред тоа прашањето за доверба на Владата која го ужива, или не го ужива тоа мнозинство во Парламентот. И овде немаме една таква ситуација за да

навистина зборуваме за распуштање на самиот Парламент. Оваа малку да речам предисторија ја направив заради објаснување на ситуацијата во општината Битола, односно 'во Собранието на општината Битола, бидејќи тука не станува збор за класична коалиција. Имено, Социјалдемократскиот сојуз, односно одборничката група не партиципираше во власта да речам на општинско ниво, партиципираше со одреден број на одборници и тој период на такво не партиципираше постоеше еден релативно долг период од три години, с€ додека во Собранието, односно кај поодделни одборнички групи не созреа иде- јата дека треба да се прават промени затоа што и претседателот и потпретседателот кои беа од страна на ВМРО-ДПМНЕ, односно Либералната партија толку длабоко загазија во нечесни дејанија што навистина се поставуваше прашањето само кога ќе дојде до таква промена на тоа општинско раководство. Таква промена дојде нормално после тоа следува избори за Општинско собрание и сега се најде во една пат ситуација Општинското собрание затоа што ниту ВМРО, одборничката група ниту на ВМРО-ДПМНЕ, ниту одборничката група на Либералната партија не можеа да обезбедат заеднички јазик и мнозинство да се изврши тој избор на претседател и потпретседател.

**БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ:** (продолжение)

Во една таква ситуација, кога настана тотална блокада на Општинското собрание, во една таква ситуација кога заради таа блокада почнаа да се јавуваат сериозни проблеми во градот во сферата на она што е надлежност, Општинското собрание, нечистотија, нехигиена и тн.

**ТИТО ПЕТКОВСЛИ:**

Ве молам, дајте за одлуката г-дине Михаиловски .

**БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ:**

Социјал демократскиот сојуз односно одборничката група на Социјал демократскиот сојуз се согласи на еден вид соработка за излез од кризата во која општинското собрание и градот го доведоа одборничките групи на Либералната партија и на ВМРО ДПМНЕ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Листата на пријавените дискутанти е исцрпена.

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес по Предлогот на одлуката.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Како што напомнав, согласно член 83 став 3 од Уставот на РМ, Собранието се распушта ако за тоа се изјасни мнозинството од вкупниот број пратеници.

Предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

За Предлогот на одлуката гласаа 26 патеници.

Кој е против, молам?

58 пратеници се против.

Кој се воздржува од гласан»е, молам?

Еден пратеник се воздржува од гласаше.

Констатирам дека Собранието не ја донесе одлуката за распуштање на Собранието на РМ.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на заклучокот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласан>е.

Кој е за, молам да крене рака?

(некои пратеници прашуваат кој заклучок)

Ве молам, заклучокот што е предложен со одлуката за донесување на определен број закони.

(реакција во салата)

Ве молам, предлогот е сосема деловнички и легитимен и легален.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака.

24 пратеници гласаа за.

Кој е против?

58 пратеници се против.

Кој се воздржува од гласање?

Еден пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието не го донесе заклучокот.

Преминуваме на **Шеснаесеттата точка** - Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија на Собранието на Република Македонија за утврдување на текот и состојбата од истрагата што се води во врска со атентатот врз претседателот на Републиката г-дин Киро Глигоров.

XVII/3

Предлогот на одлуката, предлогот на Комисијата за прашан»а на изборите и именувањата за состав на Анкетната комисија и предлогот на 23-те пратеници од Пратеничката група на Либералната партија за изменување и дополнуваше на членот 3 од Предлогот на одлуката кој се однесува на составот на Анкетната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес по предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, ќе бидам сосема краток затоа што најверојатно сме на границата на издржливоста а и затоа што сметам дека образложението што ви е понудено во прилог на предлогот за формирање Анкетна комисија е доволно прецизен и јасен и дека нема потреба од дополнителна аргументација.

Денес се навршуваат точно 6 месеци од извршениот атентат врз претседателот на Републиката г-динот Киро Глигоров, чин кој како дрзок и опасен терористички акт беше да речам осуден од многу граѓани, односно која квалификација да се употреби од политичките партии во Македонија, здруженијата на граѓаните, од старешинствата на верските заедници и од бројни државници. За жал, иако поминаа шест месеци од тој акт, текот на истрагата што се води за откривање на наредбодавците, извршителите и соучесниците во овој брутален чин не даде скоро никакви резултати така што се уште не се создадени елементарни услови за отворање на судска постапка, како последица на што во широката јавност се шири уверување дека интензитетот на истрагата се намалува и дека ако таа се одвива со такво бавно темпо, нема да ги даде очекуваните резултати, што во секој случај битно влијае врз влошувањето на безбедносната состојба во РМ.

XVII/4

Собранието на РМ , на својата седница, одржана непосредно по атентатот на 5 октомври 1995 година донесе декларација со која го даде својот политички став и осуда по повод тој настан и во точката 6 од таа декларација се вели следното:

"Собранието на РМ очекува надлежните органи во РМ брзо и ефикасно да ја спроведат започнатата истрага, да ги откријат организаторите, наредбодавачите, и извршителите на овој гнасен чин. Ефикасноста во извршувањето на овие задачи ќе влијае на крајната стабилност и безбедност на Републиката и ќе биде доказ за цврстината и зрелоста на државата во спротивставувањето кон секакви обиди на тероризам":

За жал од теза што го кажав претходно е повеќе од евидентно дека, иако беа преземени разни акции од страна на надлежното министерство, правени фоторобoти, собирање песок по многу населби на Скопје, се уште немаме конкретни сознанија за тоа до каде е отиден текот на истрагата.

Поради тоа што сметаме дека се работи за многу важен акт кој битно влијае и врз вкупните односи во Републиката, затоа што РМ се наоѓа во многу деликатна фаза на развојот на демократските процеси, сметаме дека ние како највисок законодавен дом имаме право да ја знаеме вистинската состојба од текот и резултатите односно постапката на истрагата. Од тие причини еден дел од пратениците на Либералната партија предлагаат да се формира анкетна комисија која би имала за задача да го испита и утврди текот на истрагата по атентатот врз претседателот на Републиката г-дин Киро Глигоров. На тоа би ги додал уште следните работи кои сметам дека би требало да бидат во надлежност на Комисијата.

Имено, тогашниот министер за внатрешни работи, во времето кога се случи атентатот, во една своја изјава која е дадена на една од ПРЕС

конференциите одржани по тој повод, јавно призна дека надлежните државни органи не презеле доволно конкретни чекори и не успеале да се наметнат во конкретното спроведување на сите од- редби од одлуката која го третира проблемот на обезбедувањето на високите државни раководители, што на посреден начин значеше признавање за непреземеноста на сите потребни активности и мерки.

И другата работа, делот од интервјуто на претседател на Републиката г-дин Киро Глигоров во неговото прво обраќање до јавноста, во интервјуто што го даде за изданието на весникот "Нова Македонија" јасно кажа дека своевремено, далеку пред да се случи атентатот укажувал на заканите што му биле упатувани за загрозеноста на неговата лична сигурност.

Од тој аспект сметаме дека Комисијата што ќе биде формирана ќе треба да ги испита и овие елементи за да можат да се употребат и одредбите од Уставот на РМ каде што се вели дека наодите на анкетната комисија, односно извештајот кој ќе биде поднесев пред Собранието на РМ, треба да претставуваат доказ за евентуално утврдување на одговорност на носителите на одговорни државни функции во врска со не преземањето или несоодветно преземање на соодветни мерки.

Што се однесува до составот на анкетната комисија настана мало недоразбирање со Комисијата за изборите и именувањата, од тие причини вчера предлагачите ве информираа вас дека остануваат на предлогот на претседател на анкетна комисија да биде предложен и избран г-динот Стојан Андов и предложивме членови на комисијата, кој во одредена мерка е идентичен со предлогот на Комисијата за избор и именување. Остануваме на ставот денес да се расправа и одлучува по нашиот предлог. Сметаме дека Комисијата нема право на таков начин без присуство на пратеници од Либералната партија да го преиначува предлогот.

Исто така, сметаме дека во составот на анкетната комиси ја треба да влезат, ако можам така да се изразам, најеминентните членови на пратеничките групи застапени во Собранието на РМ.

Од тие причини за претседател на анкетната комисија го предлагаме г-динот Стојан Андов а за членови г-динот Љубомир Поповски и останатите Абдурахман Халити, да не ги набројувам сите, Томислав Стојановски, Фаик Абди, Рами Туда и Мирко Трипуновски од Социјалистичката партија, за да и на тој начин дадеме до знаење дека се работи за многу сериозна работа, многу сериозно прашаше кое треба ако се започне да се истера до крај, за да оваа анкетна комисија не ја доживее судбината на анкетните комисии кои за жал биле формирани во минатиот состав на Собранието, меѓутоа, или не започнале со работа или воопшто не ја довршиле работата до крај.

Очекувајќи ја вашата поддршка ви благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Само да ве потсетам дека за текстот на предлогот на одлуката ќе отворам посебна расправа.

Дали во општиот претрес уште некој бара збор?

Има збор г-динот Газменд Ајдарага.

Во претресот по текстот на предлогот на одлуката ќе разговараме и за составот на Комисијата.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, поучен од искуството во минатото односно искуството во овие шест години, ќе кажам веднаш на почетокот дена не поддржувам донесување на ваква одлука, затоа што делото што е сторено мислам дека не треба на овој начин да се открива и да се достават одредени податоци за да може да се расветли. Ние имаме доволно екипи, цело министерство, други судски органи кои можат тоа да го кажат, ако веќе се дојдени до одредени сознанија. Инаку, само ќе формираме комисија и ништо нема да

направиме. Ова го кажувам од искуство. Ниту го направивме за Радолишта, ниту за Дебар, ниту за Бит пазар, ниту за Куклиш односно за никаде не го направивме. Зошто вака да работиме? Уште 1се го лажеме народот? Ако вака правиме, го лажеме народот, само велиме дека нешто правиме, а ништо не правиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Звонко Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, граѓаните на Р , сите политички партии и здруженија на граѓани и странски државници беа еднодушни во оценката дека извршениот атентат на претседателот на Републиката е напад врз личноста на претседателот и напад врз суверенитетот и територијалниот интегритета, напад врз отпочинатите демократски процеси во Републиката и напад врз миројубивата политика што ја води РМ.

Мислам дека досега отсуствуваа поголеми и поорганизирани напори во насока на откривање на идентитетот на сторителите на атентатот, а ова секако има свое влијание и врз мислењето на граѓаните дека на овие простори не може безбедно да се живее.

Собранието на РМ како претставнички дом на граѓаните треба да има увид во состојбата од досегашниот тек на истрагата. Затоа, граѓаните преку своите претставници во Парламентот имаат право преку формирањето на една ваква комисија да знаат дали се преуемени сите мерки од страна на надлежните органи да се спречи атентатот, дали имало закани и најави за атентатот и дали претседателот укажувал на надлежните органи за овие најави и за овие закани.

Затоа, мислам дека треба да гласаме за основање на една ваква анкетна комисија, каде што ќе се утврди текот и состојбата од истрагата што се води во врска со атентатот. Бидејќи предлагачи за формирање на

една ваква комисија се пратениците од Либералната партија, сметам дека покрај учеството на свои претставници од сите политички партии во Парламентот, претседател на комисијата треба да биде член од Либералната партија и тоа претседателот на Либералната партија г-динот Андов.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Никола Г. Поповски.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе гласам за одлуката за основање на анкетна комисија. Иако немам директно овластвување, мислам дека и пратеничката група на СДСМ можам да кажам дека ја поддржува одлуката, со тоа што сакам да укажам на неколку моменти кои мислам дека ќе биде значајно да се кажат и од говорницата на ова Собрание и за тоа како ја замислуваме оваа комисија.

Прво, како што и самиот претседател на државата во едно од интервјуата после атентатот кажа дека атентатот не може да се оценува само како атентат врз личност и мислам дека таа оценка ниедна политичка структура или некој поединец во државата сериозно не ја отповргна, туку дека тоа на некој начин претставува атак врз РМ. Тоа е мошне деликатна ситуација и сите сме свесни според нивото на информации со кои располагаме и јавноста и Парламентот дека истрагата досега веројатно споро се одвива односно резултатите не носат доволно резултати.

Формирањето на ваква анкетна комисија лично го гледам во оваа насока.

XVIII/1

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:** (продолжение)

За да се изврши еден позитивен притисок врз органите кои ја вршат истрагата да може нешто , доколку е можно со ваква Анкетна комисија да се поттикне кон натамошниот тек на истрагата . Меѓутоа, и во таа насока ја поддржувам одлуката. Имам некое чувство, па би кажал од оваа говорница дури некаков страв, дека дел од образложението па сега се уверив, иако немав намера да станам да говорам, меѓутоа, сегашното изнесување на аргументацијата од двајцата пратеници на Либералната партија за мотивите зошто треба Анкетна комисија, мислам дека може да доведе до позиција Анкетната комисија не да се претвори во орган уставен, донесен, гласан од ова Собрание кое ќе врши позитивен притисок за добар тек на истрагата и информираност на Собранието, па и на јавноста до каде што се може. Туку може да се претвори во еден орган кој евентуално би почнал да ја ометува истрагата и да се претвори во орган кој ќе служи за некакви политички пресметки, а по повод атентатот. Мислам дека со тоа, гласајќи за одлуката ќе ја промашиме работата и предупредувам на фактот дека таквото образложение за потребата од носење одлука за Анкетна комисија треба евентуално да се повлече од нашата свест. Зошто тоа го мислам? Искажано е и во образложението дека слабото темпо на досегашната истрага влијае врз зголемување на нестабилноста и влошување на безбедносната состојба во државата.

Второ, Анкетната комисија треба да има "увид во состојбата од досегашниот тек на истрагата формирајќи ја оваа Анкетна комисија треба да изразат чувство на одговорност во расчистување на проблемите.

Или Комисијата треба да има задача и да утврди дали имало закани и најави, сега тоа се изрази повторно, за Атентатот и дали претседателот им укажувал на надлежните органи за овие закани и најави". Тоа е факт, претседателот Глигоров јавно кажа дека досегашната негова 4 или 5 годишна функција имал закани, писма, да не набројуваме што. Така што нема потреба сега Анкетната комисија врз основа на тоа да влече аргументација дека имало закана, ама еве некој не реагирал, па сега ќе ја бараме од него одговорноста итн., повторно ќе кажам имам чувство и страв дека ова може да вовлече во нови политички борби, а мислам дека токму овој чин не е мегдан каде што треба тоа да се случи. Еве имавме сега точка и ќе имаме по секој закон ние политички мегдан ние да си ги одмеруваме нашите аргументирани намери и сили.

Подржувајќи ја одлуката би сакал да укажам, мислам дека треба составот на Комисијата да го има предвид, на Анкетната комисија ваквото мое укажување.

Јас не поднесов амандман, меѓутоа, во член 1, ова го третирам господине претседателе во општата расправа, пошто не поднесов амандман, сакав како општо да укажам за одлуката. Во член 1 став 2, вели "Комисијата врз основа на наодите ќе изготви и на Собранието ќе му поднесе извештај со предлог на мерки". Јас не би се сложил Собранието да се вовлекува на некој начин со предлог мерки во дел од истражната или како се вика правнички сите постапки околу атентатот. Можеби предлог на заклучоци некакви да. И тоа зборот мерки е претежок за Парламентот, а по повод истрагата кои ја водат надлежни, судски и извршни органи на власта. Така што, мислам дека предлог мерки веќе е .нешто што ќе создаде друг однос меѓу Парламентот и извршната власт, па од друга страна и судската власт во која мислам дека не би требало

на таков начин да се вмешаме или можеби и директно залагаме.

На крајот, лично ја поддржувам Анкетната комисија да не се прави по паритет, туку тоа што е предложено, туку да се прави од секоја партија без разлика, од секоја пратеничка група без разлика на застапеноста подеднакво, значи, почнувајќи од оние кои имаат еден или два, па до оние кои имаат 59 на паритетна основа, на рамноправна основа.

Ја поддржувам определбата Комисијата да ја раководи и да биде претседател претставник на пратеничката група на Ј1П, заради фактот што истрагата е во моментот во органите на извршната власт, каде што една друга политичка групација дава доверба, каде што либералите не даваат доверба за нивната опозициона положба, овој пат мислам дека е подемократски тие да имаат претседател за да може тоа некако демократски да се вкрсти. Меѓутоа, не на таков начин на каков што мислам дека произлегува од самото образложение, оваа Анкетна комисија да ги врши своите работи. Се извинувам не зборувам за конкретните предлози, кои што се од страна на Комисијата и предлагачите за тоа во втората фаза.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За тоа, потоа.

Господин Хисен Рамадани има збор.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, јас исто така, сакам да ја примам. оваа иницијатива како резултат на едно наше

незадоволство од текот и условно да кажам резултатите од досегашната истрага за еден таков голем трагичен настан и за личноста, и за политиката и за општеството наше. Меѓутоа, сега ми се поставува праша&ето, дали можеби не сме ги малку да кажам работите така поставиле што некои тргнуваме од тоа да бараме сега едно тело пред Собранието да биде елементарно информирано за состојбите. Јас лично сум незадоволен што досега званично од Владата Собранието не е информирано за текот, резултатите, состојбите, проблемите во врска со истрагата. Јас не знам дали некое социјално тело во ова Собрание е информирано, но тоа не е доволно. Мислам дека со интерен материјал во најмала рака требаше Собранието да биде информирано превасходно, и пред се, не новинарите, а ние никогаш. Мислев дека предлагачите ќе бараат еден редослед кој има една логика.

Прво, со еден опстоен материјал Собранието да се информира за тоа што реков за текот, состојбата и проблемите со истрагата. А потоа врз база на тој извештај ние да ја информираме таа Анкетна комисија со која веќе во Извештајот би имале елементи да кажеме и што ќе работи. Оти сега во тоа наше кошкање, дали сме ги погодиле сите работи со Анкетната комисија и што е нејзина задача е недостаток на тоа што ние немаме основни елементарни информации за состојбата движењата, проблемите.

Предлагам јас ја прифаќам идејата за формирање на Анкетна комисија. Прифаќам тоа да биде од најодговорните луѓе во пратеничките групи и тоа од сите овде, но, подвлекувам, од најодговорните. Не примам и не би ја прифатил формално формирање на едно тело, туку одговорните луѓе кои што имаат и влијание за да вршат притисок да ги бараат сите елементи што ќе им требаат. Но, пред тоа би било подобно паралелно со одлуката за донесување за формирање на Комисијата ние

да побараме од Владата, односно преку Влада од соодветниот орган детален извештај за самата состојба, да би знаела тогаш и самата комисија но и ние што да бараме од Комисијата. За што ние ќе се доведеме во состојба пак Собранието да го изолираме со самата Анкетна комисија, од самиот процес и состојбите. Оти таа ќе комуницира и со органот и со Владата, а ние како Собрание , пак ќе бидеме настрана. Јас сакам како пратеник и како лично заинтересиран сакам да сум во одредена смисла во тек. Мислам не како претставник не знам на кого, туку мислам како одговорно лице во ова Собрание.

Значи, предлагам паралелно со тоа да се бара и извештај од Владата, односно од Органот за внатрешни работи во Комисијата да влезат може, како што се рече сите паритетно, мислам дека тоа е битно, но нај битно е и најодговорните луѓе во Собранието да бидат внатре.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Г-динот Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Еве јас само кратко, мислам дека одлуката што е предложена има, пред се цел да посочи за евентуалната одговорност на надлежните носители и органи за целиот овој случај во врска со атентатот. Значи, јас ја разбирам токму спротивната цел на одлуката од она што го извлече г-дин Никола Поповски. Инаку, ако не е ова целта на формирање на оваа комисија, тогаш таа комисија воопшто и не треба да се формира. Во таа смисла јас ја поддржувам и ќе гласам за оваа одлука.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Крстевски.

XVIII/6.-

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, нормално како потписник на иницијативата за формирање на Анкетна комисија ја поддржувам истата и сметам дека на база на јавно искажаната спремност на сите политички фактори во Парламентот што е можно повеќе да се осветлат аспектите од истрагата дека во тој правец ја водиме и целокупната активност и не би сакал во тоа да се прифати друг терк.

Излегов со една молба до вас како пратеници, бидејќи пратеникот Никола Поповски го кажа токму она што во создавањето на меѓусебната доверба помеѓу пратениците кои се во опозиција и оние кои се на власт треба да постои. Иницијативата легитимно и легално е покрената од опозицијата, би ве замолил да го почитувате фактот што ние дадовме иницијатива да за претседател на таа Комисија биде во својство на пратеник, се разбира, претседателот на опозицијата односно Стојан Андов. Со сиот респект и благодарност на комисијата за што ете нашла засходно и мене да ме предложи за претседател на истата комисија и мислам дека тоа би било на обострано задоволство, да кажам, да ја завршиме оваа точка и истовремено извинувајќи се и на претседателот Глигоров и на неговото семејство што по повод оваа расправа повторно ги потсеќаме на еден немил настан кој сите нас не потресе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

XVIII/7.-

Ве известувам дека претресот по текстот го опфаќа и претресот по предлозите за кандидати кои се дел од оваа одлука.

Молам, кој бара збор?

Г-дин Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Видете, јас мислам дека во делот на посебната расправа во врска со предлогот на претседателството, г-дине претседателе, почитувани пратеници, лично сметам дека не се дозволени амандмани на одредбите од одлуката во врска со состав, со персоналниот состав на Анкетната комисија, а тоа на некој начин и самите предлагачи го признаваат во своите предлози. Јас не знам од каде претседателството сега дозволува амандмани во врска со

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не г-дине Стојановски, не станува збор за амандмани. Станува збор за предлог потпишан од толкав број на пратеници. На кандидатурата за составот на комисијата.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Во секој случај тоа е исто така амандман.

Т**ИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тие го предложија за да влезе во собраниска процедура.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Комисијата за избори и именување на седницата што ја имаше го почитуваше , прво, предлогот на предлагачите за состав на комисијата. Предлагачите првичниот состав го имаа следен, комисијата да биде составена од 6 членови и еден претседател. Од кои претседател и еден член да бидат од Либералната партија.

XVIII/8.-

Комисијата за избори и именување во расправата што ја водеше на седницата единствена измена што направи е тоа што сметаше дека сите пратенички групи во Собранието треба да бидат застапени со по еден член. Исто така, до крај го испочитува предлогот на предлагачот, на пратеничката група на ЛП, за претседател на Комисијата да биде од нивни редови. Единствено не го прифати кандидатот што тие го предлагаа, а тоа е г-динот пратеник Стојан Андов. Од причини што на некој начин беа изнесени во јавноста, а јас ќе ги повторам и овде. Самиот предлагач и уставните можности, деловничките што предвидуваат формирање на анкетна комисија, од причините кои ги бара за формирање на Анкетна комисија и наодите што треба таа Анкетна комисија евентуално да ги утврди и евентуално кои можат да послужат за одговорност за поведување на одговорност, за поведување на расправа на носителите на јавни функции, кои не си ја извршиле до крај работата, евентуално во тој дел како што треба, го утврди следното. Општо е познато дека предложениот пратеник г-динот Стојан Андов после атентатот од 3 октомври врз претседателот на државата, на 5 октомври согласно уставните одредби ја презеде функцијата на заменик на претседателот на државата на РМ. И согласно уставните одредби тој не гласаше во ова Собрание и целосно ги презеде уставните надлежности што ги имаше , што ги има претседателот на РМ согласно Уставот. Значи, со самиот тој факт на 5 октомври тој стана дел од извршната власт. И тоа на онаа извршна власт која е највисока во делот на безбедноста во РМ, каде што со други одредби од Уставот раководи со Советот за безбедност, Советот за народна одбрана итн. И таа функција по наоѓање на Ј1П, пошто имаше и јавно соопштение за тоа ја вршеше до 17 јануари оваа година, за што има и стенограми од .седница,- каде што самиот претседател кажа дека претседателот на

XVIII/9.-

Републиката е поканет на седницата на Собранието од 17 јануари во ова Собрание и со самиот тој факт тој кажа дека тој ги презел сите функции во вршење на претседателската функција. Тоа значи цели 3 месеци веднаш после атентатот во оној најкритичен момент, кога се многу битни сознанијата во врска со прибирање на материјални докази за истрагата, г-динот пратеник кој се предлага од страна на предлагачот ја вршел функцијата , таа извршна функција и би било коректно од самиот предлагач тој предлог да го повлече. И самиот да предложат некој друг кандидат. Водејќи се од тие мотиви Комисијата за избори и именување, да не евентуално се стави хипотека претходна на работата на анкетната комисија, за претседател го предложи пратеникот Зоран Крстевски, кој исто така беше легитимно предложен од самите предлагачи. Не од тоа што ние сме му укажале чест. Ние само му го испочитавме предлогот на предлагачот на пратеничката група на Ј1П. Втор именуван човек кој што беше од ЛП, тоа беше г-динот Зоран Крстевски. Едногласно тоа Комисијата го уважи. Го уважи и го имате предлогот што го имате со следниот состав: Зоран Крстевски, Алил Џаферовски, Назми Маличи, Мирко Трипуновски, Зеќир Кадриу, Фаик Абди и Томислав Стојановски.

XIX/1. РД/ЉР

**НАЌЕ ГАНОВСКИ:** (продолжение)

Значи да резинирам. Прво се изјаснивме во делот да учествуваат сите пратенички групи без разлика од нивната бројност во Собранието, а второ одевме на персонален состав и тоа почитувајќи ги предлозите на пратеничките групи кој сами ги предложија одре кандидати кои беа присутни на седницата. Во однос на манициите дека тоа е направено во отсуство на членови на Либералната партија на Комисијата за избори и именување и тоа не е точно тоа што дневниот ред беше претходно утврден и тоа беа само точки, значи не можеше да стане забуна. Прва точка беше разгледување на Предлогот за апелационите судови и второ, персоналниот состав на Анкетната комисија. Еден плен беше присутен на седницата, но по завршувањето на првата точка ја напушти седницата моја интервенција зошто ја напушти седницата тој рече дека станува Собранието и дека мора да е присутен за дневниот ред. Иако се интересиравме подоцна дека седницата на Собранието нема заседаваше Парламентарната група за утврдување на членови на Парламентарната унија и точно е дека при персоналниот состав, при донесувањето не беше присутен. Но не е точно дека едниот член биле тесно забиени, еден, член напушти додека за другите членови јас нам зошто едниот член не доаѓа редовно со еден или два исклучоци од 25 седници на Собрание, а другиот член после седницата дојде канцеларијата и ми рече дека не бил информиран за седницата со накнадно утврдив дека сите членови на комисијата се пока уредно со телеграма има потпис дека е примена телеграмата за седницата и самиот пратеник бил тука претходната вечер. Мислам мораа да го кажам затоа што излегува манипулации во јавноста дека овој свесно прави во отсуство на предлагачите нешто со посебно некои намери.

XIX/2.-

Причините беа тие. Лично сметам дека и самите предлагачи треба да го испочитуваат тој факт, што јас не би сакал да верувам ако постојат некои посебни причини што некој ќе создаде некои алиби со самото членство или претседателствување на оваа Комисија. Во сите цивилизациски земји, бидејќи видете, ќе дојде целокупната извршна власт ако Комисијата работи. Може да биде повикан во својство на сведок, може да биде повикан во својство да даде изјава за времето на вршење функцијата претседател на државата пратеникот Стојан Андов држеше неколку седници и со Советот за безбедност. Во јавноста беше објавена таква информација. Согласно уставните одредби Врховен командант на Вооружените сили на РМ. Посебните односи со другите органи за безбедност што ги има претседатаелот на државата во тој период иако овој Парламент, мислам и самите предлагачи сметаат дека и покрај овие факти претседател на таа Анкетна комисија треба да биде тој пратеник. Јас не знам, тогаш значи немаат периоден пристап и према ова прашање.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Мислам дека позицијата на г-динот Стојан Андов за време на немилите настани околу атентатот, самата негова улога после атентатот е само причина повеќе и неговата позиција во тоа време е само причина повеќе Стојан Андов да биде претседател на таа Комисија. Тоа е аргумент повеќе и тоа од неколку причини. Меѓутоа, апсолутно не се согласувам со г-динот НаЈсе Стојановски во тој поглед а сакам да кажам дека тоа ќе придонесе да се утврдат како што рече г-динот Руфи Османи, одговорноста на поединците и групите кои не доследно, или непрофесионално си ја обавувале својата должност, а воедно и како што рече г-динот Никола Поповски таа Комисија да не направи притисок, туку

да ја мотивира полицијата да го забрза текот на истрагата и откривањето на сторителот, под претпоставката сторителите. Према тоа, самата позиција на г-динот Стојан Андов е предност во однос на формирање на таа Комисија и јас мислам дека треба да се поддржи тоа. Многу ми е мило што од говорницата од десната страна, од страната на СДС и од други пратеници од други политички партии, беше искажано желбата дека ќе ја поддржат оваа иницијатива за формирање и работа на оваа Комисија

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Делумно го прифаќам излагањето на претседателот на Комисијата за именување г-динот Стојановски, само во делот каде што даде извештај дека потребно било претставник на предлагачот да биде присутен на Комисијата за именување, односно поддржување на предложениот список, односно иницијатива за формирање на Комисија, меѓутоа, очигледно дека Комисијата пред се расправала во отсуство на предлагачот, значи членовите на таа Комисија од Либералната партија, тоа е едно, второ, списокот што е предложен од страна на нашата партија не е прифатен, што значи направена е измена не само на предлог за претседател на Комисијата, туку и во составот на самата Комисија, имено наместо г-динот Љубомир Поповски, предложен е г-динот Џафероски, што значи дека суштински иницијативата е променета и се истапува со нешто ново кое како спис како приложена група, како анкетна комисија треба да пристапи кон својата работа. Инаку, да ја искористам оваа прилика дека оваа Анкетна ко- мисија треба да се сфати како пандан на постоечката Анкетна комисија што постои во Парламентот, ниту се сосема други ингеренции од аспект на испитување на еден чин кој го знаеме каков е и кој досега немавме никакви апсолутни информации во јавноста, ниту ние како членови на

Парламентот и основна задача на оваа Анкетна комисија е во својот извештај јавно да каже кој е одговорен, кој стои позади овој атентат, кои се тие инспиратори, организатори и извршители на атентатот иако биде потребно за повика на одговорност на одредени функционери бивши и сегашни кои во тоа време работеле во Министерството за внатрешни работи и кои биле одговорни за безбедноста на претседателот.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Ги слушнавме образложенијата и потребата за формирање• на оваа Комисија и факт е дека потребата е неоспорна.

Од излагањето на претседателот на Комисијата за избори и именување, јас стекнав впечаток дека врз основа на образложението што го даде претседателот и мотивот што ја водело Комисијата да го даде Предлогот на кандидати, со исклучување на г-динот Стојан Андов како претседател на Комисијата, од следниве причини: значи ли дека ако г-динот Стојан Андов биде избран за претседател на Комисијата ќе мора како претседател во работа на Анкетната комисија да ја утврдува евентуално и својата одговорност во вршењето на извршната власт како вршител на должноста претседател на Државата, од аспектот што беше наведен дека раководел во исто време со Комисијата за народна одбрана и Комисијата за безбедност, која што секако имала надлежност и влијание во интензивирањето на истрагата. тоа за мене е главната работа и мислам дека тоа не е целта на предлогот и апсурдно човекот навистина, да го доведуваме во таква ситуација. Би му направиле лоша услуга. Затоа, ако навистина е целта формирање на Комисија, најобјективно е предлогот за претседател да се измени а тоа сепак да

биде член на предлагачот, без оглед на тоа дали Зоран Крстевски, или друг има желба да ја врши таа функција.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Очигледно се работи за одредено недоразбирање, според Деловникот за работа на Собранието на РМ, најмалку 10 пратеници имаат легитимно право да предложат состав на Анкетната комисија, како што тоа право го има и Комисијата за прашањата на изборите именувањата. Дали мораше Комисијата за избори и именувања да го утврдува овој предлог или не, тоа е една работа, меѓутоа фактите зборуваат, без разлика на тоа што го зборуваше г-динот Стојановски, јас не сакам да влегувам во полемика со него, јас сум тој член на Комисијата што ја напушти седницата, меѓутоа, ја напуштив седницата, јавно кажувајќи има сведоци тука од Стручната служба и од Комисијата, велејќи дека звонето е за седница и морам да се симнам, затоа што како координатор на пратеаничката група треба да интервенирам за некои работи уште при усвојувањето на дневниот ред. Дури бев замолен од претседателот на Комисијата да го известам претседателот на Собранието дека Комисијата ќе продолжи со работа, што јас го сторив потребно преку еден човек од Стручната служба, така да ве замолувам да не се служиме со манипулации и на пратениците и на јавноста, а сосема друга работа е зошто останатите пратеници не дојдоа на закажаната седница на Комисијата, затоа што Комисијата беше закажана неколку дена откако претседателот на Собранието не извести сите нас дека таа точка се уврстува во дневниот ред на оваа седница. Телеграмите беа испратени во денот кога сите пратеници беа во Скопје, затоа што имавме седница на пратеничката група и лично јас поканата ја добив на својата работна маса, затоа што претходниот ден не бев отиден дома и не ја добив телеграмата. Слична ја состојбата и со Слободан Најдовски и со Зоран Крстевски.

XIX/6.-

Тоа е вистината, во врска со работата на Комисијата за избор и именување.

Што се однесува до конкретниот предлог, јас мислам дека овде се прави напор, свесно некои работи да се заобиколат, или свесно се мешаат баби и жаби, мислам дека предлогот г-динот Стојан Андов да биде избран за раководител на оваа Анкетна комисија, токму поради функциите што во тоа време ги вршеше, треба да биде поен плус што ќе гарантира дека ќе се заврши работата поавторитетно и онака како што навистина доликува, а не дека тоа треба да биде хендикеп, затоа што не знам од каде ги трпите тие изворни надлежности или информации дека вршителот на должноста претседателот на Републиката има било какви уставни, или законски надлежности за да се меша на надлежните државни органи кои според Законот се задолжени да ја водат истрагата во врска со атентатот на претседателот на Државата, затоа што беа спомнувани Советот за одбрана, безбедност, тие се сепак советодавни тела и имаат изворни надлежности во друг смисол, за територијалниот интегритет и суверенитетот на земјата. Овде се работи за водење на една конкретна истрага. Еве сега претседателот на Републиката се врати, ги извршува своите функции, дали тоа значи дека во тој период наваму не се водат работите како што треба. Мислам да не ги превртуваме работите и аргументите, да разговараме многу искрено, многу лесно, затоа што се работи за работа што треба да ги разоткрие работите во врска со еден значаен терористички акт, што не беше само насочен против актуелниот шев на Државата, туку и против суверенитетот и интегритетот на Република Македонија. И тука да нема забуни на она што го кажа г-динот Никола Поповски, јас во вториот дел што го кажав и она што го потврди г-динот Руфи Османи, само употребував членови, односно одредби од Уставот на Република Македонија, каде што во членот 76, став 2 се вели дека Собранието

може да основа анкетни комисии, за сите области и за секое прашање од јавен интерес, а последниот став од истиот член на Уставот вели дека наодите на анкетните комисии се основа за поведување постапка за утврдување на одговорноста на носителите на јавните функции. Камо среќа да нема таква одговорност, таа Комисија не ќе мора во својот извештај да нуди такви решенија. Меѓутоа, една од целите на формирање на таква комисија е да се расветлат сите работи, евентуално ако се констатираат такви попусти и слабости, да се предложат такви сугестии и мерки. Значи не е ништо со задни намери, туку е само цитира&е на одредби од актуелниот Устав на Република Македонија.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не измислувам ништо, јас го читам Уставот и така се обидовме. Првата работа е, можеме да го занемариме фактот дека претседателот на Републиката, заменикот на претседателот на Републиката ја извршувал извршната функција во овој период, што не е во ред Како претседател на Собрание, согласно член 86 во ставот 2 вели: "Советот за безбедност на Републиката го сочинуваат претседателот на Републиката, претседателот на Собранието, претседателот на Владата, министрите кој раководат со органите на државната управа во областа на безбедноста, одбраната, надворешните работи и тројца членови кои ги именува претседателот на Републиката

Ставот 3 вели: "Советот ги разгледува прашањата сврзани со безбедноста и одбраната на Републиката и дава предлози на Собранието и Владата".

Ве молам, од каде право сите овие другите, претходно Собранието може да ги стави под лупа, согласно Анкетната комисија, само еден од нив да биде амнестиран претходно од Собранието, со тоа што ќе биде

избран за претседател, или евентуално член на Комисијата.

Втората работа, Ве молам немојте во никаков контекст да го поврзувате вршењето на заменичката функција на претседателот на Републиката со актуелниот претседател на Републиката Г-динот Киро Глигоров. Сега не навлегуваме подлабоко , но мора да направме дистинкција,врз претседателот на Републиката Г-динот Киро Глигоров е извршен атентат, а не врз заменикот претседател на Републиката.

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:**

За среќа г-динот Стојановски кажа, можеби и подобро, од она што јас сакам да го кажам истото. Формирањето на Анкетната комисија на чело со г-динот пратеник Стојан Андов автоматски прејудицира од страна на Собранието дека во тој момент извршната власт од најмалиот до најголемиот запчаник, ја ставаме под нерамноправен третман од аспект на Анкетната комисија, зашто Анкетната комисија што ја предлагате вели: "утврдување на текот и состојбите од истрагата". Истрагата се вршеше и во текот на тие три месеци 6 дена, додека г-динот Андов, да се служиме со прецизни термини, го заменуваше претседателот, а не ја вршеше должноста претседател. Тоа се две различни уставни категории. Значи ние не можеме во текот на тие три месеци со самиот кадровски состав на Комисијата да укажеме дека еден од запчаниците на извршната власт во тој момент нема да биде предмет на утврдување на тек и состојба од истрага, од причините што ги наведе г-динот Стојановски. Органот со кој тој раководеше е инволвиран во текот и состојбите од истрагата. За тоа држеше три седници Советот за безбедност , под негово раководство, под негов дневен ред, со негови барања за информации итн.

XIX/9.-

Логично е дека Собранието со ова ништо не сака да укаже. Меѓутоа, сака да заземе принципиелен став, затоа што таквото продолжување на настаните може да оди сега и во другите извршни органи во тој момент, кон Владата, кон министрите и подолу. Како ќе утврдиме каде е крајот? Јас се согласувам со г-динот Станковски, апсолутно се согласувг1м лично, дека улогата на претседателот Андов беше таква, вршејќи ја должноста, вршеше и стабилизација функција. Меѓутоа дали со тоа сега оценуваме дека премиерот не извршува стабилизаторска улога. Дали министерот за внатрешни не извршувал, дали министерот за одбрана не извршувал. Издвојувањето негово ги става во нерамноправна другите битни чинители на безбедноста на државата во тој момент, дека евентуално тие ќе бидат предмет на состојби и истраги итн. Затоа мислам дека принципиелно, иако јас со г-динот Стојан Андов политички во некој работи не се согласувам, за оваа работа немам забелешки, меѓутоа, мислам принципиелно не треба да биде член, а уште помалку претседател на Анкетната комисија.

Во врска со претходното на што г-динот Коцевски укажува на уставниот член, мое длабоко уверуваме е дека иако вие не мора да го прифатите и Парламентот воопшто, дека одговорноста за атентатот јасно се лоцира од аспект на ова Собрание. Ова Собрание утврдува само политичка одговорност. Ова Собрание не утврдува стручна одговорност. Оставката, понудената, прецизно да разговараме,понудената оставка од страна на г-динот Фрчковски, јасно ја лоцира одговорноста за атентатот. Таа јавно беше. Тој на превзема врз себе. За нас е таа битна. Фактот што г-динот премиер не му ја уважи, укажува дека премиерот во тој момент ја префрли одговорноста од сопствениот министер врз себе. Како Собранието понатаму одлучува во

врска со тие прашања, е работа на ова Собрание. Одлучувавме за влада итн. Политичката одговорност тука за утврдува. Инаку, ако сега се впуштаме во стручни одговорности на лица кои не ги избира, мислам дека прави погрешен потез.

ХХ/1/СП/лј

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Коцевски бара реплика.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Јас би ве замолил за пауза од 15 минути за да дополнително се консултираме околу овие најнови моменти.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пауза од 15 минути, продолжуваме во 18,45 часот.

(Пауза од 18,30 до 19,05 часот)

Продолжуваме со работа. Има збор г-динот Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници Парламентарната група на Либералната партија се консултираше меѓу себе и извлече еден општ заклучок дека не добронамерно е сфатена нашата иницијатива, дека дел од дискусијата оди во правец свесно на дискредитација на лидерот на Либералната партија и отстапува од основното начело овде во Парламентот на сите пратеници да им бидат достапни сите изборни функции.

Второ, сметаме дека е ова добар обид на база од некои парламентарни искуства за прашања кои сите еднодушно сакаме да се решат иницијатива кога ќе поднесе опозицијата да биде прифатена со респект и на начин кој овде го утврдивме без разлика на бројот на пратениците и составот на групите односно припадноста дали се во позиција или опозиција. Тоа право како пратеничка група да изнесеме свој предлог практично низ оваа расправа ни се оспорува и ние одлучивме да ја повлечеме оваа одлука која ја поднесовме со тоа оставаме Ви оставаме простор на начин и постапка на која Вие мислите дека треба да го решавате случајот, да го решавате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Процедурално г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници мислам дека предлогот на Пратеничката група на Либералната партија за да се повлече предлог одлуката за основање на анкетна комисија за утврдување на текот, да да господа ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Рековте процедурално.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Процедурално е несериозен и јас предлагам на една од наредните седници нашата пратеничка група да поднесе. Инаку, според тоа се ова што денес се случуваше мислам дека овие бараа само да биде Стојан Андов претседател, друго ништо.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Преминуваме на **17-та точка** од дневниот ред.

Предлог на одлука за огласување именување на јавен обвинител на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес,

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување именување на јавен обвинител на Република Македонија.

XX/3.-

Преминуваме на **<u>18-та точка</u>** од дневниот ред.

<u>Предлог на одлука за даваше согласност на Статутот на Јавната здравствена организација стоматолошки клинички центар Скопје.</u>

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Стоматолошки клинички центар - Скопје.

Преминуваме на **<u>19-та точка</u>** од дневникот ред.

<u>Предлог на одлука за дава&е согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Завод за физикална медицина и рехабилитација Ц.О. - Скопје.</u>

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање

согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Завод за физикална медицина и рехабилитација Ц.О. Скопје.

Преминуваме на **20-та точка** од дневниот ред.

Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствена станица на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за здравство и Законодавно - правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62 пратеника)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствена станица на Универзитетот"Св. Кирил и Методиј" - Скопје.

Бидејќи ни остана како последна точка од дневниот ред Поставување на пратенички прашања, очигледно сега не сме во состојба да поминеме на таа точка, предлагам ова да биде прва точка на наредната седница.

(Седницата заврши со работа во 19,10 часот. )